Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет – Институт за педагогија
Постдипломски студии по педагошки науки

# ***<u>МАГИСТЕРСКИ ТРУД</u>***

на тема:

*„Работата на педагогот во алтернативната заштита на деца без родители и родителска грижа – искуства од СОС Детско село Македонија“*

Ментор:
Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева

Кандидат:
Габриела Милановска

март, 2012

# Содржина

Вовед........................................................................................................1
Прв дел -теоретски пристап кон проблемот на истражување
1. Современите предизвици на семејното воспитание.......................................6
1.1. Општи карактеристики на семејството........................................................6
1.2. Функции на семејството.................................................................................7
1.3. Односите во семејството и семејното воспитание.......................................9
1.4. Нарушување на односите во современото семејство.................................12
1.5. Карактеристиките на семејството во Македонија......................................17
1.6. Законска регулатива врз која се базира функцијата на семејството.........19
2. Форми на заштита на деца без родители и родителска грижа......................21
2.1. Институционално згрижување.....................................................................22
2.2. Вонинституционално згрижување...............................................................26
3. Алтернативна заштита на деца без родители и родителска грижа..............27
3.1. Превенција на потребата за алтернативна заштита....................................27
3.2. Форми на алтернативна заштита..................................................................31
3.3. Искуства од светот во однос на алтернативната заштита..........................35
II СОС Детско село – појава, развој, организациска поставеност.....................40
1. Херман Гмајнер и појавата на СОС Детско село.............................................40
1.1. Историски преглед на развојот на СОС Детските села...............................42
2. Организациска структура на меѓународното СОС Детско село.....................44
3. Концептот на СОС Детско село..........................................................................45
3.1. Принципи на СОС Детско село.......................................................................47
4. Мисија на СОС Детско село.................................................................................48
4.1. Зајакнување на семејството.............................................................................49
4.2. Образование и стручно оспособување на децата.........................................50
4.3. Застапување на правата на децата..................................................................53
5. Професија: СОС мајка...........................................................................................55
6. Профил на деца кои се згрижуваат......................................................................58
7. Работа на партнерство со биолошкото семејство...............................................61
8. Краток преглед на СОС Детско село во неколку земји со најдолга традиција............62

8.1. СОС Детското село во Имст, Австрија.....62
8.1.1. Марија Вебер-една од првите СОС мајки во Австрија.....64
8.2. СОС Детското село во Полска-источен пионер.....65
8.3. СОС Детско село Бангалор, Индија.....67
8.4. СОС Детското село во Австралија.....68
8.5. СОС Детското село во САД.....69
III СОС Детското село во Македонија.....71
1. Појава на СОС Детското село во Македонија.....71
2. Визија на СОС Детското село во Македонија.....73
3. Вредности на СОС Детското село во Македонија.....74
4. Стандарди на СОС Детското село.....75
5. Дејноста на СОС Детското село Македонија.....77
5.1. СОС Детското село Скопје.....81
5.1.1. Организација на работата на СОС Детското село Скопје.....82
5.1.2. Одговорности на СОС Детското село.....86
5.1.3. Прием на деца и избор на семејство според потребите на децата.....88
5.1.4. Улогата на СОС мајката.....90
5.1.5. СОС тетка и СОС семејна помошничка.....93
5.1.6. Соработници за развој на децата.....94
Втор дел - Методологија на истражувањето
1. Предмет на истражувањето.....100
2. Дефинирање на поимите.....100
3. Цел и карактер на истражувањето.....103
4. Задачи на истражувањето.....104
5. Варијабли на истражувањето.....105
6. Методи, техники и инструменти на истражување.....105
7. Примерок на истражување.....107
Трет дел – Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето.....109
1. Анализа на податоците од протоколот за интервју на педагозите.....112
1.1. Подрачја на работа на педагозите..... 113
1.2. Педагошка дејност согласно индивидуалните потреби на децата.....115
1.3. Соработката на педагогот со СОС мајките.....116
1.4. Соработката на педагогот со децата.....118

1.5. Училишните проблеми на децата и улогата на педагогот....................................120

1.6. Проблемите на учениците надвор од училиштето и улогата на педагогот..........123

1.7. Слободното време на децата и улогата на педагогот............................................125

1.8. Воннаставните активности на децата и улогата на педагогот.............................127

1.9. Самопроценка на сопствената работа и евентуални промени..............................129

2. Анализа на податоците од протоколот за интервју на СОС мајките.........................130

2.1. Достапност на педагогот за соработка...................................................................132

2.2. Училишните проблеми на децата и улогата на педагогот....................................135

2.3. Проблемите на децата надвор од училиштето и улогата на педагогот................139

2.4. Слободното време на децата и улогата на педагогот............................................145

2.5. Вклученоста на децата во вонаставните активности и улогата на педагогот...149

2.6. Поддршката на СОС мајките од страна на педагогот............................................151

3. Анализа на податоците од протоколот за интервју на децата....................................153

3.1. Достапноста на педагогот за децата........................................................................154

3.2. Училишните проблеми на децата и улогата на педагогот....................................156

3.3. Проблемите на децата надвор од училиште и улогата на педагогот...................159

3.4. Слободното време на децата и улогата на педагогот............................................160

3.5. Вонаставните активности на децата и улогата на педагогот..............................163

4. Анализа на податоците од протоколот за систематско набљудување........................164

Заклучни согледувања..........................................................................................................169

Прилози...................................................................................................................................178

Користена литература..........................................................................................................190

# Вовед

Од животот на еден возрасен човек можеме да откриеме какво му било детството. Детството како развоен период е многу важно, без разлика дали како поттик или како пречка во понатамошниот живот. Како основа за нашиот иден развој можат да бидат загубата и болката или љубовта и почитувањето.

И покрај тоа што знаеме дека детството е решавачки период, децата се уште се игнорирани, манипулирани, малтретирани и напуштени. Посебни тешкотии во воспитувањето на младата индивидуа настапува ако детето ги изгуби двата родители или поради некои други причини биде сместено во некоја детска установа или организација.

Повеќе од сигурно е дека семејството е најдоброто место за физички и духовен развој на детето, место каде целосно ќе можат да го уживаат своето детство, но и каде ќе се подготвуваат за иднината согласно со своите потенцијали. За жал, денес е во постојан пораст бројот на децата кои се напуштени, запоставени, злоупотребувани, односно децата на кои нивните родители од најразлични причини не можат да им ја овозможат родителската грижа.

Во светот денес постојат најразлични форми на заштита на децата кои не ја добиваат потребната грижа од семејството. Како алтернативни форми, во зависност од степенот на развој на државата во која функционираат, некои помалку, некои повеќе успешно, се трудат на гореспоменатите категории на деца барем приближно да им ги обезбедат оние услови кои ним, им се потребни за нормален живот.

Навистина е тешка, но истовремено и многу благородна задача за една организација да се труди да го врати мирот во животот на напуштените, очајните и духовно и физички траумaтизираните деца, да се охрабрат во кризни периоди, да им се даде поддршка, да се поведат на патот од детството кон зрелоста.

Влијанието на детството врз возрасните важи и за СОС Детските села како организација која битно се разликува од сите други организации и форми за згрижување на децата без родители и родителска грижа. Со основната девиза *„Топол дом и грижа за секое дете“*, СОС Детското село во Скопје е единствената организација од ваков вид која успешно функционира на нашата територија веќе десетина години. Станува збор за независна невладина организација за социјален

развој. СОС Детското село дава поддршка на сите деца во ризик, особено на оние кои немаат родители и родителска грижа и оние чии семејства живеат во тешки услови. Во реализацијата на поставените цели и задачи исклучително значајна и голема улога има целиот стручен педагошко-психолошки тим.

Она што ќе биде предмет на наш интерес е работата на педагогот во оваа организација, како алтернативна форма на згрижување на децата без родителска грижа, поточно кои се неговите дневни активности и обврски, како ја планира својата работа, по која програма работи и како тој преку сопствената работа, но и преку неговата соработка со останатите членови на стручниот тим, со директорот, но и со главните актери во оваа приказна-децата кои се згрижени и нивните СОС мајки, придонесува не само за подобар престој на децата, туку и за животот воопшто во оваа организација и нивен постојан напредок.

Мотивите за актуелизација на проблемот кој е предмет на ова истражување се резултат на фактот што истиот речиси и воопшто не е истражуван, односно не постои релевантно истражување во однос на било кој сегмент од алтернативната заштита, а уште помалку во однос на СОС Детското село. Постепеното напуштање на институционалното згрижување на децата без родители и родителска грижа и тенденцијата тоа да се замени со алтернативна форма на згрижување, иницира разработка на ова прашање, кое ќе ни овозможи подобро согледување на состојбата, односно како педагогот со сопствената работа и активности придонесува за подобро функционирање на СОС Детското село, како форма на алтернативна заштита.

Актуелноста на овој проблем, особено во држава како нашата, која битно се разликува од сите останати, каде алтернативната грижа, а со самото тоа и работата на педагогот во неа, има сигурно подолга традиција, воопшто не е спорна.

Да се работи на било која тема која не е истражувана, а нејзината актуелност е евидентна, претставува секако, значаен предизвик за секој млад човек.

Текот на самото истражување беше детерминирано од нашата поставена цел и задачи, а во согласност со тоа е направена и структурата на овој труд. Тој се состои од три тематски целини. ***Првата целина*** се однесува на теоретското согледување на нашиот проблем на истражување, а во нејзини рамки се вклучени три глави. Првата глава се однесува на современите предизвици на семејното воспитание, односно откако ќе се запознаеме со функциите на семејството и семејните односи, преку анализата на семејството од минатото до денес, полека ќе се приближиме до тоа како се нарушуваат

односите во денешното современо семејство, кои се причините за се поголемиот број на разводи, а согласно со тоа и зголемен број на деца без родители и родителска грижа. Понатаму ќе ги разгледаме формите на алтернативната заштита, односно кои се карактеристиките на институционалното згрижување на децата, но и зошто денес се напушта таа форма на алтернативна заштита на децата, а се оди кон вонинституционалното згрижување. Што подразбира неформалната, а што формалната грижа, за на крај од оваа глава да се осврнеме на искуствата од светот во однос на алтернативната заштита, особено ќе се задржиме на оние земји кои имаат најдолга традиција во однос на одредени алтернативни форми.

Втората глава е посветена на СОС Детското село во светски рамки, имено одблиску ќе се запознаеме со неговата појава, ќе го разгледаме неговиот развој, но ќе ја видиме и неговата организациска поставеност. Ова значи дека откако ќе го видиме историскиот преглед на развојот на детското село, ќе преминеме на неговата организација, односно на организацијата на меѓународното СОС Детско село. Тука се мисли пред се на запознавање со неговиот концепт, принципи и мисија. Мисијата на меѓународното СОС Детско село се реализира преку три главни активности: зајакнувањето на семејството, образование и стручно оспособување на децата и застапување на правата на децата. Во овој дел е претставена професијата на СОС мајката, профилот на децата кои се згрижуваат, како се работи на партнерството со биолошкото семејство, но ќе бидат претставени и неколку земји со најдолга традиција во однос на СОС Детско село во светски рамки. Притоа ќе видиме какво е искуството на една од првите СОС мајки во СОС Детското село во Австрија, но и како се живее, како тече еден обичен ден во СОС Детско село, преку искуството на едно дете кое е згрижено таму.

Третата глава е посветена на СОС Детското село во Македонија. Впрочем и нашата цел е поврзана токму со работата на педагогот овде, но за да дојдеме до тоа, мораме да се запознаеме со тоа како се појавува, која е неговата визија, но и кои се неговите вредности и стандарди. Ќе разгледаме и како се реализира дејноста во СОС Детско село Македонија, како е организирана работата, како се поделени одговорностите во селото, како се врши прием на деца и избор на семејство, но и која е улогата на СОС мајката, СОС тетката и семејната помошничка и најважното, барем она што е предмет на наш интерес, кои се соработници за развој на децата и која е нивната улога, обврски и надлежности.

***Втората голема целина*** се однесува на методологијата на истражување на проблемот. Ова значи дека ќе се образложат подетално нашата цел и задачи, карактерот на истражувањето, согласно со тоа и кои методи, техники и инструменти ќе се користат за да го истражиме проблемот, и на крај кои се варијаблите и примерокот на истражување.

***Третата целина*** ќе ја опфати анализата на податоците до кои дојдовме преку истражувањето. Ова значи дека ќе ги анализираме податоците добиени преку интервјуто и систематското набљудување. Ќе се задржиме на анализата на податоците на секој од протоколите за секоја засегната страна поединечно, педагогот, СОС мајката и децата, како и анализа на податоците од протоколот за систематско набљудување. Оваа целина ќе ја завршиме со заклучни согледувања за истражувањето, врз основа на добиените податоци.

Овој труд нема намера да ги опфати и разреши сите прашања поврзани со алтернативните форми на заштита, бидејќи е невозможно сите аспекти од еден толку комплексен проблем да бидат опфатени во еден труд. Ова е всушност еден мал придонес во разгледување на алтернативните форми на заштита, особено која е улогата на педагогот и како тој со сопствената работа придонесува за подобар живот и развој на децата во СОС Детско село. Истражувањето на овој проблем би можело да придонесе за превентивно делување на сите фактори кои на некој начин влијаат врз работата на педагогот во алтернативните форми на заштита.

# ПРВ ДЕЛ

## *Теоретски пристап кон проблемот на истражување*

I

# 1. Современите предизвици на семејното воспитание

## 1.1. Општи карактеристики на семејството

Иако спаѓа во редот на најмалите општествени единици, семејството претставува прва, најприродна и незаменлива социјална и воспитна средина во која индивидуата го започнува својот раст и развој. Семејството е многу сложена појава, важна и неопходна општествена група, заснована на брак и роднински односи, чии членови, по правило живеат како за секое општество, така и за секој поединец. Но, семејството и односите во него се променлива историска категорија, кои се модифицираат под влијание на различни општествено-историски и цивилизациски услови. Па така, не можеме да зборуваме за семејството како единствен модел, бидејќи се евидентни разликите кои произлегуваат од економската развиеност, општествените односи, традицијата, верската припадност, културно-историските фактори и сл. Тоа значи дека промените на бракот и семејството можат да се разберат само ако се разгледуваат во целината на општиот општествен развиток.

Од сите групи во кои човекот се здружува и припаѓа, семејството е најбазичната, најсилната, најнеопходната група која на човекот му дава сигурност, помош, поддршка, можност за самореализација и градење на силни емотивни врски.

За да семејството ја остварува својата функција треба да претставува цврст и силен социјален колектив, заснован на егалитарност помеѓу членовите, меѓусебна љубов, почитување и разбирање меѓу брачните партнери, но и помеѓу децата и родителите. Семејната средина не треба да се сфати како затворен систем, бидејќи таа претставува општествена клетка и во неа се рефлектираат сите процеси,

противречности и збиднувања од пошироката заедница, значи станува збор за специфичен социјален фактор кој не е изолиран.

Во педагошката енциклопедија во редакција на Никола Поткоњак и Перо Шимлеша за семејството покрај другото се вели: „Семејството во себе обединува бројни и различни карактеристики на човековиот живот во општеството. Биосоцијалните фактори условуваат специфичности на овој вид човечко и општествено групирање, што се изразува во структурални, функционални, релациони и динамични карактеристики на семејството. " (Potkonjak, Simlesa,1989 god.,219)

Семејството се разликува по многу поголемата трајност во однос на другите групи и врски, а внатрешното менување на семејството не е зависно само од општествено-економските односи, туку е и во соодност со био-социјалните процеси на развој и созревањето на неговите членови.

Семејството е таква форма на општествена заедница во која покрај брачните врски има уште и економски и други општествени функции. Затоа, за семејството, неопходно е таа општествено санкционирана сексуална врска (бракот) да помине во економска заедница. Но, во семејството се одвиваат и други процеси: продолжување на видот, интензивниот процес на социјализацијата и други. Кога зборуваме за семејството ги имаме предвид, пред се економските и другите општествени функции на заедницата во која освен мажот и жената постојат и други членови, пред се децата.( Група автори, 1998 год., 326)

## 1.2. Функции на семејството

За да се сфати значењето на семејството како за поединецот, за развојот на човештвото, така и за напредокот на општеството, неопходно е да се одредат неговите функции. Функциите на семејството се менувале во текот на развојот на општеството и се историски определени, зависни од времето и местото во кое егзистирало семејството. Според Екерман семејството има три основни функции:

1. Биолошка – според која семејството служи за одржување на видот;

2. Психолошка- според која членовите на семејството се упатени на заемна зависност заради задоволување на своите емоционални потреби;
3. Економска – според која членовите заемно се ослонуваат заради обезбедување на своите материјални потреби.

И покрај големиот број дефиниции на функциите на семејството, сепак најчесто семејните функции се определуваат како билошка, економска, психо-социјална и воспитно-образовна функција.

*Биолошката функција* на семејството е репродуктивна, односно обезбедување на потомство и продолжување на човечкиот род. Во современото семејство оваа функција е видоизменета во смисла на планирање на бројот на децата што ќе се родат во семејството поврзано со обезбедување на квалитетен живот на децата.

Во семејството, членовите ги задоволуваат и своите материјални потреби, а со тоа се потенцира *економската функција* на семејството. Во личниот живот на поединецот значењето на семејството се зголемува, а во економска смисла, семејството го губи првобитното значење.

*Психо-социјалната функција* на семејството се зајакнува со текот на развојот на општеството, бидејќи социјализацијата на младите членови, воспитувањето и развивањето на емотивните врски меѓу членовите во семејството е една од основните задачи и одговорности. Една од иманентните улоги на семејството е неговото учество, посредување и пренесување на моралните и општествено прифатените вредности на децата. Но, денес социјализацијата се сфаќа пошироко, како двонасочен процес: влијанието на родителите врз детето, но и влијанието на детето врз родителите кои допринесуваат за нивно оплеменување, созревање и развој на хумани својства. Во семејството детето се учи на еднакви должности, организација на семејниот живот, прифаќање на работни обврски, рамноправност меѓу половите, да сака, да почитува, да се потчини на родителскиот авторитет и сл. Во услови на поинаков начин на живот, процесот на социјализација има поинаков тек. (Ekerman, 1987god., 10)

Семејството е природна, воспитно-образовна средина и аналогно на оваа констатација се одредува и нејзината *воспитно-образовна функција* кон своето

потомство. Семејството треба да е стимулирачка средина во кое детето ќе го добие поттикнувачот за своето понатамошно образовно определување и напредување. Родителите овде претставуваат најзначајни чинители во обезбедување на услови, не само за квалитетно школување на детето, туку и да ја јакнат свеста кај детето од потребата од образование, да создадат позитивна атмосфера во која ќе се негува книгата, творештвото, ќе се истакнува моќта на знаењето и образованието, уметноста, естетските вредности и сл.

## 1.3. Односите во семејството и семејното воспитание

Она што има најголемо влијание врз развојот на детето секако се семејните односи. Семејните односи се најсуптилен процес во организацијата и функционирањето на семејниот живот. Современите толкувања на семејните односи ги категоризираат нив во специфичен систем на интерперсонална комуникациска динамика кои се реализираат низ секојдневните контакти на членовите на семејството. Како што вели Марија Братаниќ: „ Меѓучовечкиот однос не постои без интеракција....Секој однос претпоставува барем минимална интеракција, а од степенот и квалитетот на воспоставената интеракција зависи и успешноста на меѓучовечкиот однос. "(Bratanic, 1990 god., 32)

Сепак, квалитетот на интеракцијата, во голема мера зависи од меѓусебното разбирање и почитување, од емотивната компонента како фактор кој ги поврзува субсистемите во семејниот комуникациски систем, како и од реципроцитетот и партиципацијата во реализацијата на интеракцијата. Сето тоа, семејната интеракциска и воспитна клима во семејството ја прави конструктивна.

Одржувањето на квалитетно ниво на семејните односи, претставува баланс помеѓу позитивните и негативните „напливи" на дихотомно поставените специфики на семејно-комуникациските односи. За тоа пак е потребно поседување на лични хумани особини, со помош на кои конструктивно ќе се насочат механизмите на семејното воспитание. (Котева-Мојсовска, 2006 год., 40)

Тргнувајќи од спецификите на семејниот живот и од улогата на семејството во развојот на личноста, науката се повеќе се убедува дека најповолна средина за

воспитание и социјализација на единката е семејството. Тоа е првиот контакт на детето со околината и првиот пример на однесување кон опкружувањето. Од друга страна пак, во семејството нема спротивности и дуализми во поглед на влијанијата. Имено, во двата процеси спонтано се испреплетуваат и се надополнуваат. Детето во семејството ја прифаќа и културата на народот на кој му припаѓа и согласно со другите семејни влијанија, постепено ја развива својата личност.

Семејството својата воспитна улога ја остварува примарно на два начини:

1. Посредно преку јакнење на личноста на детето со помош на целокупната семејна клима и релациите меѓу членовите во семејството (со што се обезбедува услов за правилно насочување на детето);

2. Непосредно, преку свесни влијанија врз детската личност

Во првиот случај станува збор за ненамерни влијанија врз детската личност, како и за примерот на возрасните, со помош на кои детето создава определена слика за себе, создава лични карактеристики, усвојува определени норми на однесување, на комуницирање и сл., со што постепено се формира и неговиот карактер.

Во вториот случај станува збор за свесни и намерни влијанија од страна на родителите со помош на кои тие го трасираат патот на детското поведение спред замислени или осознаени воспитни цели и постапки. Овие два начини се длабоко поврзани и меѓусебно зависни. Имајќи го предвид фактот дека возрасните во семејството имаат веќе изграден начин на живеење, однесување и комуницирање, но и на некој начин, веќе формирани ставови и вредности тие постепено ненамерно влијаат врз воспитувањето и градењето на личноста на своите деца.

Детето во семејството ја стекнува првата слика за светот. На почетокот на неговиот развој таа е условена од начинот на кој детето постепено го богати своето искуство, од квалитетот на симболите кои го одразуваат степенот на семејната култура, како и од интензитетот на емоциите на возрасните кои овозможуваат експресија на секојдневната реалност. Детето светот го доживува субјективно, не разбирајќи ја неговата вистина, односно во зависност од тоа какви емоции и доживувања му овозможуваат и поттикнуваат возрасните околу него.

Првиот модел од кој детето треба да стекне и прифати определен однос во комуникацијата со околината, се родителите. Преку секојдневните контакти, тие на децата им ги доближуваат општествените односи, мотивите на однесувањето, ставовите и сл. Оттаму, може да се каже дека главни средства за воспитание и социјализацијата на децата од најраната возраст во семејството се:

1. Екпресијата на емоциите која кај детето создава чувство на сигурност, чувство дека постои, дека некому припаѓа, поттикнува емоционални доживувања на реалноста околу него како основа за создавање на свесна слика за светот;
2. Идентификацијата која почива врз блискиот однос на родителот со детето;
3. Вербалниот контакт кој овозможува прифаќање симболи на изградено културно ниво;
4. Моделот на однесување на родителот кој секогаш е посилен доколку постои идентификација;
5. Семејната клима или односите во семејството.

Овие средства, или елементи на воспитно влијание врз децата, се детерминирани од однесувањето на родителите како главни чинители на целокупната семејна воспитна клима. По остварувањето на контактите на детето со надворешната околина, како втора фаза во неговата социјализација, родителите се повторно потребни. Тие ја следат детската комуникација, посредно преку својот пример ја насочуваат, му овозможуваат контакти на детето со околината, обезбедуваат поддршка за одреден тип социјални влијанија и сл.

Семејните односи претставуваат важен фактор за социјализацијата на детето во семејството. Нивното значење не се рефлектира само на релација родител-дете, туку на сите релации меѓу членовите во семејството. (Котева-Мојсовска, 2006 год., 52)

Семејното воспитание не е однапред испланирано, туку е спонтано, согласно со моменталните можности и услови. Тоа нема утврден термин н реализација, нема конкретно и секојдневно планирана содржина и конкретно определени цели, методи, средства и сл. Семејното воспитание не подлежи на

секојдневен режим кој би го направил круто, туку се случува преку секојдневните контакти меѓу родителите и детето и меѓу сите членови воопшто во семејството. Ова пак, упатува на значајниот принцип како што е концептуализацијата на воспитанието, како современ тренд во воспитувањето на децата, произлезен од нивниот автентичен начин на учење.

Психолошки е засновано, т.е. контактите меѓу родителите и децата се повеќе или помалку емотивно обоени. Особено меѓу мајката и детето постои флуид во најраната возраст, кој детето, чувствувајќи го, го прави задоволно и среќно. Среќното и задоволно дете полесно и поуспешно се развива, побрзо учи и интелектуално, физички и емотивно побрзо напредува. Емотивната компонента, покрај тоа придонесува кон поефектна идентификација, што пак, е основен услов за развој и социјализацијата на децата.

Семејството целосно ги задоволува детските природни потреби, како што се биолошките, психолошките, интелектуалните и други. Детето во семејството ја добива потребната грижа и нега како хранење, преповивање, облекување, добива љубов и ја задоволува својата љубопитност, контактирајќи ги предметите во домот преку кои примарно го осознава светот. (Котева-Мојсовска, 2006 год., 55)

## 1.4. Нарушување на односите во современото семејство

Денес современото семејство, многу автори го нарекуваат и демократско семејство. Но, тенденцијата за демократизација на односите во рамките на едно семејство, многу често, кај нас се сфаќа погрешно, односно како настојување кое води кон воспоставување на анархични односи во семејството, задоволување на сите барања на децата, нивно поставување во позиција на неприкосновени тероризатори во семејните односи.

Како една од главните појави, за кои се смета дека има негативни последици во однос на воспитната функција на современото семејство, претставува вработувањето на жената. Иако денес, во светски рамки се водат дискусии во однос на ова прашање, од кои некои и се противречни, ќе се согласиме дека традиционалната улога на мајката како единствена негователка и воспитувачка на

децата во семејството, се укинува. Причина за тоа е вработувањето на жената и нејзино работење на работни задачи надвор од домот, што значи нејзино отсуство во поголем дел од денот од домот. Во суштината на овој проблем лежи проблемот на изнаоѓање на соодветна замена за мајката по однос на негување и воспитување на децата во периодот кога е отсутна од домот. Позитивен квалитет е и тенденцијата и таткото да презема определени задолженија во извршувањето на семејните задачи, меѓу другото и воспитанието на децата.

Сериозен проблем во современите семејни односи и семејното воспитание претставува и опаѓањето на родителскиот авторитет. Во современите услови младите вклучени во воспитно-образовниот процес добиваат широко образование кое во голем број случаи е повисоко од образованието на родителите.

За исполнување на основните семејни функции неопходно е учеството на сите членови од семејството. И мажот и жената, односно и таткото и мајката имаат еднакво влијание врз развојот и воспитувањето на децата. Односите кои владеат во семејството се одразуваат значајно врз развојот на децата. Денес постојано сме сведоци на појава на млади деликвенти и престапници кои потекнуваат од растурени семејства или пак од семејства во кои владее неслога, караници или пак каде едниот родител е алкохоличар.

Стабилноста на семејството зависи од зачуваноста на емоционалната рамнотежа на сите челнови. Однесувањето на секој член од семејството влијае врз поведението на другите членови.

Не постои сомневање дека оваа институција има мошне значајна улога во развитокот на децата и тоа како на физички, така и на психички план. Веќе споменавме дека своите први впечатоци за светот што го опкружува детето ги стекнува преку семејството. Првата идентификација се случува во семејната средина. Каква ќе биде истата, позитивна или негативна, зависи од многу фактори, а пред се од присуството на родителите, поточно од односите меѓу нив, но и од нивниот однос кон децата. Најраната детска возраст помината во родителскиот дом, може да остави трајни траги врз личноста на децата и таа може да се провлекува покасно низ целиот живот. Ако родителите се однесуваат кон детето пријателски, со многу љубов и разбирање за неговите проблеми, тогаш тоа ќе ги

сака своите родители, ќе ги почитува и веројатно ќе вгради во себе многу од нивните позитивни особини.

Се разбира, дека отсуството на љубов од страна на таткото и мајката може да влијае врз детето, да го деформира неговиот карактер во таа смисла што нема да биде способно да сака, бидејќи не е запознаено со таква емоција. Ако родителите се однесуваат лошо со детето, тие ќе ја изгубат неговата доверба и ќе создадат тип на дете кое е плашливо и без својата самоувереност.

Разни неповолни фактори можат на извесен начин да делуваат врз семејството и да доведат до најразлични промени. Тие можат да бидат внатрешни и да дејствуваат внатре во организацијата на едно семејство или пак надворешни и да дејствуваат преку средината која го опкружува семејството. Без разлика на кој начин се дејствува, неповолните фактори можат да доведат до растројство на внатрешната организација, да ги нарушат брачните односи помеѓу сопружниците или пак да го изменат односот на родителите кон децата. Сите тие фактори можат да предизвикаат нарушување на стабилноста на семејството, да ја нарушат емоционалната атмосфера која владее внатре во неа. Ваквите нарушени односи секако ќе се одразат кај сите членови на семејството, а посебно кај децата, кои најмногу трпат од нарушените односи.

Една од најчестите причини што ја нарушува семејната атмосфера, денес претставуваат конфликтите меѓу сопружниците, кои некогаш можат да доведат до развод и растурање на бракот. Најголем број недоразбирања помеѓу сопружниците произлегуваат од различните сфаќања за животот, за односите и воспитувањето на децата кои се суштински изменети во денешно време. Факторите што доведуваат до конфликтна ситуација се бројни и комплексни и често испреплетени, па понекогаш е тешко да се открие суштината на проблемот.

Нашата земја се соочува со процес на транзиција веќе 20-тина години. Како резултат на овој процес, но и на сиромаштијата се повеќе се зголемува бројот на разводи во Македонија. Од центарот за социјална работа во Скопје, велат дека состојбата е алармантна и дека досега никогаш не се соочиле со толкав број на разводи, особено на оние предизвикани од психолошки нарушувања кај еден од партнерите.

Според социологот Илија Ацевски, во последните години младите живеат во една постмодерна состојба на индивидуализам. Професорот вели дека се губат авторитетите на родителите, се топат традиционалните, општествените вредности и паѓаат моралните норми за бракот како светост што треба да се чува и негува. Од друга страна пак, постојано се влошува економско-социјалната ситуација и се губат работните места. Како последица на миксот од повеќе фактори, се добива и висок процент на разводи. (www.dw-world.de)

Причината за порастот на бројот на разводи е најразлична: нетрпеливост, неверство, насилство, здравствени проблеми, разидување во ставовите, сиромаштија. Експертите во однос на ова прашање ќе истакнат дека постојат толку причини колку што постојат разводи. Најчесто се разведуваат млади брачни двојки од 24-29 годишна возраст и тоа околу петтата година од бракот. Иако се смета дека кризата е една од главните причини за неуспехот на голем број брачни заедници, најмалку разводи има во сиромашните семејства. Сиромаштијата секако дека влијае, младите прво бараат работа, место за живеење, бркаат кариера. Но, статистиката покажува дека сиромаштијата и го „чува" бракот. Во сиромашните семејства, кога еднаш ќе се влезе во заедница, потешко се излегува. Разводот е невозможен токму од материјални причини. Едниот од сопружниците нема каде да се отсели, па двајцата остануваат заробени во несреќното заедништво.

Статистиката во однос на разводите е се понеповолна. Во последниве десет години пропаѓа во просек секој десетти брак. Зголемувањето е евидентно ако се направи споредба со периодот од пред 15 години, кога со развод завршувал секој 25-ти брак. Паралелен тренд со зголемувањето на бројот на разводи е намалениот бројот на бракови. (www.stat.gov.mk)

Од вкупно 1720 разведени брака минатата година, најголем е бројот на разводи (324) во кои сопругот бил на возраст од 35-39 години. Статистиката покажува дека брачните двојки најчесто се одлучуваат на развод откако ќе поминат од 5-9 години во брак. Забележително е дека лани имало дури 59 разводи во кои сопружникот имал над 60 години.

Според психолозите, брзиот начин на живот, поттикнат од стремежот за заработувачка е главна причина за зголемениот број на разводи. Во продолжение

поместуваме табела на статистички податоци за бројот на склучени и разведени бракови по години.

Табела 1- *Податоци за бројот на склучени и разведени бракови во периодот до 1995-2010 година*

| Година | Склучени бракови | Разведени бракови |
|---|---|---|
| **1995** | 15 823 | 710 |
| **1996** | 14 089 | 705 |
| **1997** | 14 072 | 1021 |
| **1998** | 13 993 | 1027 |
| **1999** | 14 172 | 1045 |
| **2000** | 14 255 | 1325 |
| **2001** | 13 267 | 1448 |
| **2002** | 14 522 | 1310 |
| **2003** | 14 402 | 1405 |
| **2004** | 14 073 | 1645 |
| **2005** | 14 500 | 1552 |
| **2006** | 14 908 | 1475 |
| **2007** | 15 490 | 1417 |
| **2008** | 14 695 | 1209 |
| **2009** | 14 923 | 1289 |
| **2010** | 14 155 | 1720 |

Извор: www.stat.gov.mk

Несомнено е дека за секое дете е значаен меѓусебниот однос на родителите. Взаемната љубов на родителите, рамноправниот однос и меѓусебната почит се темели врз кои детето го гради позитивниот став кон бракот и односите на спротивните полови. Меѓутоа, детската психа тешко страда кога помеѓу неговите родители владее нетрпеливост и несогласување. Особено тешки печати врз детската психа остава физичката пресметка помеѓу родителите. Негативниот емоционален однос помеѓу таткото и мајката сериозно го оштетуваат афективниот

живот на децата, што може да се манифестира со најразлични промени во нивното однесување. Живеењето во ваква семејна атмосфера ќе предизвика кај децата нерасположеност, потиштеност, губење на чувството на сигурност, слабеење на апетитот и сл.

Посебни тешкотии во воспитувањето на младата индивидуа настапува, ако детето ги изгуби двата родители или поради некои други причини биде сместено во некоја детска установа. Во таков случај можат да постојат оптимални услови за нивниот живот со угодно сместување и квалитетна исхрана. Но, и покрај сето тоа формирањето на детската личност нема да се развие онака, како што било во родителскиот дом. Недостатокот во семејството во првите години на животот го кочи развитокот на детската личност. (Стефановски, 1995 год., 35-37)

## 1.5. Карактеристиките на семејството во Македонија

Историски разгледувано, семејството во Македонија во XX-от век покажува мошне изразени патријархални облици и содржини. Како резултат на различните надворешни и внатрешни фактори кои влијаат на неговото постоење, семејството во Македонија доживува постепени трансформации.

Како значајни карактеристични фактори на семејната организација и семејните односи во Македонија се различната етничка и религиозна припадност на населението (влијанието на православниот и муслиманскиот верски систем), различните типови на населби, развојот на земјоделството, индустрискиот развој, стручното образование, школската подготовка и навиките и обичаите. Сето тоа придонесува паралелно да егзистираат најразлични форми на семеен живот (семејни задруги, бракови склучени меѓу малолетници, предрасуди за авторитетот на мајката и таткото) и форми на егалитарно, современо семејство застапени во градот и во индустриските центри.

Ако некогаш доминантен стил на семеен живот бил патријархалниот, кој се согледува пред се во позицијата на жената, поголемо почитување и привилигирана положба на машкиот пол во однос на женскиот, Втората светска војна и НОБ ги потресува темелите на патријархалното општество и семејството. Забрзаниот

процес на индустријализација и урбанизација и позитивното законодавство најдиректно влијаат врз трансформацијата на семејниот живот на сите подрачја. Под влијание на овие промени од една страна, и од политиката и законодавството, од друга страна, се создадени услови за трансформација на патријархалното во ново современо семејство. Тие промени се видливи пред се во областа на обемот и составот на семејството. (Група автори, 1998 год., 337)

Во својата книга „Положбата на жената во современите општествени текови", д-р Блага Петроска ова прашање го разгледува од повеќе аспекти, и зборува за четири главни промени и тоа:

а) промена во обемот и големината на семејната група што произлегува од вкупниот број членови кои живеат во едно домаќинство. (Така според бројот на членовите во едно домаќинство во 1948 година, со 8 члена има 18,6% од семејствата, а во 1981 година, 7,9%, со 6 члена во 1948 година семејствата се застапени со 13,3%, а во 1981 година со 9,3%.);

б) промени во роднинскиот состав на домаќинството, што произлегува од промената на бројот на семејствата во едно домаќинство. Додека промените во големината на домаќинството претставуваат квантитативен нивни израз, стеснувањето на роднинскиот состав го претставува квалитативниот индикатор на промените.;

в) промени во карактеристиките на составот на потесното семејно јадро;

г) промена во положбата на членовите во рамките на семејната група, промена на климата во семејните односи, поголема демократизација на односите во семејството. "

Во внатрешните семејни односи се забележува опаѓање на традиционалниот авторитет и криза на стариот вредносен систем. Видливи се промените што даваат печат на тотална трансформација, а се однесуваат на структурните и функционалните елементи и аспекти на семејството. Меѓутоа, процесот на уривање на традиционалните модели на нерамноправност и потчинетост на жената во сопственото семејство најтешко и најбавно се менува во споредба со другите процеси кои водат кон еманципација на жената. (Група автори, 1998 год., 338)

## 1.6. Законска регулатива врз која се базира функционирањето на семејството

Во Македонското законодавство одредбите кои се однесуваат на заштита на правата на децата, а особено на децата запоставени од своите родители, децата на улица, преземањето на мерки и постапки за повреда на нивните права не се инкорпорирани во еден закон, туку се сретнуваат во повеќе законски акти, како што се: Законот за семејство, Законот за социјална заштита и Законот за малолетничка правда.

Во Законот за семејство се уредува родителското право, правата и должностите на родителите и децата, вршење на родителското прво, надзор над вршењето на родителското право, престанок и продолжување на родителското право. Родителското право го сочинуваат правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца и децата над кое е продолжено родителското право. Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво. Ако еден родител е умрен или е непознат или му е одземено родителското право или ако од други причини е спречен да го врши родителското право, родителското право го врши другиот родител.

Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивно воспитние, школување и стручно оспособување.

Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да бидат заштитени неговиот живот и здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување зависно од условите на семејството.

Ако тоа го бараат интересите на детето, родителите можат да го доверат детето на чување и воспитание на трето лице или да го сместат во соодветна установа. Ако родителите или родителот кој сам го врши родителското право од

оправдани причини подолго време отсуствуваат од местото на живеење и со себе не ги водат децата, децата можат да ги доверат на чување и воспитание на друго лице, доколку Центарот за социјална работа таквото сместување претходно го одобри. Ќе се смета дека одобрување е дадено доколку во рок од 30 дена по поднесување на барањето Центарот за социјална работа не донесе решение. Дете не може да се даде на чување и воспитание на лице кое не може да биде старател.

Центарот за социјална работа е должен да презема потребни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Секој граѓанин, орган и правно лице е должен да го извести центарот за социјална работа веднаш штом дознае дека родителот не го врши родителското право, или дека од други причини е потребна заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Центарот за социјални работи може сам или по предлог на родителите, односно на старателот, на лицето на кое детето му е доверено на чување и воспитание или на предлог на јавниот обвинител, да смести дете во соодветна установа ако дошло до пореметување на неговото поведение.

На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по добиеното мислење од Центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка.

Постапка за одземање на родителското право може да поведе другиот родител, Центарот за социјална работа или јавниот обвинител. Центарот за социјална работа е должен да поведе постапка за одземање на родителското право, кога на било кој начин ќе дознае дека за тоа постојат причини утврдени со закон. Центарот за социјална работа кога ќе дознае дека постои опасност од злоупотреба на родителското прво или опасност од грубо занемарување на родителските должности, е должен веднаш да преземе мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето. (Закон за семејство, 1992год.)

## 2. Форми на заштита на деца без родители и родителска грижа

Според македонската законска регулатива, под поимот „дете“ се подразбира секое физичко лице под 18 години. Заштитата на детето е базирана на принципите на земање предвид и почитување на личноста на детето, воспитување на детето во семејна средина, посебна заштита на ризичните групи на деца, на надарените деца, итн. Законот го гарантира правото на детето да биде заштитено од насилство, правото да изрази мислење за сите прашања во врска со својот интерес, да биде информирано и консултирано.

Во Република Македонија заштитата на децата се регулира преку Законот за семејство и Законот за социјална заштита. Заштитата на децата и грижата за нив е во согласност на овие законски прописи во Р.Македонија, а се реализира преку Ј.У. Меѓуопштински центри за социјална работа во Р. Македонија и нивните Организациони единици.

Секое дете и млад човек треба да живее во поддржувачка, заштитувачка и грижлива средина што го промовира неговиот целосен потенцијал. Децата со неадекватна или без родителска грижа се во посебен ризик да им биде ускратена поддржувачката средина.

Кога семејството на детето е неспособно, дури и со соодветна поддршка, да обезбеди адекватна грижа за детето, или да го напушти, односно да се откаже од него, државата е должна да ги заштити правата на детето и да обезбеди соодветна грижа, со или преку компетентни локални власти или други авторитативни цивилно-општествени организации. Државата преку нејзините компетентни власти, треба да обезбеди и нагледност на безбедноста, благосостојбата и развојот на секое дете сместено во алтернативната заштита и регуларен преглед на соодветноста на предвидената грижа.

Како дел од постапките за превенција на разделувањето на децата од нивните родители, државите треба да обезбедат соодветни и културно-чувствителни мерки:

1. Да ги поддржи семејните згрижувачки средини чии капацитети се ограничени од фактори како што се: злоупотреба на дрога и алкохол, дискриминација на семејствата на староседелците или оние со малцинско потекло, и оние кои живеат во војнички конфликтни региони или се под странска окупација.

2. Да обезбеди соодветна грижа и заштита за загрозените деца, како што се децата-жртви на злоупотреба и експлоатација, напуштени деца, деца кои живеат на улица, вонбрачни деца и деца без придружба, разделени деца, внатрешно раселени и одбиени деца, деца на мигрантски работници, деца на оние кои бараат азил, како и деца кои живеат со или се заразени со HIV/AIDS или други сериозни болести.

Со Законот за социјална заштита се уредуваат конкретните облици на заштита, кога детето нема услови да живее во своето семејство. Центарот за социјална работа одлучува за вонинституционална и институционална заштита, применува стручна работа и презема конкретни мерки, зависно од возраста и потребите на секое дете.

## 2.1. Институционално згрижување

Институционалната заштита, според Законот за социјална заштита, опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установи за социјална заштита. Во установа за социјална заштита се сместуваат лицата кои немаат соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита. Тука, во прв ред се мисли на децата без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности воспитувањето и образованието да се изведат на друг начин. (Закон за социјална заштита, 1997год.) Децата вообичаено се сместуваат во домови за деца без родители, како најраспространет облик на институционално згрижување.

Сите установи и институции имаат голема одговорност децата без родителска грижа да се згрижат на најдобар можен начин и да се обезбедат сите услови за негов здрав и непрекинат развој со почитување на неговите права и

потреби. Постоечката пракса укажува на често, грубо занемарување на интересите на децата, тие не го добиваат потребниот психо-социјален и воспитен третман, остануваат ускратени за адекватно образование и стручно осопособување, а можностите за избор им се намалени. Одговорноста за работа со оваа група на деца е секако зголемена, но за жал, не е следена со индивидуалната потреба на вработените во детските домови за професионално усовршување, стекнување нови знаења и вештини и промени во праксата кои би довеле до подобра положба на корисниците на услугите на социјалната заштита. Помеѓу вработените, особено оние со долг работен стаж присутен е силен отпор спрема новите тенденции, голем број професионалци не покажуваат желба за учење и не ја сфаќаат неопходноста од промени во пристапот кон децата.

Од друга страна пак, процесот на деинституционализација, очигледно допринесува за силно чувство на загрозеност, односно постојан страв од губење на работното место, кој е дополнително засилен со чувството на лична несигурност пред новите и поинакви работни предизвици. Ова чувство на двојна лична загрозеност негативно се одразува на способноста за рационално согледување на вкупната ситуација и изнаоѓање на конструктивни решенија, а со самото тоа индиректно и на квалитетот во работата со децата без родители и родителска грижа.

Во исто време на раководството на установите им е наметнат менаџерски пристап во работата, за кои многумина не се способни или погрешно ги поставуваат приоритетите. Всушност, обезбедувањето опстанок на вработените и ширењето на дејноста најчесто доведува до тоа грижата и давањето поддршка на децата да биде занемарена и да премине во споредна активност. Со оглед на чувствителноста на групата која се згрижува во ваков тип на институции, државата треба да изгради сеопфатен, мултисекторски пристап кон реформите на социјалните установи. Тоа подразбира компатибилни и однапред смислени активности во сите сектори на Владата, за да вработените бидат ослободени од грижата за сопствената егзистенција, а децата да добијат адекватна и современа социјална заштита. Кај нас на тој план, за жал има многу пропусти.

Што се однесува до децата кои се развиваат во детските домови, многу често се случува да не можат да ја најдат адекватната замена за родителите. Тие не се прифатени со доволно чувство и како такви трајно остануваат со оштететени емоционални функции. Познавајќи ја ситуацијата во нашите детски установи треба да се признае, дека во нив на еден воспитувач се паѓа поголем број деца одошто е допуштено. Тие не се ни физички во состојба да им се посветат на сите деца поеднакво, ниту да им ги заменат нивните родители, ниту пак, да им пружат достатно емоционална топлина. Ваквиот развиток ќе доведе тие деца покасно да не се способни за поинтимни меѓучовечки односи, ниту ќе можат поблиску да се спријателат со некого. (Стефановски, 1995 год., 105-106)

Институционалната грижа е докажано дека предизвикува широк спектар на проблеми за деца. Институционалната нега не обезбедува адекватно ниво на позитивно, поединечно внимание од воспитувачот кој му е поставен на детето, а кое е неопходно за успешен емоционален, физички, ментален и социјален развој на децата. Ова особено се однесува за децата под 3 години, за кои е докажано дека институционалното згрижување е особено штетно.

Вообичаени проблеми за децата кои се згрижени во институција се значително поголем ризик од физичка и сексуална злоупотреба, недостаток на стимулација и строга дисциплина. Овие деца многу често се изолирани од своите традиционални заедници. Долгиот престој во институцијата го прават потежок процесот на враќање на детето во семејството и заедницата и им го ускратуваат пристапот до системите за поддршка кои ги нуди заедницата на која детето припаѓа. (http://www.crin.org/bcn/topic)

Поранешните студии кои се однесуваат на институционалното згрижување, укажуваат на непосакуваните ефекти од овој вид нега врз емоционалниот, социјалниот и когнитивниот развој на малите деца. Денешните студии укажуваат дека грижата на институциите е на незадоволително ниво за малите деца кои не можат да останат со своите родители.

Професорката Дарја Завиршек, од факултетот за социјална работа во Љубљана, во својата анализа „ Преживување на националноста и инвалидитетот- малиот број на деца во јавната грижа“, како долготрајни последици од

институционалното згрижување на децата, гледајќи од детската перспектива ги наведува следниве:

- Покрај недостатокот на различни можности, децата во јавната заштита, се лишени од можноста за биографирање на нивниот секојдневен живот. Тие се лишени од донесување одлуки и планови за иднината, а имаат и помала автономија, индивидуалност и права за државјанство.
- Децата кои се сместени во јавните институции, искусуваат помала видливост како луѓе и лица со свои права. Наместо модернизација на детството, тие искусуваат институционализација на детството. (Zavirsek, 2004, 31-32)

Според конвенцијата за правата на децата, згрижувањето на децата во институција треба да се разгледува како последна мерка. Семејството е најдобро опкружување и во случај кога детето е лишено од семејната средина, или кога не е во нивен најдобар интерес да останат во своето семејство, тие би требало, колку е тоа можно да имаат пристап до системите на алтернативна заштита, до оние кои ќе им бидат замена за нивното семејство. Ова особено се истакнува од претставниците на UNICEF, кои исто така забележуваат дека овие деца кои се без родители и родителска грижа потекнуваат од најсиромашните и маргинализираните делови на општеството. (http://www.nacac.org/policy/researchchart)

Принципот на затворена заштита во установи кои би требало да обезбедуваат комплетна грижа за децата без родители и родителска грижа, одамна е напуштен во современите држави. Денес се поактуелен е процесот на трансформација на установите, со тенденција, затворениот облик на заштита, односно институционалното згрижување да се сведе на минимум, а да се помине на т.н. отворен систем на заштита. Ваквиот пристап не само што е посакуван, туку е и неопходен, бидејќи е во согласност, пред се, со современиот пристап, но и затоа што обезбедува далеку поголема гаранција за квалитетен живот на корисниците на социјалната заштита. (www.helsinki.org.rs)

## 2.2. Вонинституционално згрижување

Вонинституционалната заштита подразбира облици на заштита за помош на поединец, семејство или заедница кои немаат институционален карактер, како домашна нега и помош, сместување во згрижувачко семејство, мали групни домови и сл. (www.undp.org.mk)

Како што веќе беше споменато, институционалниот облик на згрижување се повеќе се напушта, а акцентот се става на поинакви форми на згрижување на децата без родителска заштита. Видовме дека многу често се случува во институциите во кои се сместени децата, да не се води сметка за нивните потреби, интереси и желби. Токму заради тоа, деталната процена на секое дете при сместувањето мора да води сметка за семејството на детето, бројот на браќа и сестри, староста, психичкото и физичкото здравје, историјата на претходното сместување и културното потекло.

Според СОС Детското село, како најраспространета форма на алтернативна заштита, се смета дека биолошкото семејство е најдобро место за раст и развој на детето, па затоа грижата надвор од семејството, односно од домот на детето мора да ја почитува улогата на биолошкото семејство. Тие би требало да го зајакнуваат биолошкото семејство и врската со локалната заедница, кога овие врски се неадекватни. Во идеален случај грижата надвор од домот треба да биде на ниво на локалната заедница, да обезбеди максимално користење на ресурсите, структурите и мрежите кои се на располагање, но и да овозможи биолошките браќа и сестри да останат заедно.

Краткотрајното сместување може да користи да го поддржи детето во текот на одреден временски интервал, но крајната цел е да се пронајде стабилно, трајно решение:или детето да се врати на неговото биолошко семејство, или да му се најде соодветно сместување во друго семејство, кое ќе одговара на неговите потреби.

И децата кои не можат да се обединат со нивните биолошки семејства, имаат право да растат во грижливо семејно опкружување. Како и да е, пронаоѓањето на решение за соодветна алтернативна заштита, за секое дете поединечно е исклучително тешко. Губењето на семејството, како и на мрежата на

заедницата, недостатоци од посвојувачи и згрижувачки семејства, го прават овој процес дополнително комплексен.

Роднините и пошироката општествена мрежа некогаш можат да бидат најдобра опција за згрижување на детето, во ситуации кога тоа не може да биде згрижено во неговото биолошко семејство. Но, секогаш не е така. Имено, во некои случаи, обединувањето со биолошкото семејство може да потрае многу години, како на пример во пост-конфликтна ситуација. За целото тоа време, детето може да стане адолесцент, може дури да има свои деца, или едноставно да нема желба да се врати во своето семејство, односно да не биде добредојдено во заедницата. Во такви ситуации, треба да се побара поинакво решение.

Без разлика дали станува збор за семејно згрижување на детето, сместување во групни домови, роднинско згрижување или сместување во СОС Детското село, секогаш треба да се води сметка за интересите и потребите на детето. Всушност самиот процес на избор на адекватно решение за сместување и згрижување на детето е сложен и долготраен.

Во светот, но и кај нас, постојат повеќе форми на алтернативна заштита. Изборот на алтернативна форма на заштита треба да се разгледува како краен, последен чекор во работата со децата без родители и родителска грижа. Пред да се помине на тој чекор, треба да се направи се што е во функција на превенција на потребата за алтернативна заштита.

# 3. Алтернативна заштита на деца без родители и родителска грижа

## 3.1. Превенција на потребата за алтернативна заштита

Одделувањето на детето од грижата на семејството треба да се разгледува како последна мерка и треба да биде, кога е тоа возможно привремено или за најкраток можен период.

Но, сепак пред да се помине на тој последен чекор, постојат некои други мерки кои можат да се преземат, а се во функција на подобрување на грижата од страна на семејството, како и спречување на одделувањето на детето од семејната средина воопшто.

Како мерки на превенција, во прирачникот за алтернативна заштита се истакнуваат следниве:

1. Промоција на родителска грижа
2. Превенција (спречување) на семејно разделување
3. Промоција на семејна реинтеграција (Guidelines for alternative care of children, 2009, стр. 16-17)

Во продолжение се осврнуваме на секоја од нив поединечно:

✓ **Промоција на родителска грижа**

Државите треба да водат политика за да се обезбеди поддршка на семејствата во исполнувањето на своите одговорности спрема детето и поттикнување на правото на детето да има однос и со двајцата родители. Оваа политика треба да се занимава со проучување на причините за напуштање на детето, одрекување од него и одделување на детето од неговото семејство, како и да обезбеди, помеѓу останатото, пристап до адекватно сместување, здравствени, образовни и социјални услуги, но и промоција на мерки за отстранување на сиромаштијата, дискриминацијата, маргинализацијата, стигматизација, насилство, злоупотреба на детето, сексуална злоупотреба, како и болестите на зависност.

Социјалните политики треба да го засилат семејството со ставови, вештини, способности и алатки, за да можат да им обезбедат адекватна заштита, грижа и развој на своите деца. Овие мерки на социјлна заштита, треба да опфатат:

1. Услуги за засилување на семејството, како што се курсеви и сеанси за родителството, промовирање на позитивните односи родител-дете, вештини за решавање на конфликти, можности за вработување и генерирање на приходите, а каде што е потребно и социјална помош.

2. Поттикнувачки социјални услуги, дневен престој, медијација, услуги за смирување, лекување од злоупотреба на различни супстанции, финансиска помош

и услуги за родителите и децата со инвалидитет. Таквите услуги, по можност интегрирани и ненаметливи по природа, треба да и бидат директно достапни на заедницата и активно да вклучуваат учество на семејствата како партнери, комбинирајќи ги своите ресурси со оние на заедницата и негователите.

3. Политика за младите на која целта ќе и биде зајакнување на младите да се соочат позитивно со предизвиците на секојдневниот живот, вклучувајќи ги и одлуките кога сакаат да го напуштат родителскиот дом и подготовка на идните родители да донесуваат информирани одлуки во врска со своето сексуално и репродуктивно здравје, како и да ги исполнуваат своите обврски во овој поглед.

Поддршка и услуги треба да им бидат достапни и на браќата и сестрите кои ги изгубиле своите родители или старатели и одлучуваат да останат заедно во своето домаќинство, во случај кога најстариот брат се смета за способен и има волја да биде глава на домаќинството. Државите треба да обезбедат преку поставување на закон, да им се признае одговорноста за возрасни, или каде што е потребно, јавно тело, преку законски мандат да делува како старател. (www.iss-ssi.org)

**б) Превенција на семејно разделување**

Правилните критериуми, засновани на звукот на професионалните принципи, треба да бидат развиени и доследно да се применуваат за процена на детето и семејната ситуација, вклучувајќи ги и семејните актуелни и потенцијални капацитети да се грижат за детето, во ситуација кога надлежните органи или агенциите имаат разумна основа да веруваат дека добробитта на детето е во опасност.

Одлуките за отстранувањето или реинтеграцијата на семејството треба да бидат засновани на овие процени и треба да бидат од страна на квалификувани и обучени стручњаци, овластени од страна на надлежен орган, во потполна соработка со сите кои се поврзани со ова прашање, а имајќи ја притоа во предвид иднината на детето.

Државите се поттикнуваат да усвојат мерки за интегрална заштита и да гарантираат права во текот на бременоста, породувањето и доењето, за да се

обезбедат услови за достоинство и еднаквост за адекватен развој на бременоста и грижа за детето. Значи, програмите за поддршка треба да бидат предвидени за идните мајки и татковци, особено адолесцентни родители, кои што имаат потешкотии во остварувањето на нивните родителски одговорности. Таквите програми би требало да имаат за задача да ги зајакнуваат идните родители за исполнување на своите должности, во услови на достоинство, и да бидат наговорени да се откажат од идејата да го оставаат своето дете поради нивната загрозеност.

Државите треба да формулираат јасни политики со кои ќе ги решат ситуациите каде детето е напуштено анонимно, кои укажуваат дали и какво следење на семејството треба да се преземе како и се она што се однесува на повторното соединување на семејството, но и одредби кои се однесуваат на сместување на детето во проширено семејство.

Кога јавна или приватна агенција или објект ќе дојде до родители или законски старатели кои сакаат засекогаш да се откажат од своето дете, државата треба да обезбеди социјална поддршка и советување за да ги охрабри и да им овоможи и понатаму да се грижат за детето. Ако ова не успее, тогаш социјален работник или друго овластено лице, треба да утврдат дали постојат други членови на семејството, кои сакаат да преземат одговорност за трајна грижа за детето и дали таквите аранжмани се во најдобар интерес на детето.

Тогаш кога аранжманите не се возможни или не се во најдобар интерес на детето, треба да се направат напори да се најде семејство за постојано сместување на детето, во разумен рок.

Специфична обука треба да се обезбеди на наставниците и другите кои работат со деца, за да им се помогне да ги идентификуваат ситуациите на злоупотреба, занемарување, искористување или ризик од напуштање и да ги упатат таквите ситуации на надлежните органи.

**в) Промоција на семејната реинтеграција**

Со цел подготовка и поддршка на детето и неговото семејство за нивното можно реинтегрирање, нивната ситуација треба да се оцени прописно, од страна на

именувани поединци, и со помош на совет од страна на мултидисциплинарен тим, во консултација со различните актери кои се вклучени (детето, семејството, негователот), за да се одлучи дали реинтеграцијата на детето кон семејството е во најдобар интерес на детето, кои чекори ги подразбира таквата ситуација и под чиј надзор.

Редовните и соодветни контакти помеѓу детето и семејството, особено ако тие за цел имаат семејна реинтеграција, треба да бидат развиени, поддржани и да се следат од страна на надлежен орган.

Кога ќе се донесе одлука за реинтеграција, тоа би требало да биде постепен процес, со постојан надзор, со следење и мерки на поддршка, кои ќе ги земаат во предвид возраста на детето, потребите и развојните способности, како и причините за одвојувањето на детето од семејството. (Guidelines for alternative care, 2009, 14-15)

## 3.2. Форми на алтернативна заштита

**Алтернативната грижа** може да биде во форма на неформална и формална грижа.

Под *неформална грижа* се подразбира секој приватен аранжман предвиден во семејна средина, при што детето е згрижено на одредено или неодредено време од роднини или пријатели (како еден вид на роднинска грижа) или од страна на други луѓе во нивни индивидуални објекти, на иницијатива на детето, неговите родители или друга личност без овој аранжман се одредени од страна на административните или судските власти или некое друго акредитирано тело.

Со цел да се осигура дека условите во неформалната заштита, понудена од индивидуалци или семејства се соодветни, државите треба да ја признаат улогата на овој вид мерка и да преземат адекватни мерки за оптимална поддршка на својата одредба, на база на проценка на одредени поставки кои можат да бараат посебна помош или надзор.

Надлежните органи треба по потреба да ги поттикнуваат неформалните негователи да ги забележуваат згрижувачките аранжмани, и треба да настојуваат да

обезбедат нивен пристап до сите расположливи средства и бенефиции за да им помогнат во вршењето на нивната должност и да се грижат за заштитата на детето. Државата исто така, треба да ја признае одговорноста на старателот за неформална заштита на детето.

Државата треба да осмисли и посебни соодветни мерки чија што цел е заштита на децата во неформалната грижа од злоупотреба, занемарување, работа на децата и сите други форми на експлоатација, со посебен акцент на оној вид неформална грижа, каде во улога на згрижувачи се јавуваат луѓе кои не се роднини или се роднини, но дотогаш непознати за детето или живеат далеку од постојаното место на живеење на детето. (Guidelines for alternative care, 2009, 18-19)

✓ **Роднинска грижа**

Роднинска грижа е програма дизајнирана да ја помогне поддршката на децата кои живеат надвор од својата куќа, без разлика дали е привремено или долготрајно, со роднини (како што се постар брат или сестра, први братучеди, внук/а, чичко или тетка, баба или дедо и сл.).

Роднините вообичаено, се посакувано сместување за децата кои мора да бидат разделени од своите родители, затоа што ваквиот вид на сместување овозможува одржување на контакт со своето семејство, поточно со родителите, но исто така им помага на децата да ја зачуваат својата вероисповед, јазик и култура.

Овој вид грижа може да биде краткорочен приватен аранжман помеѓу родителите и роднините или пријателите, каде детето ќе биде сместено се додека се вратат неговите родители. Доколку, овој приватен аранжман трае подолго од шест недели, треба да се вклучат социјалните служби за да ја проценат соодветноста на роднинскиот старател.

Роднинската грижа може да биде и формална вклучувајќи и обука и лиценцирање на процесот на старател, месечна исплата за да се покријат трошоците за грижа на детето и услуги на поддршка. Отприлика една четвртина од децата во вон-куќната грижа живеат со роднини. (www.childrenslegalcentre.com)

*Формална грижа* пак, претставува секој вид на грижа предвидена во семејна средина која ќе биде одредена од страна на надлежно административно тело или судската власт и секој вид на грижа предвиден во некои сместувачки капацитети, вклучувајќи ги и приватните објекти, без разлика дали е тоа како резултат на административна или судска мерка. (Guidelines for alternative care, 2009, 10-11)

Трансферот на детето во било кој вид на алтернативна заштита треба да се спроведува со најголема чувствителност и на пријателски начин. Кога детето се наоѓа во алтернативна заштита, контактот со неговото семејство како и со други лица близу него како што се соседи, пријатели, претходни старатели, треба да се поттикнува и олеснува, а сето тоа да биде во најдобар интерес на детето.

Детето исто така, треба да има пристап до информациите за состојбата на неговото семејство кога отсуствува контактот со семејството. Старателите треба да се грижат за тоа децата да добијат доволна количина на здрава и квалитетна храна, во согласност со локалните прехрамбени навики, но и со верските убедувања на децата. Тие треба да имаат пристап до формално, неформално и стручно образование во согласност со нивните права, во најголема можна мера и тоа во локалните образовни објекти.

Сместувањето во сите форми на алтернативната заштита треба да ги исполни барањата за здравјето и безбедноста. Сите возрасни личности треба да го почитуваат правото на приватност, вклучувајќи и соодветни објекти за хигиена и санитарни потреби, почитување на родовите разлики и интеракција, како и соодветен, сигурен и достапен простор за лични работи.

Според средината во која што е предвидена формалната заштита, таа може да се јави во форма на:

*1. Семејно згрижување на децата* – ситуација кога децата се сместени од страна на надлежните власти во соодветна форма на алтернативна заштита во домашна средина на семејство, кое е различно од она на детето, што било селектирано, квалификувано, одобрено и надгледувано за обезбедување на ваков вид заштита;

*2. Стамбено сместување* - грижа предвидена во секоја група, незаснована на семејство, како што се безбедни места за итна заштита, транзитни центри во

итни ситуации и сите други краткотрајни и долготрајни сместувачки објекти, вклучувајќи ги и групните домови;

3. Други форми на понудена заштита, засновани на семејство или налик на семејство. Најраспространета ваква форма е *СОС Детското село*;

➢ **Семејно згрижување на децата**

Овој вид сместување претставува организиран облик на заштита на децата без родителска грижа. Станува збор за грижа во која живеете со дете кое не е во можност да живее со неговите природни родители. Треба притоа да се нагласи дека овој облик на заштита битно се разликува од посвојувањето, бидејќи овде крајната цел е враќање на детето во неговото семејство.

Престојот на детето во ваков вид на семејство, има бројни предности, затоа што обезбедува нивен подобар психофизички развој и социјализација отколку било која друга институција за сместување на деца.

Семејното сместување може да биде привремено, односно до разрешување на кризната ситуација во матичното семејство на детето, или за подолг временски период, односно до осамостојувањето на детето.

Се смета дека овој вид заштита може на детето да му ги задоволи основните потреби, како што се оние за основна физичка нега, љубов, топлина, сигурност, стимулација, потреба за водство, заштита и независност. Семејното сместување нуди природна рамка, во која децата ги задоволуваат своите потреби, а тоа е семејството. На детето му се обезбедува искуство на семеен живот, кое е драгоцено само по себе, но и многу важно за формирање на образец на однесување и однос спрема другите, кое подоцна можат да помогне и во засновањето на сопственото семејство.

Во улога на згрижувачи можат да се јават сите оние кои се заинтересирани за добробитта на детето и се подготвени со него да го делат својот дом и семејство. Можат да бидат оние кои живеат во своето семејство, но и сами, оние кои имаат деца, но и оние без деца, луѓе со различно образование, вработени или невработени. Еден од условите е овие луѓе да располагаат со стамбен простор во кој ќе биде сместено детето. (www.dusama.neobee.net)

Всушност, станува збор за едно посебно одбрано, мотивирано и подготвено семејство, во кое оние кои се јавуваат во улога на згрижувачи добиваат посебна парична надокнада. Згрижувачите добиваат посебни подготовки, поддршка и советодавни услуги, во редовни временски интервали, пред, за време и по сместувањето.

- **Стамбена (сместувачка) грижа**

Установите за сместување треба да бидат мали и да се организираат околу правата и потребите на децата, колку што е можно поблиску до семејството или друга групна ситуација. Нивната цел е да обезбедат привремена грижа и да допринесат активно за реинтеграција на детето кон семејството или ако тоа не е возможно да ја осигураат нивната стабилна заштита, во алтернативното семејно опкружување.

Државите треба да обезбедат доволно старатели во овој вид заштита за да овозможи индивидуално внимание и да му се пружи на секое дете. Старателите треба да бидат распоредени на таков начин што ќе овозможи да ги реализираат зацртаните цели.

Станува збор за таков вид на алтернативна заштита во која се згрижуваат деца кои не можат да живеат со своето семејство, и таму каде што треба да се задоволат нивните потреби. Тоа е место каде што децата треба да се развиваат и растат, каде им се обезбедува храна, сместување, како и простор за игра и разонода. ( www.portsmouth.gov.uk)

И овој вид на грижа може да биде краткотрајна и долготрајна. Луѓето кои што работат со нив имаат за цел да им помогнат на младите луѓе во нивното образование, да уживаат во добро здравје, да одржуваат контакт со семејството и пријателите, како и поддршка за подготовка за независност.

## 3.3. Искуства од светот во однос на алтернативната заштита

Во светот постојат многу организации и меѓународни документи кои што се занимаваат со децата без родителска грижа и нивната алтернативна заштита.

Основните насоки кои се однесуваат на алтернативната заштита имаат за цел да го подобрат спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето и соодветните одредби на други меѓународни инструменти во врска со заштитата и доброто на децата кои се без родителска грижа или се во ризик да останат без истата.

Овие насоки даваат посакувана ориентација во политиката и праксата, а директно или индиректно се занимаваат со прашањата во врска со алтернативната заштита и бараат особено:

1. Да се поддржат напорите да се задржат децата или да се вратат децата на грижата на своето семејство или ако пропадне и ова, да се пронајде и друго соодветно или трајно решение;

2. Да се обезбеди, додека таквите решенија се бараат или во случаите каде тоа не е можно или не е во најдобар интерес на детето, најпогоден облик на алтернативна заштита, кои што го промовираат целосниот и складен развој на детето;

3. Да се помогне и да се поттикне Владата подобро да ги реализира своите одговорности и обврски во таа смисла, имајќи ги во предвид притоа економските, социјалните и културните услови во секоја земја, и

4. Да постои водич во политиката, одлуките и активностите на сите заинтересирани за социјална заштита и доброто на детето, во сите јавни и приватни сектори, вклучувајќи го и цивилното општество. (Guidelines for alternative care, 2009, 20-21)

Секоја држава согласно со своето уредување, има различно искуство во однос на ова прашање. Некаде помалку, некаде повеќе се развиени формите на алтернативна заштита, но едно е сигурно, а тоа е дека секоја од нив прави напори сите деца без родителска грижа да бидат соодветно згрижени и да им се овозможи нормален раст и развој.

✓ **Бугарија**

Според официјалните информации од 2008 година, издадени од агенцијата за статистика за детска заштита 7276 деца се сместени во сместувачки објекти во Бугарија. Од нив 1039 деца се со инвалидитет. На крајот на 2007 година, 135 деца

се сместени во семејно згрижување, а додека на почетокот на 2008 година, овој број се зголемува за 72 деца. Како алтернативни форми овде се јавуваат згрижување во мали сместувачки домови кои што нудат семејна грижа и семејно згрижување во приватни индивидуални домови.

Што се однесува до СОС Детското село, како форма на заштита, првото било основано во 1993 година во Травна. Во селото живеат 12 СОС семејства, сместени секое во посебна куќа. Капацитетот на куќите дозволува во селото да бидат сместени вкупно 84 деца.

Во 1995 година, во градот Дрен, се отвора и второто СОС Детско село во Бугарија. Со капацитет од 13 куќи, во селото престојуваат околу 90-ина деца.

Во однос на профилот на децата кои се згрижени, во согласност со Законот за заштита на децата, истите неможат да бидат згрижени, ако како причина за згрижување се истакнува само материјалното сиромаштво. До толку повеќе што, Бугарското законодавство пружа материјална помош на семејствата кои немаат доволно средства да ги одгледуваат своите деца. (www.eurochild.org)

✓ **Финска**

Во 2007 година, во Финска во алтернативна заштита беа згрижени вкупно 16 059 деца, од нив 50% во сместувачки установи, 35% во семејно згрижување во приватни индивидуални домови, а 15% во професионални домови за семејно згрижување. Овде како форми на алтернативна заштита се јавуваат сместувачки установи (објекти), семејно згрижување во мали сместувачки домови, СОС Детските села и семејно згрижување во приватни индивидуални домови.

За разлика од многу други држави, каде материјалната сиромаштија не се зема во предвид како причина некое дете да биде сместено во алтернативна заштита, Финска е држава која прави исклучок во однос на ова прашање, така што и материјалната депривација е вклучена како причина за згрижување на децата.

Како главни причини во Финска за згрижување на децата се истакнуваат првенствено, злоупотреба и ментално нарушено здравје на родителите, особено она на мајката. Останати причини се занемарување на основната нега на децата, насилство (физичко, ментално и сексуално), исцрпеност на родителите,

акумулација на социјалните проблеми, проблеми со носењето на детето, комуникацијата со другите луѓе, како и проблеми со прилагодувањето на правилата на околината.

Во однос на општествено-економските околности на семејството, во оваа држава, може да се наиде на проблеми во однос на вработувањето, образованието и живеењето. Главно станува збор за семејства кои се опишани како проблематични и на кои што е тешко да се помогне, семејства кои имаат пред се, низок социо-економски статус, финансиски проблеми, обично живеат во изнајмен стан, најчесто се со еден родител, со две или повеќе деца или станува збор за мешано семејство.

Традиционално, децата на кои што им е потребна социјална заштита, живееле главно во градски средини. Економската криза во текот на деведесетите години битно ја променила ситуацијата, и довела до тоа најголем број деца на кои им е потребна социјална заштита, да потекнуваат од урбаните градски населби. Високата стапка на вработеност, добрата плата и стручната спрема на родителите, не значело и подобра иднина за нивните деца. (www.eurochild.org)

✓ **Романија**

Според официјалните статистички податоци, во Романија може да се забележи значително опаѓање на институционалното згрижување на децата во последните години. Колку за споредба, во јануари 2006 година, скоро 20% е намален бројот на овие деца, во однос на претходната година. Ова е секако резултат на развојот на политиката во однос на заштитата на децата, која се движи главно во два правци и тоа:

1. Деинституционализација- преку креирање на некои алтернативни сервиси од типот на семејни видови на единици интегрирани во општеството и семејното згрижување на децата;

2. Забрана на сместување на деца на возраст од 0-2 години во институциите

Во Романија алтернативната заштита е претставена со СОС Детските села, семејното згрижување на децата, роднинско згрижување и посвојување.

Постојат вкупно 3 СОС Детски села и тоа во три различни градови во Романија. Тие ги згрижуваат децата на возраст од 3-16 годишна возраст, со тоа што

потоа тие деца преминуваат во заедницата за млади, како еден вид продолжение на СОС Детското село. Такви младински заедници има вкупно 5, распоредени во истите градови како и СОС Детските села и тоа: две во Букурешт, две во Сибиу и една во Хемејус.

На национално ниво, постојаниот раст на семејното згрижување на децата како форма на алтернативна заштита, резултираше со значително поголем број на деца сместени во оваа форма на заштита. Имено, за неполна година, процентуално изразено, бројот на деца се зголемува за 13,07%, додека пак, до септември 2008 година се зголемува за 35,34% во однос на јануари 2005 година.

Овие податоци укажуваат на тоа, дека во оваа земја нема ефикасност во реинтеграцијата на децата кон нивните семејства и посвојување за оние за кои враќањето кон нивните биолошки родители е невозможно, па така семејното згрижување на децата како алтернативна форма на заштита има тенденција да прерасне во трајно решение за децата кои се оставени од нивните родители. Оваа форма на заштита станува постојана замена на семејството, без соработка со биолошкото семејство на детето, но истовремено и многу скапа форма, што повторно го актуелизира прашањето за одржување баланс помеѓу семејното згрижување на децата и поддршка на биолошките семејства.

Карактеристично за роднинското згрижување на децата во Романија е постојано опаѓање на бројот на деца во оваа форма на заштита во последните години, но тие немаат никаков бенефит од соодветните социјални служби и ефикасен мониторинг од властите. (www.eurochild.org)

Во однос на посвојувањето, многу поголем е бројот на децата кои се посвојуваат од институции за посвојување на деца, за разлика од оние кои претходно бил сместувани во семејства или било која друга институција за згрижување на децата, и покрај тоа што се повеќе се зголемува бројот на децата кои се сместувани во било која форма на алтернативна заштита.

Профилот на децата кои се згрижувани, како и во останатите држави, генерално се слични. Станува збор за проблеми од типот на сиромаштија, прекумерна употреба на алкохол, насилство во семејството, недостаток на образование, недостаток на некои превентивни услуги и сл. Од социо-културен

аспект, не е мал бројот на децата кои се родени во семејство со еден родител, потоа деца кои се занемарени, деца кои потекнуваат од семејства каде родителските способности не се во согласност со оние кои се предвидуваат со Конвенцијата за правата на децата, мајки-тинејџерки, и сл. Како психо-социјални причини се истакнуваат конзумација на дрога и алкохол, семејно насилство, криминал, додека како економски причини се наведуваат сиромаштија, невработеност, несигурни услови за живот и сл.

# II
# СОС Детското село – појава, развој, организациска поставеност

*„...ништо на светот, чинам, не е поважно од грижата за детето...“*

Херман Гмајнер

## 1. Херман Гмајнер и појавата на СОС Детското село

Роден во големо австриско фармерско семејство во 1919 година, Херман Гмајнер, како војник во Русија, ги доживува сите ужаси што ги носи Втората Светска Војна.

Како работник за доброто на децата, бил сведок на изолацијата и страдањата на илјадници воени сирачиња и деца без покрив над главата. Бил длабоко погоден од ужасната состојба во сиропиталиштата и од сиромашните деца насекаде околу него.

Гмајнер се соочува со губитокот на неговата мајка, уште кога бил млад, и тоа остава голема празнина во неговиот живот. Ова негово лично искуство ќе ја роди визијата која ќе го води во текот на целиот негов живот.

Тој е убеден дека постоењето на мајчинска грижа, која обезбедува сигурност, љубов и стабилност се од клучно значење за здравиот развој на децата, особено на воените сирачиња. СОС мајките, домовите како и заедницата која тие

можат да ја обезбедат, можат да ја потполнат емотивната празнина на децата кои ја изгубиле секоја можност за љубов и припадност.

Со само неколку марки во џебот, тој го основа првото здружение на СОС Детското Село, во 1949 година. Истата година е поставен камен темелникот за првото СОС Детско село во градот Имст, 30 милји од главниот град на Тирол, Инсбург.

Сместено на височинка, над малото Алпско гратче, Имст Детското село почнува со работа врз основа на мали донации, но со многу ентузијазам од страна на поедини граѓани, особено оние кои на своја кожа ги почувствувале разорените градови и сиромаштијата.

Во 1950тата година, ова единствено село станува отскокна даска за развој на светската мрежа од околу 500 Детски села кои ги знаеме денеска. Гмајнер планирал да стане лекар, но неговата голема страст за чување деца станува приоритет, па така набргу и ги напушта студиите на медицина.

Тој се јавува и во улога на директор на првото СОС Детско село, а учествува и во аранжирањето на следните детски села во Австрија и другите земји ширум Европа.

Умира 1986-тата година, а е погребан во Имст-Детското село, но неговите записи живеат во срцата и умовите на милиони луѓе ширум светот, чии што животи биле сменети благодарение на неговата визија.

Во 1960 година, е основано интернационалното СОС Детското Село, во Стразбург, како заштитна (кровна) организација на СОС Детските села, со Херман Гмајнер како претседател.

Во следните години, активностите на СОС Детското село, се прошируваат надвор од Европа. Со кампањата „зрна ориз“ собира доволно средства да си дозволи да изгради прво СОС Детско село надвор од Европа, поточно во Јужна Кореја, во 1963 година, а следуваат и основање на СОС Детски села на Американскиот и Африканскиот континент. Во 1985 година, работата на Гмајнер резултира со вкупно 233 СОС Детски села, во вкупно 85 земји. (www.sos-childrensvillages.org/About-us/History)

## 1.1. Историски преглед на развојот на СОС Детските села

Во продолжение даваме краток историски преглед на тоа кога и каде се јавувале СОС Детските села, во Европа и светот.

1949 година - основано првото здружение на СОС Детско село во Австрија и првото СОС Детско село во Имст, Австрија од Херман Гмајнер;

1955 година – првиот СОС дом за младинци изграден во Инсбурк, Австрија, а здруженија на СОС Детско село веќе се основани во Франција, Германија и Италија;

1960 година - основано првото интернационално здружение Kinderdorf International, како кровна организација за сите здруженија на СОС Детските села;

1963 година - СОС активностите се проширени надвор од Европа со првите проекти во Јужна Кореја и Еквадорот;

1970 година - првото африканско СОС Детско Село на Брегот на Слоновата коска. Понатаму проектите за СОС Детското село се прошируваат во Гана, Кенија и Сјер Леон;

1982 година - отворена првата Херман Гмајнер академија во Инсбург, како тренинг центар за обука на вработениот персонал од целиот свет на СОС детското село;

1991 година – отворени првите СОС Детски села во Полска и Советскиот сојуз, нови проекти во Бугарија и Романија; Основање на првото СОС Детско село во САД;

1995 година – SOS Kinderdorf International класифициран како НВО со консултативен статус II категорија со економски и социјален совет во ОН;

1999 година – златен јубилеј: 400 СОС Детски села, 375 објекти за младинци и околу 750 останати објекти ширум светот;

2002 година – SOS Kinderdorf International добива Конрад Хилтон хуманитарна награда, светки призната хуманитарна награда, за исключителен допринос во правец на ублажување на човечкото страдање;

2005 година – после катастрофата од цунами во Азија, СОС Детското село обезбедува итна помош (храна, лекови, привремено сместување), како и долготрајна поддршка (реконструкција на целото село, обнова на центрите во заедницата, училиштата, изградба на СОС Детски села) во Индија, Шри Ланка, Индонезија и Тајланд

2007 година – 100-то Европско СОС Детско село се отвара во Валмиера, Летонија. Организацијата им помага на жртвите од природните катастрофи во Боливија, Индонезија, Перу и Уругвај, како и на раселените лица во кризно разорените региони како што се Судан, Чад и Сомалија. СОС Детското село добива награда од страна на OPEC фондот за развој. Во период од 4 години, програмите за зајакнување на семејството помогнала на повеќе од 80 000 деца и семејства.
( www.soschildrensvillages.org.uk/files/brief-history)

Денес оваа мрежа е широко разгранета, па оваа организација може да се пофали со голем број на СОС Детски села, СОС Младински заедници, градинки и училишта во рамките на СОС Детските села и сл. Во продолжение табеларно ги приложуваме податоците во однос на типот на објекти кои постојат, нивниот број и бројот на корисници во светски рамки и Европа.

*Табела 2: Мрежа на СОС установи во светот*

| Тип на објект | број | Корисници |
|---|---|---|
| **СОС Детски села** | 508 | **59 130** |
| **СОС Младински објекти** | 383 | **17 311** |
| **СОС Детски градинки** | 228 | **23 297** |
| **СОС Херман Гмајнер училишта** | 191 | **112 027** |
| **СОС Центри за стручно оспособување** | 64 | **19 287** |
| **СОС Социјални центри** | 566 | **299 904** |
| **СОС Медицински центри** | 68 | **398 169** |
| **СОС Програми за итна помош** | 10 | **129 793** |
| **Вкупно** | **2018** | **1 058 918** |

Извор: www.sos-childrensvillages.org/About-us/Statistics

Табела 3: *Мрежа на СОС установи во Европа*

| Тип на објект | број | Корисници |
|---|---|---|
| **СОС Детски села** | 106 | **4831** |
| **СОС Младински објекти** | 79 | **3799** |
| **СОС Детски градинки** | 21 | **851** |
| **СОС Херман Гмајнер училишта** | 1 | **283** |
| **СОС Центри за стручно оспособување** | 8 | **11 795** |
| **СОС Социјални центри** | 119 | **63 722** |
| **СОС Медицински центри** | 1 | **51** |
| **СОС Програми за итна помош** | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **335** | **85 332** |

Извор: www.sos-childrensvillages.org/About-us/Statistics

## 2. Организациска структура на меѓународното СОС Детско село

Во текот на многуте децении, СОС Детското село прераснува во мрежа од преку 100 здруженија и денес е активно ширум светот. Тоа е комбинација од автономна локална одговорност, глобална акција и едноставен концепт кој не застарува, што е од клучно значење за сигурната и успешната работа на СОС Детското село.

Меѓународното здружение на СОС Детско село, како кровна организација со која се поврзани сите здруженија на СОС Детските села во светот, ги има следниве задачи:

1. Да го гарантира почитувањето на основните принципи на работа на СОС Детското село, како и на основните образовни и административни насоки;

2. Да ги подржува националните здруженија во нивната работа на основа на филозофијата на СОС Детското село.

Генералното собрание, кое се избира на секои 4 години, е врховен орган кој ги донесува одлуките. Секој член на здружението има право да учествува и гласа во генералното собрание на меѓународното здружение на СОС Детско село.

Собранието избира претседател и потпретседател со 4 годишен мандат, како и членови на одборот кои се нарекуваат Меѓународен сенат.

Меѓународниот сенат се состои од најмногу 20 членови, плус како што споменавме претседателот и потпретседателот, кои имаат мандат од 4 години. Некои од главните задачи на Меѓународниот сенат се:

1. Разгледување и одлучување за некои фундаментални прашања поврзани со политиката на организацијата;

2. Поднесување на предлог до Генералното собрание во врска со утврдување на цели и приоритети на идните активности на здружението;

3. Усвојување на годишниот буџет и состојбата на билансот на СОС Kinderdorf International;

4. Избор и именување на членови на комисијата и вработените (извршен комитет, генерален секретар, почесни членови и сл.);

5. Прием и исклучување на членови на здруженијата.

Генералниот секретар го води Генералниот секретаријат кој е извршен дел на организацијата. Главни одговорности на генералниот секретаријат се:

1. Да го обезбеди функционирањето и да го доведе развојот на глобалната организација на основа на одлуките на легалните органи: стратегија и политика на развојот, мониторинг и евалуација и сл.

2. Да обезбеди услуга и поддршка за развојот на членовите на меѓународното здружение: изградба на капацитети, размена на знаења, проток на информации и сл. ( www.sos-childrensvillages.org/About-us/Organisational-structure)

## 3. Концептот на СОС Детското село

СОС Детското село претставува независна, невладина организација за социјален развој, која е активна во областа на детската грижа, потреби и права од 1949 година. Нејзините активности се фокусираат на запоставените и напуштените деца и сирачиња, како и загрозените семејства.

Ако детето и децата не можат да останат со своето биолошко семејство, нивното право на грижа, заштита и еднакви можности и понатаму треба да биде

загарантирано. Ова е основниот принцип според кој функционираат СОС Детските села во 132 земји во светот. СОС Детските села овозможуваат на напуштените деца и сирачињата повторно да бидат дел од семејство, обезбедувајќи им домови и семејна грижа.

Децата се вклучуваат во СОС Детското село, доколку е веројатно или сигурно дека нема да се вратат на своето биолошко семејство.

Во многу случаи, превентивната нега за поддршка и стабилизација на семејството, во време на кризи, може да значи дека семејството не се распаѓа. Поради тоа, покрај СОС Детското село, се обезбедуваат и програми и објекти за семејно зајакнување, кои нудат насочена промоција, поддршка и совети за социјално и економски загрозените семејства.

Посветеноста на оваа организација да се грижи за децата на своја сметка, и тоа на најдобар можен начин, бара дополнителни инвестиции во многу региони на светот, не само да се обезбедат основните потреби на децата и емотивна стабилност, туку и да ги подготви темелно за независност.

Поддржувачките објекти како што се градинките, училиштата и стручното образование се клучен дел од нив. Сите објекти за образование и стручно оспособување се исто така отворени за јавноста.

Освен давање нега на децата и младите луѓе, покрај програмите за семејно зајакнување и обезбедување на стручна обука, СОС Детските села се грижат за основните здравствени потреби на народот, преку медицински центри во многу места. Центрите се наменети за образовни и здравствени цели, особено во поглед на борбата против AIDS, и да ги научи луѓето како најдобро да се грижат за сопственото, но и здравјето на своите деца.

Онаму каде што постојат СОС Детските села, може да се дава непосредна помош во случај на кризи, војна или природни катастрофи. Програмите за итна помош се поддржани со вонредни клиники, привремени центри за давање храна и итни склоништа.

Целна група на итната помош претставуваат децата и нивните семејствата. Меѓутоа бидејќи СОС Детските села настојуваат да го стабилизираат семејството на долгорочна основа, итната помош доведува до создавање на трајни објекти, како

што се СОС Детските села и други објекти за социјална помош. (www.soschildrensvillages.ca/What-we-do)

## 3.1. Принципи на СОС Детското село

Со концептот на СОС Детското село, оваа организација постави пионерски семеен пристап во долготрајната грижа за деца без родители и родителска грижа. Овој концепт е заснован врз четири принципи:

*1. Мајка- Секое дете има родител кој се грижи за него*

СОС мајката гради блиска врска со секое дете кое и е доверено, му ја обезбедува потребната сигурност, љубов и стабилност. Професионалец во грижа за децата, таа живее со нив, го води нивниот развој и самостојно раководи со домаќинството. Таа ја признава и ја почитува семејната историја, културните корени и религијата на секое дете.

*2. Браќа и сестри- Семејните врски природно се развиваат*

Девојчиња и момчиња на различна возраст живеат заедно како браќа и сестри (биолошките браќа и сестри живеат во исто семејство). Емотивните врски кои се градат во семејството траат цел живот.

*3. Куќа- Секое семејство создава свој дом*

Куќата е домот на секое семејство, со сопствена атмосфера, ритам и секојдневие. Под куќниот покрив, децата стекнуваат вистинско чувство на сигурност и припаѓање. Децата растат и учат заедно, ги споделуваат одговорностите и сите радости и таги на секојдневниот живот.

*4. Село- СОС семејството е дел од заедницата*

СОС семејствата живеат заедно, создавајќи пријатна околина во која децата уживаат среќно детство. Семејствата споделуваат искуства и меѓусебно си помагаат. Тие се интегрирани членови на локалната заедница со сопствен придонес

кон неа. Преку семејството, селото и заедницата, секое дете учи активно да учествува во општеството. (www.sos-childrensvillages.org/What-we-do/family-based-care/childrens-village)

## 4. Мисија на СОС Детското село

*„Во прашање е создавање на цврста валута на љубов, овозможување материјалната помош која ја нудиме да стане ефективна и на духовно ниво.“*

Херман Гмајнер

Мисијата на оваа организација е претставена преку следниве три чекори:

*1. Градиме семејства за деца во ризик*

Работат за децата без родители и родителска грижа, деца сираци, напуштени или чии семејства не се во можност да се грижат за нив. На овие деца им се дава можност да изградат трајни семејни врски. Семејниот пристап во СОС Детското село е заснован на четири принципи: на секое дете му е потребна мајка, тоа нормално расте со браќа и сестри, во своја сопствена куќа, во рамките на здравата и пријатна околина на селото.

*2. Им помагаме да ја оформат сопствената иднина*

На децата им се овозможува да живеат во согласност со сопствената култура и религија и да станат активни членови на општеството. Им се помага на децата да ги препознаат и да ги изразат индивидуалните способности, интереси и таленти. Се грижат за децата да стекнат образование и вештитни потребни за успешно вклопување во општеството како членови кои придонесуваат.

*3. Учествуваме во развојот на нивните заедници*

Овие организации учествуваат во општествениот живот и одговараат на потребите за социјален развој на општествено најранливите деца и младинци. Се градат установи и програми кои се стремат да ги зајакнат семејствата и да го

спречат напуштањето на децата, а се здружуваат со членовите на општеството за да им се овозможи на децата образование и здравствена заштита.

## 4.1. Зајакнување на семејството

Родителите кои имаат проблематично живеење или се во ситуација на криза често не можат да се изборат и затоа не се во можност да се грижат за своите деца. Многумина ги немаат основните средства, како што се пари да се платат образовните и здравствените трошоци, доволно сили, добро здравје или доверба во иднината.

Преку своите програми за зајакнување на семејствата, СОС Детските села се надеваат дека ќе им помогнат на семејствата да научат да се грижат сами за себе, за да можат да живеат самостојно и долготрајно. Само на таков начин може да се обезбеди децата да не се препуштат сами на себе, и да останат во семејството.

СОС Детските села се убедени дека најдобро за детето е да остане во своето семејство. Милиони деца ширум светот ја изгубиле заштитата на своето семејство. Сиромаштијата, болестите, насилството, природните катастрофи и вооружените конфликти, се причина секојдневно да се зголемува бројот на децата кои се наоѓаат во опасност да бидат напуштени, занемарени и/или злоупотребувани.

СОС Детските села во соработка со заедницата и локалните партнери работат на поддршката на загрозените семејства ширум светот. Овие програми за зајакнување на семејството се насочени, во согласност со локалните околности, кон посебни целни групи како што се самохрани мајки, семејства кои се погодени од ХИВ, семејства со финансиски проблеми кои најчесто се поврзани и со зависности, болести и исклучување. Програмите на СОС Детското село за зајканување на семејството се поделени во три фази:

**а) Краткотрајна поддршка** (обезбедување опстанок и развој на децата)

Пари за училиште, топол оброк на ден, често-многу малку е потребно да се направи чекор кон ублажување на бедата и да се обезбеди децата да преживеат и да имаат здрав разум. Примањето на основната медицинска нега или пристапот до образованието се одлучувачки фактори кога се во прашање нивните изгледи за

иднината. Тоа е причина зошто СОС Детското село им помага на загрозените семејства да ги обезбедат основните потреби за нивните деца и да воспостават еднакви права во областа на образованието. Семејствата добиваат на пр. редовни посети и совети. Предвидени се и пакети храна, а образовните и здравствените трошоци понекогаш се плаќаат.

**б) Среднотрајна поддршка** ( поддршка на родителите и давање совети)

Сиромаштијата и тешките животни услови значат дека многу родители не можат да се грижат за своите деца на соодветен начин. Тие не успеваат да заработат за живот или немаат сила или средства за заштита на здравјето на своите деца. Овој маѓепсан круг може да се прекине во многу случаи, но ако се даде соодветна поддршка. СОС Детското село им стои на располагање на овие родители, а тоа им дава сила и ги поддржува во докажувањето на нивните права пред официјалните власти. Многу родители имаат прилика, како дел од програмите за зајакнување на семејството од страна на СОС Детското село, да направат нов старт преку тренинзите и микро-кредитите. Тие можат да добијат совети и размена на новооткриената сила со другите, стануваат посилни и за своите деца и за себе.

**в) Долготрајна поддршка** (создавање на социјална мрежа за децата)

СОС Детското село ги поддржува семејствата и заедниците, така што тие се во состојба сами да ја обезбедат иднината за своите деца. Тоа е причината зошто програмите за зајакнување на семејствата на СОС Детското село, се потпираат на работата со заедницата и волонтерската работа. На ваков начин оние кои донесуваат одлуки, се вклучени во процесот на анализа на објективните потреби, кога се донесува одлука за тоа на кое семејство му е потребна помош. Само на таков начин може да се развие општествена мрежа, која ќе продолжи да им помага на локалните граѓани и ќе им дава поддршка на долготрајна основа, без помош од страна на СОС Детското село. (www.sos-childrensvillages.org)

## 4.2. Образование и стручно оспособување на децата

СОС Детските села, даваат централно место на образованието и работат на тоа да обезбедат образовна помош на децата кои растат во детските села, оние кои

посетуваат програма за семејно зајакнување како и сите оние кои се загрозени, но и млади луѓе од заедницата со кои тие работат.

Во Европа децата и младите луѓе од СОС Детските села ги посетуваат локалните училишта и ги користат постоечкото образование и обука. Меѓутоа надвор од Европа и во регионите каде што постојат СОС Детски села, образовниот систем е често пати неадекватен, поради недостаток на финансиски средства и помош од државата.

Така, во некои случаи образовната поддршка се состои од обезбедување пристап кон образованието, како на пр. помош на децата и семејствата да ги обезбедат средствата потребни за школарина, училишен прибор и униформа. Во други случаи, кога образовните објекти не се достапни, СОС Детските села нудат градинки, основно и средно училиште, како и стручни центри. Сите Херман Гмајнер училишта, често се сметаат како модел на училиште во земјите на нивната локација, тие се државно признати и работат според важечките национални програми. (www.sos-childrensvillages.org/what-we-do/education)

**а) Ран развој**

Стимулативната и образовна средина е од суштинско значење за раниот развој на децата. Ако се навратиме на пионерските денови на СОС Детските села ќе забележиме дека оваа потреба е призната како таква, а со тоа и важноста од градењето на СОС детски градинки, заедно со СОС Детски села, секаде каде што такви објекти не постојат.

Целта на овие установи е развој на социјалните, менталните и моторичките способности на децата, во разиграно опкружување за учење. Наставните методи на вработените како и играчките и игрите кои ќе се користат се засновани на образовните теории на Марија Монтесори и Фридрих Фребел. Водејќи сметка за културните потреби на конкретната земја, наставата е прилагодена на локалната култура.

Покрај редовните активности на градинките, предучилишните програми обезбедуваат стимулација на младите луѓе во согласност со нивните таленти и ги подготвуваат за прием во основно училиште. Тренерските програми се исто така, достапни за децата со посебни потреби. Освен тоа за многу жени кои се задолжени

сами за сопственото домаќинство, дневната грижа (дневен престој) за децата, почнувајќи уште од најрана возраст, им помага да ги задржат работните места и финансиски да му помогнат на сопственото семејство.

Основните и средните училишта кои нудат настава од прво до деветто одделение, се најчесто посетувани училишта помеѓу училиштата на Херман Гмајнер. (www.sos-childrensvillages.org/what-we-do/education/going-to-school)

**б) Стручно образование** (подготовка за иднината)

За да се научи трговијата и да се зголемат шансите на пазарот на трудот, СОС центрите за стручно оспособување, нудат курсеви и образование за трговијата, индустријата и разни други гранки на услуги. Она што се учи во овие образовни центри е строго насочено кон локалните и регионалните перспективи за работа, како на пр. механиката на автомобилите, столарство, печатење, водовод, електротехника, трговија, земјоделство и информатичка технологија. Производите и услугите кои ќе резултираат од нивната работа, се понудени на локалниот пазар на труд.

Младите од СОС Детското село како и младите луѓе кои се социјално загрозени, добиваат прилика да ги развијат своите стручни вештини или да стекнат друга квалификација, која ќе им овозможи да живеат самостоен живот како возрасни луѓе кои можат да се соочат со економскиот и социјалниот притисок кој е ставен врз нив.

Честопати центрите во соработка со локалните претпријатија и други партнери, прават истражување на пазарот на трудот, а нудат и совети за кариера.

Секоја форма на обука што се организира од страна на СОС Детското село, е со она времетрање кое што е норма за таа земја, ја следи истата програма и го нуди истото практично искуство. По завршувањето на програмата за стручно оспособување младите добиваат диплома која е признаена во државата или сертификат за занает. (www.sos-childrensvillages.org/what-we-do)

## 4.3. Застапување на правата на децата

СОС Детското село ги почитува и ги промовира правата на сите деца. Преку застапувањето, организацијата може да го користи своето големо искуство да ги поддржи децата да ги остварат своите права. Милион деца ширум светот кои се без родители и родителска грижа или се во опасност да ја изгубат истата, се особено чувствителни на кршењето на нивните човечки права. Тие се изложени на сиромаштија, исклучувања и дискриминација, а посебно се чувствителни на злоупотреба и експлоатација.

Додека се во нивна надлежност овие деца, СОС Детското село им помага во борбата да ги остварат своите права, да ги подобрат своите животни услови, но и да ги решат причините за проблемите со кои се соочуваат.

Преку застапувањето на овие деца, СОС Детското село има за цел, на донесителите на одлуки да им ја стави до знаење загриженоста дека врз овие деца големо влијание имаат промените во политиката и праксата кои ја нарушуваат нивната добра состојба.

Освен тоа децата се поттикнуваат да учествуваат во донесувањето на одлуки кои влијаат на нивните животи и се водат кон тоа да преземаат активна улога во сопствениот развој.

Како што во поголемиот број на универзално признаени инструменти за човечки права, Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на децата ја сочинуваат сите оние права кои ги уживаат сите деца насекаде во светот. СОС Детските села работат во духот на оваа Конвенција, промовирајќи ги правата на ОН за децата, ги поставува и им помага на децата да ги бараат истите.

На децата им е потребна посебна грижа и заштита, тие се ранливи членови на општеството, кои често не можат да се изразат и лесно да се предвидат.

Конвенцијата на основните вредности, или „водечките принципи" служи како константна референца за толкување, примена и следење на правата на детето. Тоа се следниве:

1. Сите права кои се гарантирани со Конвенцијата, мора да бидат достапни за сите деца, без дискриминација од било кој вид;

2. Најдобрите интереси на детето мора да бидат примарни кога се разгледува било која активност која се однесува на детето;

3. Секое дете има право на живот, опстанок и развој;

4. Погледите на детето мора да се разгледуваат и да се земаат во предвид за сите прашања кои се однесуваат на него.

СОС Детското село, како што беше истакнато, работи во духот на Конвенцијата, со правата на детето како главен темел. Правата на децата ја насочуваат работата на организацијата која ги поддржува децата без родителска грижа, нивните семејства и заедници. Конечно, целта на оваа организација е да им помогне на децата да си ги бараат своите права, како актери на нивните права, наместо да бидат објекти на заштита или жртви на околностите.

Децата без родителска грижа се посебно чувствителни на болестите ширум светот и затоа имаат посебни права во рамките на Конвенцијата на ОН за правата на децата. СОС Детските села ги поддржуваат овие права и работат на тоа да се создаде најдобра можна семејна средина за децата. Ширум светот постојат милиони деца кои живеат без поддршката на еден или двајцата родители. Некои од нив ги изгубиле своите родители во војна, од болест, но поголемиот дел од нив се одвоени од своите родители како резултат на пр. на вооружени конфликти или природни катастрофи, или се отстранети од своите семејства заради занемарување или злоупотреба, злоупотреба на дрога и алкохол, тинејџерска бременост и сл.

Оваа група на деца е особено загрозена во општеството. Тие можат да бидат предмет на општествена и културна стигматизација, а често пати можат да бидат ускратени со правото на пристап до образовнието, социјалните служби и соодветната здравствена заштита. Овие деца носат поголем ризик да бидат заболени од ХИВ инфекции, да бидат злоупотребувани и експлоатирани. Во многу случаи тие не поседуваат крштеница и немаат право на наследство, што уште повеќе ги прави подложни на експлоатација.

И покрај тоа што семејството, од страна на Конвенцијата, се признава како основна група на општеството, нејзините претставници се согласуваат дека

биолошкото семејство на детето секогаш не е во најдобар интерес на детето. Во вакви случаи, во Конвенцијата се наведува дека децата без родителска грижа и заштита имаат право да бидат сместени во соодветна алтернативна и квалитетна форма на заштита.

СОС Детското село силно верува дека секое дете има право да расте со грижа и разбирање во семејното опкружување, па токму затоа оваа организација работи на тоа, секое дете кому му е скратено правото да расте со биолошките родители, да му се обезбеди грижа, љубов и почитување, бидејќи секое дете има право на тоа. (sos-childrensvillages.org/what-we-do/advocating-child-rights)

## 5. Професија: СОС мајка

Изградбата на стабилни односи и семејни врски, секогаш била цел кон која се стреми СОС Детското село, а најголеми барања се поставуваат пред СОС мајките. Имено, тие ја преземаат работата на биолошките родители, СОС мајката станува лице на кое и е доверено детето на грижа и личност на која децата можат да се потпрат. Истовремено таа е професионалец во грижата за децата, која благодарение на своето образование може да им се приближи на децата и на нивните животни истории.

СОС Детските села бараат такви жени за СОС мајки, чија што личност и начин на живот дозволуваат тие да се ориентираат кон децата. Преку односот кој го гради со секое дете индивидуално, СОС мајката станува дел од животот на секое дете. Таа го води развојниот процес на секое дете, работи заедно со директорот и другите соработници на селото за да го промовираат секое дете на најдобар можен начин.

СОС мајките се во центарот на работата на детските села, и претставуваат клучен дел од она што овие организации ги издвојува од другите добротворни организации за деца и сиропиталиштата. СОС мајките се посветени жени, кои работат за доброто на детето секојдневно, живеат со нив, се грижат за нив, за нивната удобност и слават заедно со нив. Всушност, тие ги работат сите нормални работи кои би ги работела секоја мајка.

Многу деца кои биле штитеници на оваа организација и по напуштањето на истата остануваат уште долго време во контакт со своите СОС мајки. Ова укажува на фактот дека постои истата онаа силна врска како помеѓу природна мајка и дете.

Поради барањата кои доаѓаат со нејзината професија, таа често пати е растргната помеѓу приватниот и професионалниот живот, помеѓу семејниот живот и организацијата секогаш мора да ја одржи својата рамнотежа. СОС мајката добива плата за нејзината работа, но и месечен буџет на располагање, во зависност од тоа колку деца и се доверени на грижа и работи независно во своето домаќинство. Нејзе и помага семеен помошник, кој во многу земји се именува како СОС тетка.

- **Кој станува СОС мајка?**

Во принцип, СОС Детското село бара немажени жени, на возраст од 25 до 40 години, кои имаат најмалку 8-9 години училишно образование. Како непоходни способности се истакнуваат способност да остане смирена, психичка стабилност, способност да ги изгради и одржува односите, како и образовни вештини, понатаму знаења од областа на домаќинството, но и подготвеност да се обврзат на оваа професија и да подигнат барем една генерација деца во СОС семејствата.

Во некои европски земји, СОС мајки стануваат и мажени жени, а некаде и парови работат со СОС семејствата. Посебна сила на СОС Детското село е фактот што секоја земја го вработува локалното граѓанство, а ова се разбира, се однесува и на СОС мајките.

- **Професионализација на СОС мајките**

Од самиот почеток, основачот Херман Гмајнер имал визија во врска со улогата на СОС мајките, а тоа е истата да стане независна професија. Во 1978 година, биле поставени првите меѓународни стандарди во поглед на селекцијата, обуката и поддршката на мрежата за СОС мајките. Тие се ставени во пракса и постојано се ажурираат од страна на националните здруженија на СОС Детските села. Со овие стандарди се осигурува дека организацијата ги исполнува своите обврски во однос на обезбедувањето потребни услови во чии што рамки СОС мајките ќе ги исполнуваат своите задачи.

Обуката и понатамошното оспособување на СОС мајките зависат од економската, културната и социјалната ситуација во секој регион и варира во

согласност со нив. Спектарот тргнува од регионалните и националните центри за обука кон програмите организирани во СОС Детското село или во соработка со други организации. Меѓутоа тоа е организиран процес, па така секоја СОС мајка добива, најмалку две години, основна обука. Тоа се состои од 3 месеци теориска и 21 месец практична обука, наречена обука на работно место.

Во текот на теоретскиот дел, жените учат широк спектар на теми кои го покриваат опсегот на задачи на СОС мајките (образовни и психолошки предмети, домаќинство, прехрамбени науки, креативни методи и сл.)

Квалификувани тренери на претходното искуство на жените го додаваат и ова учење, овозможувајќи им на тој начин и понатаму да ги развиваат своите лични и професионални способности. Во еден од стандардите на интернационалното СОС Детско село на прирачникот за вработените стои следново: *„СОС мајка е професија која постојано се развива и понатаму.“*

На СОС мајките им се понудени високи образовни стандарди, како и поддршка и понатамошна обука. Целта е и понатаму таа да ги развива своите лични и професионални вештини за да обезбеди најдобра можна грижа на децата и младината кои и се доверени.

Професиите кои што бараат да се живее и работи во рамките на семејниот систем, до сега честопати не се земаа во обзир од страна на соодветните национални закони за работа. Затоа денеска, мал број на земји ја признаваат работата на СОС мајката како професија.

СОС Детските села се стремат кон признавање на СОС мајката како професија, и признавање на програмите за обука на СОС мајките од страна на образовните власти во сите земји ширум светот, односно да се нагласи статусот на СОС мајките како професионалци за грижата на децата.

- **Дополнителна поддршка на СОС мајката**

Покрај редовните состаноци со своите надредени, со директорот на селото, СОС мајката може да ангажира и други стручни понуди, кога тоа е потребно. Ова вклучува изучувања на помагала или слободни активности, кои што ги организира

образовен соработник, терапевтски сеанси за децата или психолошко советување за себе. Селската заедница е мрежа во која СОС мајката наоѓа поддршка и дијалог.

Кога работниот век на СОС мајките се приближува кон крајот, тие можат да се подготват за својата пензија, преку индивидуални сесии и специјализирани семинари со други СОС мајки кои што се соочуваат со истите промени во животот.

Освен тоа во земјите во кои што не постои национален систем за заминување во пензија, СОС Детското село ги поддржува оние жени кои работеле како СОС мајки најмалку 15 години, а кои оствариле пензии, преку исплата на месечна пензија. Жените исто така можат да добијат можност за постојан престој во СОС Детското село како и основна здравствена заштита. (www.sos-childrensvillages.org/profesionsosmother)

## 6. Профил на деца кои се згрижуваат

И покрај напорите на меѓународните тела, владините и невладините организации, се поголем број на деца во светот не добиваат грижа од своето биолошко семејство. Значаен број на овие деца спаѓаат во следниве групи:

- **Сирачиња**

И покрај тоа што податоците за точниот број на деца кои останале без еден или двајца родители после нивната смрт не се достапни, се проценува дека до крајот на 2005 година имало повеќе од 133 милиони деца-сирачиња во светски рамки. Во текот на изминатата деценија, 1 милион деца остануваат сирачиња како резултат на конфликти. Во текот на 2007 година било проценето дека 2,1 милион деца под 15 години и околу 5,4 милиони деца на возраст од 15-24 години, биле заболени од ХИВ вирусот.

*75% од децата во СОС Детските села во Кенија и 71% од децата во Малавија се сирачиња, во поголемиот број случаи како резултат на ХИВ вирусот. Уште 26% од децата кои живеат во СОС Детското село во Малавија се сирачиња без мајка, додека живеалиштето на таткото е непознато. Во Лаос 72% од децата кои се згрижени ги изгубиле двајцата родители. Во Индија 27% од децата се сирачиња, а во 45% од случаевите родителите не се во состојба да се*

*грижат за своите деца. Во Виетнам 79% од децата во СОС Детското село се сирачиња.* (Every child has a right to a family, 2008, стр. 35)

- **Деца кои се одвоени од своите родители**

Децата можат привремено или трајно да бидат одвоени од своите биолошки родители и од заедницата во која живеат. Во последната декада повеќе од 20 милиони деца биле раселени како резултат на војна или природни катастрофи во земјата, но и надвор од неа, а 250 000 деца се земени да бидат деца-војници. Во 2002 година, 246 милиони деца се ангажирани како работници, многу од нив живеат на улица, а околу 1,2 милиони деца секоја година се жртви на трговијата со луѓе.

Многу од овие деца се занемарени или напуштени од страна на нивните родители, ги напуштиле своите семејства, биле измамени со лажни ветувања, или биле киднапирани. Во многу случаи не се прават напори да се врати детето на своето семејство, а во други се преземаат и такви чекори.

- **Деца на самохрани мајки и тинејџерки**

Со оглед на тоа дека се повеќе семејствата се под економски стрес, се поголем е бројот на девојките и младите жени кои се сексуално активни во младите години, во замена за пари, добра или заштита. Тоа може да доведе до самохрано мајчинство. Самохраните мајки и нивните деца се често сериозно стигматизирани, особено во деловите на Азија, Африка и Блискиот Исток.

Таквите притисоци на младите жени, кои исто така не се подготвени да се соочат со предизвиците да грижат за своите деца, можат да бидат причина мајките да ги напуштат своите деца.

*Во многу земји, децата кои живеат во СОС Детското село, се напуштени, главно затоа што се родени во вонбрачна заедница, како на пр. во Индија (23%), во Шри Ланка (35%), во Египет (90%). Во најголемиот број случаи, на биолошките родители на напуштените деца не може да им се влезе во траг, тие се непознати. Во некои земји девојчињата се непосакувани и затоа се напуштани во поголем број од машките деца, во други пак, каде девојчињата се злоупотребувани како домашни слугинки, поголем е бројот на машките деца кои се напуштени.* (ibid, стр. 37)

- **Деца кои се одземени од родителите од страна на државата**

Владата и овластените органи, често го одделуваат детето од неговото биолошко семејство, затоа што сметаат дека неговите родители се или неспособни да се грижат за него или ги кршат правата на детето.

Причините за отстранување се најчесто малтретирање и злоупотреба, криминални активности, тинејџерска бременост, алкохол или дрога, како и силна физичка или психичка болест. Често интервенциите за поддршка доаѓаат предоцна, кога веќе способноста на родителите да се грижат за своето дете е трајно оштететена.

*Во Чешка 65% од децата во СОС Детското село потекнуваат од семејства во кои родителите се соочуваат со долготрајни алкохолни и наркомански проблеми. Во Финска овој број на деца достигнува 54% , а во Венецуела 38%.* (ibid, стр. 38)

Злоупотребата во семејството е главна причина за одземање на детето од неговите родители, особено во Западна Европа и Латинска Америка. Злоупотребата се движи од занемарување до психолошка злоупотреба, телесно казнување или сексуална злоупотреба.

Конкретни податоци за точниот број на деца кои страдаат од било каква злоупотреба во рамки на семејството се ретки, како резултат на недоволна јасност во дефинирањето на злоупотребата, како и лошата документација во случаите.

Се проценува дека околу 275 милиони деца се жртви на семејно насилство. Иако пријавениот број на смртни случаи на деца од злоупотреба опаѓа во последните неколку години, сепак овој број е висок и понатаму. Во 2002 година во светски рамки, околу 125 000 деца, помлади од 17 години, починале како резултат на физичко насилство. Во Латинска Америка се проценува дека годишно 6 милиони деца патат од насилство во нивните домови и семејства што доведува до 80 000 смртни случаи годишно.

*75% од децата згрижени во СОС Детските села во Венецуела имале претходно искуство од физичко и психичко насилство, малтретирање, вклучувајќи и сексуалната злоупотреба. Бројот на деца кои што биле жртви на злоупотреба*

*расте до 88% во Хрватска, 75% во Белорусија, а до 55% во Литванија.* (ibid, стр. 40)

СОС Детското село верува дека загрозените семејства и самохраните мајки мораат да бидат поддржани, а децата треба да останат со своите биолошки родители кога тоа е можно. Социјалните, политичките и економските причини кои предизвикуваат ранливост на децата ширум светот, мора да се откријат и да се воспостават превентивни мерки. Програмите за чување на детето надвор од куќата мора да бидат надополнување на напорите насочени кон зајакнување и поддршка на биолошкото семејство и локалната заедница. Чувањето на децата надвор од дома одговара тогаш кога другите опции за поддршка не успеале и помага на оние деца кои во спротивно би останале незаштитени. (SOS-Kinderdorf International, 2008, 10-12)

## 7. Работа на партнерство со биолошкото семејство

Односот помеѓу детето, неговото биолошко семејство и негувателот се пресудни за успешен развој на детето. Во земјите во кои општествената позадина и поширокиот семеен систем се фактори од витално значење за успешна интеграција во општеството, улогата на негата надвор од домот е посебно прашање. Програмите за нега надвор од домот мораат да соработуваат со биолошкото семејство. Во прирачникот „ Секое дете има право на семејство“ (Every child has a right to a family, 2008, стр. 56-58) во однос на ова прашање се истакнува следново:

1. Детето и неговото биолошко семејство треба да одржуваат редовни контакти, секогаш кога тоа е во најдобар интерес на детето;

2. Биолошкото семејство треба да биде признаено како рамноправен партнер во заштитата на детето, како и да биде вклучено, колку е тоа можно во донесувањето одлуки и заедничките активности;

3. Биолошките родители треба да бидат способни да ги одржат родителските одговорности и да добиваат специјализирана поддршка кога тоа е потребно;

4. Детето треба да се охрабри да ја запознае својата позадина и во потполност да ја разбере причината зошто мора да биде вклучено во програмата за

нега надвор од домот. Познавањето на сопствените родители, семејството, како и историјата на сместувањето, му помага на детето да го бара сопствениот идентитет и тоа е природен дел од детскиот развој. (SOS-Kinderdorf International, 2008, 26)

## 8. Краток преглед на СОС Детското село во неколку земји со најдолга традиција

СОС Детското село, како организација за згрижување на децата без родители и родителска грижа, како што споменавме, датира од 1949 година. Од тогаш до денес, оваа мрежа се шири и развива во многу земји ширум светот.

Денес во132 земји, постојат вкупно 508 СОС Детски села. Овие организации работат според интернационални стандарди, што значи визијата, концептот и мисијата се идентични во секое СОС Детско село, независно каде се наоѓа.

Од друга страна пак, секое село функционира во различна средина, со различен степен на економски, социјален и културен развој. Тоа неминовно резултира со некои варијации во работата на СОС Детското село. Во продолжение накратко ќе ги претставиме СОС Детските села во земјите во кои најрано се јавуваат овие организации и да видиме дали тие со оглед на подолгата традиција имаат нешто што ги одвојува од детските села во другите земји, ги прави посебни и дали можеби подолгата традиција ги прави поуспешни од останатите.

### 8.1. СОС Детското село во Имст, Австрија

Токму во ова мало место, Херман Гмајнер ја добива идејата и го започнува патот околу светот. Тука во 1949 година, го основа првото СОС Детско село во светски рамки.

СОС Детското село во Имст е сместено на планината на сонцето, малку над градот, на околу 1000 метри надморска височина. Во своето СОС Детско село

семејствата ги учат децата на стабилни и сигурни односи, а добиваат семејно ориентирани услуги и по напуштањето на СОС Детското село.

Денес СОС Детското село опфаќа вкупно 12 семејни куќи во кои растат деца и млади, градинка која е отворена и за децата од соседството. Оваа интеракција на децата од СОС Детското село и децата од населбата допринесува децата да сфатат дека нивниот живот е дел од регионалното опкружување. Всушност половина од децата во градинката, се деца кои доаѓаат од населбата, а не од детското село.

Во четири групни домови за деца, во СОС Детското село во Имст, живеат околу 16 деца, кои што се уште одржуваат однос со своите родители. Слично на ова, во семејствата на СОС Детското село, децата добиваат долготрајни, семејно ориентирани сервиси и услуги, а со нив заедно работи и тимот на семејни помагатели и социјални работници.

Од април 2004 година, во Имст започна со работа просторот за кризна помош, за да се одговори на честите барања за благосостојбата на младите, за краткотрајно сместување на децата во кризни ситуации. Околу 8 деца живеат во куќата наречена Еспенау, заедно со 4 супервизори и тим лидери.

Децата на возраст од 2-12 години остануваат во групните домови додека да се вратат на своите родители или додека да најдат место каде што ќе добијат соодветна заштита. Должината на престојот е повеќе од 6 месеци, а истиот може да се продолжи и за уште шест месеци.

Социо-едукативната младинска заедница во Телфс, 30км западно од Инсбурк е втората социо-едукативна институција на СОС Детското село во Тирол за згрижување на девојчиња и момчиња на 13 годишна возраст. Целта на младинските заедници, како еден вид продолжение на СОС Детското село е да ги следи и да им помогне на младите кои живеат овде да се интегрираат во својата социјална средина, како и да го помогне развојот на реалните перспективи за иднината.

Од другите објекти кои се наоѓаат под СОС Детското село, може да се спомене дека, од април 2004 година во Инсбурк постои Тирол амбулантата за семејствата. Тимот од повеќе стручњаци (психолози, терапевти, социјални

работници) се труди навремено да ја спречи кризата во семејството, заедно и конструктивно во соработка со семејството.

Денес во Австрија, како земја со најдолга традиција, постојат вкупно 11 СОС Детски села, 6 СОС Детски градинки, 10 групни живеалишта за деца, 24 домови за млодинци и многу други програми и центри за работа и помош во различни градови и места ширум земјата. (www.sos-kinderdorf.at)

### 8.1.1. Марија Вебер- една од првите СОС мајки во Австрија

Марија Вебер била една од првите СОС мајки, кога пристигнала во првото СОС Детско село во Имст, 1951 година. Во текот на нејзиниот живот била мајка на 20 СОС деца, баба на 36 внуци и прабаба на 20 правнуци.

Родена е во фармерско семејство, на 3 мај 1919 година, во Градиште, Австрија. Откако го завршила своето образование работела како поштенски работник, но не ја сакала оваа работа, бидејќи како што вели таа, сакала да работи со луѓе. Понатаму се обидува како парохиски асистент, во едно село во срцето на Тиролската планина. Додека работела овде, за прв пат слушнала за првото СОС Детско село во Имст, па дури и дала донација за добротворни цели во детското село, купувајќи „тула“ за „Божиќната куќа“. Година дена подоцна, се преселува во СОС Детското село, овој пат како СОС мајка.

Кога се доселува како СОС мајка, нејзиното семејство го сочинуваат 8 момчиња и девојчиња. Признава дека не е секогаш лесно да се грижи за толку големо семејство. Секој ден, според неа, претставува предизвик: готвење, перење, чистење и пеглање за 9 луѓе. Таа вели:

*„Одев кај доктор со децата, да ги видам нивните наставници, ги надгледував кога ги работеа своите домашни задачи, и им ја држев раката кога беа болни.“*

За 25 годишно работно искуство, 20 деца ги израснува во возрасни луѓе. Таа со задоволство се присетува на Франц, кој не бил еден од оние кои добро се однесувале, но затоа пак бил еден од најслатките. Франц денес има 71 година. Во војната ги губи своите родители, па доаѓа да живее во СОС Детското село со

Марија. Таа се грижи за него 10 години, додека да стекне независност. Тој станува инжињер, патува по светот, се додека да формира сопствено семејство. Марија е многу горда на него и неговиот успех.

Марија наскоро ќе го прослави својот 92 роденден и понатаму живее со СОС децата, во Хинтербрухл, во куќата која е наменета за пензионираните СОС мајки. Ужива опкружена со новата генерација на СОС деца и вели дека е многу задоволна. Среќна е заради начинот на кој се одвивал нејзиниот живот. Со комплетно убедување вели дека тоа е добар пат кој треба да се тргне, а децата секогаш биле нејзини деца, колку и да била загрижена. И децата го гледаат тоа на истиот начин, за нив Марија секогаш била нивната мајка. Како што вели таа: *„Најголем комплимент е кога децата ќе Ви кажат дека сакаат нивните деца да ги воспитуваат на истиот начин како што сте го правеле тоа Вие“*. Тогаш вели Марија, сфаќате дека не сте направиле толку лоша работа. (www.soschildrensvillages.org.uk)

## 8.2. СОС Детското село во Полска - источен пионер

Националниот директор на СОС Детското село во Полска, Елизабета Јанцзур, вели дека семејството е многу стара институција и сеуште функционира. Обезбедувањето на семејството и домот за деца лежи во сржта на СОС Детските села. Во Полска е значајно тоа што неодамнешниот пилот проект, веќе ги донесе првите парови за децата во СОС Детското село.

*„Во Полска има 38 милиони луѓе, а земјата се соочува и со многу социјални проблеми, 62 000 деца живеат далеку од своите домови, 25 000 живеат во домови за деца, како што се државните сиропиталишта и краткотрајните сместувања на децата од страна на државата. И покрај тоа што наталитетот опаѓа, бројот на децата без семејна грижа е постојан. На основа на ова можеме да кажеме дека ситуацијата со децата станува се полоша*“ (www.sos-poland.org) – вели директорката.

СОС Детското село има за цел да одговори на потребите на овие деца. Тоа ги реализира своите програми, главно во руралниот источен дел, каде

сиромаштијата е резултат на социјалните проблеми. Со 3 детски села во регионот, се работи со вкупно 52 семејства. Целта е да ги оспособат ефикасно да се заштитат и да се грижат за своите деца, емотивно и материјално во соработка со локалните власти и другите даватели на услуги. Неодамна се отворени и 4 нови детски села во Карлино, во северозападна Полска. Во овој претежно земјоделски регион, висок процент на луѓето се невработени, а голем број семејства живеат под линијата на сиромаштијата.

Она што е единствено за источно-европскиот регион е што како глава на семејството во новото детско село во Карлино се јавува пар. Неговото потекло е двојно.

Прво како што семејството, како институција и вредност, е длабоко вградено во полското општество, постоеше заблуда поради која во СОС Детското село работеа само самохрани мајки. Признанието на машките ликови во СОС Детското село доведува до тоа, паровите да ја зајакнат мисијата и поддршката на селото. Од друга страна пак, од аспект на детето, за него е најдобро да има биолошки мајка и татко, но доколку тоа не е можно тогаш сигурно дека најдобро решение е семејно згрижување со двајца родители. И покрај ова, директорката смета дека и нема некоја голема разлика помеѓу СОС мајките и СОС паровите, туку најбитно е да се пронајдат вистинските луѓе кои се компетентни и на кои ќе им се пружи соодветната помош и поддршка.

Адам и Дората работат во СОС Детското село Карлино скоро година и пол. Ја напуштаат својата работа како новинари и двајцата и сега нивното семејство се состои од 6 деца. Адам вели: *„Пријателите кои на почетокот на можеа да сфатат што работиме сега доаѓаат секој слободен викенд да не посетат.“*(ibid)

Планот е во иднина да се прошири оваа иницијатива со уште три пара во едно СОС Детско село. Машкиот лик одамна е признат од страна на СОС Детското село во Полска. Во 2003 година е вработен првиот машки асистент на СОС мајката, а сега постојат машки во секое село. Вујко, тоа е оној лик на кој што децата можат да се потпрат, а тој го работи токму она што би го работел помошникот на СОС мајките. Но, ако се одлучат да се вклучат во традиционално машките области, може да биде водич на спортските групи.

Во контекст на тоа директорката на селото ќе каже: *„Нашата организација денес е отворена многу повеќе отколку што тоа некогаш било, ние имаме добар имиџ, но многу работевме да го добиеме.“* (www.sos-childrensvillages.org/explore-sos/project-of-the-month/pages/sos-childrens-villages-poland)

## 8.3. СОС Детско село Бангалор, Индија

СОС Детското село било поставено во главниот град на југозападната држава Карнатака. Изградбата започнува во 1988 година, а првото семејство се преселува во својата нова куќа наредната година, 1989. Бангалор е познат како „град на градините“, но постои и доста индустрија во предградијата. СОС Детското село се наоѓа на 16 км надвор од Бангалор, простирајќи се на површина од 8 хектари. Се состои од 16 семејни куќи, објекти за сместување на вработените, повеќенаменска сала и простор за потребната администрација и услуги.

Има и своја СОС Детска градинка, каде што можат да бидат прифатени повеќе од 100 деца, поделени во две групи, во две простории. Оваа детска градинка ја посетуваат не само децата од СОС Детското село, туку и децата од локалната заедница. Постои и големо игралиште каде децата може да изведуваат најразлични вежби и спортски активности, како и да си играат. Големиот природен рибник во селото кој што содржи голем број, разни видови на риби и други диви животни, претставува голема радост за децата. Во СОС Детското село во Бангалор, големо значење се дава на изучувањето на спортот, музиката и традиционалните игри.

Во 1993 година е отворена и првата младинска заедница. Таму живеат обично децата и младинците кои ќе го напуштат СОС Детското село, од каде што почнуваат стручна обука или високо образование. Со помош на стручниот квалификуван кадар кој што работи со нив тие ги развиваат своите реални перспективи за нивната иднина, се учат на одговорност, како и да донесуваат одлуки самостојно.

Во 2003 година, СОС Детското село во Бангалор, ги лансира своите програми за зајакнување на семејството, кои што се наменети за поддршка на семејството во ризикот од напуштање на своите деца, но и да ги охрабри

семејствата да останат заедно. Токму заради тоа, СОС Детското село соработува со локалните власти и другите даватели на услуги за поддршка на семејствата за да им овозможат добро да се грижат за своите деца.

Овие програми за зајакнување на семејството обезбедуваат храна, образовни и здравствени услуги, стручна обука, сесии за советување за кариера и поддршка за вработување. Семејствата се поврзани со постоечката групи за самопомош, доколку нема се формираат нови. Програмата исто така, има за цел, подигање на свеста на луѓето за хигиената, правата на детето, како и подобрување на родителските вештини на луѓето. (www.sos-childrensvillages.org/where-we-help/Asia/India/Bangalore)

## 8.4. СОС Детското село во Австралија

Новото предградие Сифорд Рајс во Аделаида е избрано за место за првото СОС Детско село во Австралија. Ова предградие се смета за идеално опкружување за децата. Сите 13 парцели се групирани и поврзани во игралиште, кое вклучува прекрасен мал парк, кој обезбедува природно игралиште, место за капење на децата, како и место за селските социјални активности. Селото се наоѓа на блага падина, која гледа кон океанот и кон една од најдобрите плажи во Австралија, Моана.

Со оглед на тоа дека плажата е недалеку од детското село, тоа е омиленото место за децата, без разлика дали станува збор за капење или риболов. Поради современото планирање на предградието, посебна одредба е направена за безбедно исклучување од улиците на велосипедите, општествените и спортските објекти. Основното училиште од предградието се наоѓа на мала оддалеченост од СОС Детското село, а исто така во близина се наоѓа и новата висока школа. СОС мајките ги уживаат услугите на големиот нов и модерен трговски центар.

Новите семејни куќи се посебно дизајнирани да се вклопат со околните куќи. Не постојат знакови или било какви други показатели што укажуваат на тоа дека станува збор за СОС Детско село. Првите посетители навистина имаат проблем во пронаоѓањето на овие домови, бидејќи очекуваат дека тие би се

разликувале од останатите куќи во соседството и за среќа на децата тоа е токму она што вработените го сакаат за нив. На секој начин се настојува животот на децата во селото да биде нормален. Новото предградие се смета за идеално опкружување на децата затоа што тие можат да бидат дел од неговото рано основање и да се вклучат во новото училиште, спортските клубови, црквите и општествените групи. Тоа се покажало како мудар избор и селото е прифатено како составен дел на новата заедница. (http://www.sos-australia.com.au/ourvillage.html)

## 8.5. СОС Детско село во САД

СОС Детските села во САД им помагаат на децата чиј што свет тргнува наопаку заради родителската злоупотреба, занемарување и напуштање. На децата им се нуди место кое го нарекуваат куќа, простор за лекување, понуди кои следуваат после многу одредби за сместување. Преку заедничкиот живот со браќата и сестрите, со професионален згрижувач децата без родителска грижа во САД повторно го сакаат семејниот живот.

За разлика од другите континенти, овде првото СОС Детско село е отворено многу подоцна, односно во 1993 година, во Флорида. Ова село од тогаш успева да згрижи околу 100 штитеници. Се наоѓа на 8 хектари, а денес во него се сместени околу 75 деца. Располага со семејни куќи, заедница, центар за советување и управна зграда.

Во рамките на истата година, СОС Детското село Илиноис го основа своето прво село во Локпорт. Во 2004 година, второто село е отворено во Аубурн-Гресхам, заедница во јужниот дел на Чикаго и тоа всушност е првото СОС Детско село сместено во главен град. Новиот центар на заедницата сега служи не само на селото, туку и на околните населби. Дневниот престој, услугите за поддршка на семејството, работните вештини и советувањето, значително го подобруваат животот на децата во селото, на родителите и соседите. Двете села во Илиноис згрижуваат вкупно 153 деца.

СОС моделот за згрижување деца заснован на семејство и во оваа држава ги почитува основните принципи, а тоа се: село, куќа, мајка и браќа и сестри. Освен

тоа, СОС Детското село е активно и во заедницата и прави напори да ги намали и елиминира причините кои доведуваат до напуштање на детето.

Секое СОС Детско село се состои од просечно 10-15 семејни куќи. Многу села исто така, вклучуваат и детска градинка која е отворена не само за децата од селото, туку и за децата од околната заедница. СОС програмата за јакнење на семејствата и другите социјални услуги за семејствата и потребите на децата се составен дел на активностите на СОС Детските села во многу места. (www.sos-usa.org)

Досега главно разгледувавме како се уредени, како функционираат и каква помош пружаат СОС Детските села. Но, ако го разгледавме животот во селото преку очите на една СОС мајка, сосема логично би било да видиме како децата го прифаќаат ваквиот начин на живот. Во продолжение ќе видиме каков е животот во едно СОС Детско село преку искуството на едно девојче кое е згрижено во селото околу четири години. Таа е Росита, има 10 години и оди во прва година во средно училиште. Еве што таа раскажува за тоа како тече еден обичен ден во СОС Детското село и каков е нејзиниот живот овде воопшто:

„Малите деца остануваат со СОС мајките во текот на целиот ден. Малку поголемите деца одат во градинката во рамки на селото. Во градинката има многу деца кои се надвор од селото. Оние поголемите како мене, одат во училиште. Мојата најдобра другарка Роксана, учи со мене во истиот клас, а живее со своето семејство тука, во градот. Се гледаме многу често, или таа доаѓа кај мене овде во селото или јас одам кај неа дома.

Постојат многу работи кои можете да ги направите овде во СОС Детското село, бидејќи секогаш има толку многу деца во околината да се игра со нив. А директорот на селото и неговиот помошник, како и наставниот кадар секогаш се како што велат, „спремни за некоја акција". Ние често одиме на прошетка или работиме за весникот на СОС Детското село. Тоа е навистина добро, бидејќи понатаму во животот сакам да се занимавам со таа работа и веќе можам да видам се што е поврзано со истата.

За децата со тешкотии во учењето постои некој вид помош во учењето во попладневните часови, овде во селото, со некои образовани стручњаци. Тоа е добра

работа, бидејќи секогаш имате некој да прашате или да ви помогне да се подготвите за писмениот испит. Секако можете да учите и со мајката. Тоа зависи од тоа што сакате. Но, многу често ние заеднички го поминуваме попладнето, правејќи некои цртежи, или играме, а некогаш вежбаме за карневалот. Имаме танцови групи за карневалот и ги покануваме луѓето од околината да го гледаат нашето шоу.

Во вечерните часови одиме дома. Тогаш имаме вечера, па си играме кратко или правиме некои работи што вообичаено луѓето ги прават навечер, гледаме ТВ на пример. А потоа, порано или подоцна, време е за четкичката за заби и да се оди во кревет. Кога бев малечка мојата мајка ми читаше приказна за спиење, но сега сум преголема. Не сум веќе бебе. Сега се на ред они помалите, моите помали браќа и сестри кои добиваат приказна за заспивање.

Сакам да живеам во СОС Деткото село. Секогаш нешто се случува, а децата во селото се навистина супер.“ (www.sos-usa.org)

# III

# СОС Детското село во Македонија

*„СОС Детските села од една едноставна идеја создадоа основа за сета нивна образовна работа. Тие тргнаа од претпоставката дека ниедно дете не може да живее вон семејството, дека на детето му е потребно семејство за да се развие и да ги открие неговите физички, ментални и духовни моќи.“*

Херман Гмајнер

## 1. Појава на СОС Детското село во Македонија

СОС Kinderdorf International со својата работа во Македонија започнува во 1995 година, после неколку години од војната во земјата. Со создаваат услови за разговор со Владата, преку претставникот на ОН во Македонија, Хенрик Сокалски.

Година дена подоцна, согласноста од страна на Владата е потпишана. Камен темелникот за првото СОС Детско село во Македонија, во предградието на Скопје, беше поставен на 14 април 1999 година. На оваа свеченост присуствуваа претставници од православна и муслиманска вероисповед. Градежните работи на овој прв проект се завршени кон крајот на 2000-та година.

Македонското здружение на СОС Детско село „СОС Детско село-Македонија" е формирано на 17 ноември истата година. Поради одреден број на некои водоводни работи кои што требало да бидат спроведени, како и посебните одобренија од некои министерства кои што требало да се добијат, вселувањето на првото дете во СОС Детското село се поместува се до крајот на мај 2002 година, кога се случува и тоа. Од 2002 година, здружението на СОС Детското село и официјално започнува со својата работа. (www.sos-childrensvillages.org)

Основната цел на Здружението на граѓани СОС Детско село Македонија е промоција и практично остварување на идејата за СОС Детски села во Македонија.

Главната дејност на Здружението е насочена кон работата на СОС Детски села, СОС младински куќи и СОС Херман Гмајнер Општествени центри. Здружението соработува и со други организации на полето на детската грижа и заштита.

Македонското здружение на граѓани „СОС Детско село Македонија", како невладина, непрофитна организација, која реализира активности за заштита на деца и младинци, ги зема предвид и ги субординира своите активности според одредбите на македонското законодавство за грижа на децата.

Денес, по скоро 9 години успешна работа на територијата на Македонија, како и секое друго СОС Детско село, така и ова работи според интернационални стандарди, пропишани од страна на SOS Kinderdorf International, што значи става акцент и фокус на семејно заснованата, долгорочната грижа на децата кои ја загубиле можноста да растат со своите биолошки семејства. Овде тие повторно наоѓаат сигурност и љубов, топол дом, растејќи во стабилна семејна средина добиваат континуирана индивидуална поддршка се додека не станат независни млади личности. Или како што вели Херман Гмајнер:

*„Ако сакаме нашите деца позитивно да се развијат, потребни ни се луѓе кои се подготвени да прифатат различни култури, религии и размислувања, кои имаат волја да ги прифатат другите луѓе какви што се и да им дозволат да растат.“* (ibid)

## 2. Визија на СОС Детското село во Македонија

Со оглед на тоа што СОС Детското село е дел од големото семејство на SOS Kinderdorf International, тоа значи дека визијата, мисијата и основните вредности се идентични како и во сите останати земји каде што постои ваква организација.

Основната девиза е дека секое дете му припаѓа на семејство и расте со љубов, почит и сигурност. Визијата која го определува патот по кој се движат и кон што се стремат е определена преку неколку чекори:

1. *Секое дете му припаѓа на семејството*

Семејството е основна клетка на општеството. Во семејството секое дете е заштитено и ужива чувство на припадност. Тука децата учат животни вредности, споделуваат одговорности и создаваат врски кои траат во текот на целиот живот. Семејната средина им дава цврста основа врз која тие ги градат своите животи.

2. *Секое дете расте со љубов*

Љубовта и прифаќањето ги лекуваат емотивните рани и помагаат да се изгради доверба. Децата учат да си веруваат себеси и на другите. Со оваа самодоверба секое дете може да го препознае и да го исполни сопствениот потенцијал.

3. *Секое дете расте со почит*

Гласот на секое дете се слуша и почитува. Децата учествуваат во донесувањето одлуки кои се однесуваат на нивниот живот и се насочуваат кон раководење на својот сопствен развој. Детето расте со почит и гордост како важен член на своето семејство и на општеството.

4. *Секое дете расте со чувство на сигурност*

Децата се заштитени од малтретирање, запоставување и искористување и безбедно се згрижуваат во време на природни катастрофи и војни. Децата имаат засолниште, храна, здравствена заштита и образование. Ова се основните потреби за здрав развој на сите деца. (www.sos.org.mk)

## 3. Вредности на СОС Детското село во Македонија

Она што ги прави силни се основните уверувања и ставови врз кои што е изградена оваа организација и тие претставуваат темел на успехот на истата. Трајните вредности ги насочуваат нивните дејства, одлуки и односи се додека работат на остварување на сопствената мисија. Во продолжение ги поместуваме основните вредности на СОС Детското село:

1. *Храброст – Преземаме дејства*

Ги предизвикуваме традиционалните методи на згрижување на деца без родители и родителска грижа и понатаму сме предводници во иновативни семејни приоди. Им помагаме на децата кои немаат никој свој. Со чувствителен, но сепак сигурен приод, решени сме да истражуваме, да учиме и да работиме за доброто на децата во целиот свет.

2. *Обврска – Ги одржуваме ветувањата*

Посветени сме да им помогнеме на генерации деца за тие да имаат подобар живот. Тоа го постигнуваме со негување на долготрајни релации со нашите донатори, соработници и со заедниците во кои работиме. Веруваме дека само со создавање долготрајна обврска имаме значително позитивно влијание.

3. *Доверба – Веруваме едни во други*

Веруваме во нашите способности и потенцијали. Меѓусебно се поддржуваме и почитуваме, градиме околина во која ќе можеме да им пристапиме на нашите

обврски со сигурност. Во атмосфера на доверба, поттикнати сме да ги споделиме нашите искуства и да учиме еден од друг.

4. *Одговорност – Ние сме одговорни партнери*

Од 1949 година до денес изградивме фондација од доверба кон донаторите, владите и другите партнери кои не поддржуваат во остварувањето на нашата мисија. Гаранцијата за добросостојбата на децата е нашата најголема одговорност. Тоа го оствconfigуваме со одржување на високи стандарди на грижа. Во сето тоа ние сме обврзани правилно, одговорно и со почит да располагаме со сите фондови и ресурси. (www.sos.org.mk)

## 4. Стандарди на СОС Детското село

Веќе беше споменато дека СОС Детското село во Македонија работи според стандарди поставени на национално ниво, стандарди по кои работат сите земји каде што функционира детското село. Но, кои се всушност тие стандарди?

*1. СОС семејниот модел за семејна грижа дава рамки за нашата работа*

На децата им се дава можност да растат во топла и сигурна семејна атмосфера и да создаваат трајни вредности. СОС мајката гради семејство во согласност со професионалните стандарди за детска грижа и ја добива потребната помош од директорот на селото и другите соработници. Така се води сметка да се задоволат потребите на децата и да се почитуваат нивните права.

*2. СОС мајката го води СОС семејството*

СОС мајката го споделува нејзиниот живот со децата, нудејќи им емотивна сигурност и можност да развиваат нови, трајни односи во рамките на нејзиното семејство каде може да негува љубов. Истовремено СОС мајката е професионалец во грижата за децата кој соработува со другите соработници од селото за да се задоволат потребите на децата.

*3. Децата наоѓаат дом во СОС семејството кое најдобро ги задоволува нивните потреби*

Само оние деца чии потреби можат најдобро да се задоволат во едно СОС семејство влегуваат во предвид за прием во СОС Детското село. Процедурата за прием на деца обезбедува внимателна проценка на секое дете пред тоа да влезе во едно СОС семејство.

*4. Детскиот развој активно се помага*

На секое дете му се нудат можности за индивидуален развој во согласност со неговите потреби и потенцијалот. СОС мајката го води развојот на децата во нејзиното СОС семејство. Другите СОС соработници ја помагаат со обезбедување услуги и организирани активности кои не се достапни во заедницата. Сите соработници ги почитуваат и промовираат правата на секое дете.

5. *Младинските програми нудат можности за напредување*

Младинските програми нудат можности за учење и развој и се дел од секое СОС Детско село. Младите луѓе развиваат став, однос, доверба и вештини потребни да преземат одговорност да ја изградат сопствената иднина и да станат успешни придонесувачки членови на општеството.

*6. Секое СОС семејство живее како дел од заедницата*

Секое СОС семејство живее како интегрален дел од заедницата и го споделува животот во заедницата. Детето воспоставува врски, учи важни вештини и развива доверба за да стане активен придонесувачки член на општеството.

7. *Фондовите и имотот одговорно се користат*

Административните системи се структурирани за да се обезбеди транспарентност и одговорност, додека чувството за одговорност се всадува во секое СОС семејство и кај сите соработници. Постојаната примена на овие ефективни административни системи промовира одговорно користење на фондовите и имотот.

8. *Планирањето и проценката обезбедуваат квалитетна околина за детска грижа*

Квалитетот на детска грижа постојано се подобрува преку проценка и планирање. Плановите овозможуваат јасна рамка за дејствија, препознавање на приоритети и им овозможува на соработниците да пријдат кон својата работа на самоуверен и координиран начин.

9. *Се унапредуваат знаењата и развојот на секој соработник*

Се негува култура која меѓу соработниците промовира споделување, учење, развој и креативност. Индивидуалните потреби за обука се проценуваат и се охрабрува долготраен развој на секој вработен. Добро структуираните кадрови практики помагаат да се изградат вештини и водат кон создавање поголемо чувство на одговорност и обврска.

10. *Директорот на селото го води СОС Детското село*

Директорот на селото го води целокупниот развој на СОС Детското село преку промовирање на организациски вредности, поставување цели за неговиот тим и обезбедување услуги и поддршка на СОС семејствата. Тој ги води сите соработници и игра централна улога во водењето и промовирањето на професионалниот развој на СОС мајките. (СОС Киндердорф Интернационал, 2004, 13-14)

## 5. Дејноста на СОС Детското село Македонија

Дејноста на СОС Детското село Македонија се реализира со две основни програми и тоа: превентивни и заштитни.

Од превентивните програми особено значајна е СОС програмата за зајакнување на семејствата што подразбира превенција на децата кои се во ризик од напуштање на своите биолошки семејства.

Како заштитни програми се јавуваат оние кои се реализираат во СОС Детското село, СОС Младинската заедница, СОС програма за полунезависно живеење и СОС програма за поддршка за вдомување. Во продолжение ќе ги разгледаме секоја од нив поединечно.

✓ **СОС програма за зајакнување на семејствата**

Организацијата СОС Детско село Македонија, покрај препознатливата успешна форма за згрижување на деца без родители и родителска грижа, СОС Детско село, се фокусира и на превенцијата и поддршката на децата кои се наоѓаат во состојба на ризик и се во опасност да бидат отфрлени од нивното природно

семејно опкружување, а со тоа и да ја изгубат заштитата и грижата од своето биолошко семејство.

Програмите за зајакнување на семејства имаат за цел да спречат отфрлање на децата од нивните семејства и од заедницата. Ова се одвива преку континуирана поддршка која им се укажува на семејствата со цел да ја зајакнат нивната родителска способност да се грижат за своите деца, како и преку зајакнување на безбедносните мрежи за запоставените деца (децата во ризик) и нивните семејства во рамките на заедницата.

Услугите на оваа организација преку проектите се наменети за семејствата со деца под 18 годишна возраст и се насочени кон семејството како целина, вклучувајќи ги сите деца и родителите/старателите во семејството.

Овие програми се реализираат така што секогаш се користи пристап кој е базиран на почитување на детските права. Оваа организација делува во согласност со насоките на Конвенцијата на ОН за правата на детето, вклучително и она што е од „најдобар интерес на детето", „недискриминирање", „опстанок и развој" и „учество на децата".

Секој проект е составен од пакет на услуги наменет за поддршка на семејството и тоа:

1. Обезбедување на пристап на семејствата кон основните услуги за задоволување на основните развојни потреби на детето. Тука се подразбира материјална, образовна, здравствена и психо-социјална поддршка.

2. Поддршка на семејствата и нивно оспособување да ги заштитат и водат грижа за своите деца. Тука се вклучува помошта која се дава на родителите за развивање на родителско знаење и вештини, поддршка при обезбедување на стабилен извор на средства и ефикасно раководење со овие средства (на пр. приходи и производство на храна) со цел да бидат во можност да им ги обезбедат на децата основните потреби за нивниот нормален раст и развој.

3. Јакнење на системите за помош на децата во ризик и нивните семејства во заедницата. Еден од важните фокуси на делување на овој проект е насочен и кон зајакнување на соработката со другите членови на заедницата (општината,

државните институции, невладиниот сектор и другите релевантни сервиси во заедницата) во правец на поддршка на семејствата и нивните потреби.

Во моментот овие програми во Македонија, СОС Детско село ги спроведува во две општини, општина Гази Баба и општина Шуто Оризари и во неа до сега се поддржуваат 200 деца и 70 семејства. (www.sos.org.mk)

✓ **СОС Младинска заедница**

Младинската заедница е фаза која што следува после напуштањето на СОС Детското село, од СОС моделот на грижа за децата без родители и родителска грижа. Во оваа втора фаза на грижа децата се осамостојуваат и се учат на практични животни вештини кои ќе им помогнат успешно да се интегрираат во заедницата. Младинците преземаат поголема одговорност за секојдневниот живот и се подготвуваат за понатамошен независен начин на живот.

Младинците заминуваат од нивниот СОС семеен дом во младинската куќа на возраст која соодветствува на нивниот индивидуален развој, секогаш по 14-тата година. Одлуката и процедурата за премин и влез во Младинската заедница се базираат на индивидуалните потреби на секое дете, формираниот однос кон преминот во Младинската заедница, способноста на младото лице да живее надвор од СОС семејство, позитивна евалуација на СОС мајката, директорот и педагошкиот тим на селото, како и на одговорниот СОС соработник за грижата на младите (главното лице за грижа на младинецот). Бројот на младинци кои живеат заедно е најмногу од 14-16 во една младинска заедница се додека не станат полнолетни. Младинците се одговорни за распределување на нивните младински буџети и за раководење на домаќинството, а сето тоа го остваруваат со помош на советите и поддршката на СОС соработниците. Младинците и покрај тоа што заминуваат од СОС Детското село и понатаму ги одржуваат силните врски со нивните СОС мајки и семејства.

Првата СОС Младинска заедница е отворена во Скопје, 2007 година во населбата Радишани. Во неа во моментов живеат 13 младинци. За нив 24 часа се грижат 5 СОС соработници кои постојано работат со младите на нивниот нормален раст и развој, како и справување со тековните обврски во секојдневието. Покрај

тоа, континуирано им даваат помош во исполнување на обврските поврзани со учењето, исхраната, здравјето, развојните проблеми итн.

✓ **СОС Програма за полунезависно живеење**

Со навршување на 18-годишна возраст и стекнување на средно образование и полнолетство, младинците преминуваат во следната фаза од СОС моделот на грижа, односно во Програмата за полунезависно живеење и програма за вдомување. Оваа програма има за цел да овозможи еден вид транзиција на младинците кон целосно независен живот и тоа преку:

1. Финансиска и психо-педагошка поддршка во текот на студиите;
2. Поддршка при наоѓање на постојано вработување;
3. Поддршка при наоѓање и создавање на соодветно место за живеење и
4. Поддршка во процесот на целосно преземање на контрола и одговорност за сопствениот живот.

Целта на програмата е да му помогне на младинецот да го реши своето вдомување преку советување и финасиска поддршка. Во процесот на осамостојување, како трета фаза на грижата за деца без родители и родителска грижа, СОС Детско село им помага на младинците да најдат стабилно вработување кое ќе им овозможи стабилност и сигурност и ќе ги подготви за самостоен живот во сопствен дом.

✓ **СОС програма за поддршка за вдомување**

Целта на оваа програма е да му помогне на младинецот да го реши проблемот со вдомување преку финансиска поддршка и преку советување на младинецот.

Ако СОС детето кое е постаро од 18 години во целост ги исполнува предусловите за финансиска поддршка и го нема решено стамбеното прашање, тоа може да се пријави за финансиска помош од СОС, или за купување на стан или за реконструкција на неговите простории во кои постојано живее.

Меѓу предусловите за финансиска поддршка се истакнуваат следниве: желба и активна улога на младинецот, барем две години младинецот да има

активна улога во наоѓање на работа и е постојан при зачувувањето на истата (идеално би било кога би имал постојана работа и редовни примања), соодветно образование во согласност со личните способности, поседува дополнителни вештини покрај основното образование, вештини за водење на домаќинство, успешно води полунезависно живеење (редовно плаќа сметки, штеди пари согласно направениот договор), има добри препораки (од главното лице за грижа, одговорен СОС соработник за грижа на млади, СОС мајката), итн. (Георгиевска, 2006, 34-35)

## 5.1. СОС Детско село Скопје

Темелите на првото СОС Детско село, како што напоменавме, беа поставени во април 1999 година. Со својата работа започнува во мај 2002 година кога беше направен приемот на првото дете.

СОС Детско село Скопје е организација која овозможува семеен пристап во долгорочната грижа за деца без родители и родителска грижа. Дејствува за доброто на детето како независна, невладина организација за социјален развој.

СОС Детското село Скопје дава поддршка на сите деца во ризик, особено на оние кои немаат родители и родителска грижа и оние чии семејства живеат во тешки животни услови.

Децата во СОС Детско село Скопје остануваат до навршувањето на 14-15 години, кога преминуваат во следната фаза од СОС Детското село, а тоа е младинската заедница. Две години претходно се подготвуваат да заминат таму.

Животот во СОС Детското село е заснован на четирите основни принципи:

**Мајка: Секое дете има родител кој се грижи за него**

СОС мајката гради блиска врска со секое дете кое и е доверено, му ја обезбедува потребната сигурност, љубов и стабилност. Професионалец во грижата за децата, таа живее со нив, го води нивниот развој и самостојно раководи со домаќинството. Таа ја признава и почитува семејната историја, културните корени и религијата на секое дете.

**<u>Браќа и сестри: Семејните врски природно се развиваат</u>**

Девојчињата и момчињата на различна возраст живеат заедно како браќа и сестри (биолошките браќа и сестри живеат во исто семејство). Емотивните врски кои се градат во семејството траат цел живот.

**<u>Куќа: Секое семејство има свој дом</u>**

Куќата е дом на семејството, со сопствена атмосфера, ритам и рутина. Децата учат и растат заедно, делат одговорности, секојдневни радости и таги, стекнувајќи се при тоа со тоа чувство на припадност.

**<u>Село: СОС семејството е дел од заедницата</u>**

СОС семејствата живеат заедно и создаваат пријатна околина во која децата уживаат безгрижно детство. Семејствата споделуваат искуства и си помагаат. Тие се интегрирани членови на локалната заедница со сопствен придонес кон неа. Херман Гмајнер во контекст на ова вели:

*„...во секој поглед, СОС Детското село мора да се вклопува во околината. Се дури е можно треба да се избегнуваат предлози за абнормални состојби, дури ако истото вклучува одредени непогодности. Колку се понормални околностите во кои детето расте, толку е подобар развојот. Занемареното дете има една голема желба, да биде како другите деца."* (www.sos.org.mk)

## 5.1.1. Организација на работата на СОС Детско село Скопје

Согласно склучената спогодба со Владата на Република Македонија, СОС КДИ на СОС Детско село Скопје, му ја пренесува во сопственост земјиштето, зградите и опремата. Комлексот на земјиштето и зградите се простира на површина од 11 500 метри квадратни и е лоцирана во тивката скопска населба Ченто, спроти Основното училиште Дане Крапчев.

Детското село е составено од 12 семејни куќи, а секоја куќа се состои од приземје и кат со површина од 136 метри квадратни. На приземјето се наоѓа просторија за дневен престој, кујна, купатило и други помошни простории, а на спратот се наоѓаат спални соби и купатила за децата и СОС мајката.

Куќите се комплетно опремени со мебел и електрични уреди потребни за нормално функционирање на едно семејство, а според стандардите и нормативите утврдени од Министерството за труд и социјална политика.

Во состав на детското село има и придружни објекти и тоа:

- административна зграда во чиј состав се наоѓа и стан за гости и стан за хаусмајсторот;

- индивидуален стамбен објект наменет за директорот на СОС Детското село Скопје;

- стамбен објект наменет за СОС тетки;

- повеќенаменски објект за разни активности на децата;

- објект предвиден за гаража и работилница;

- терен за спорт и рекреација, игралиште кое се наоѓа на средината на селото, опремено со играчки достапни за сите деца од поширокатa околина.

Селото со овој капацитет може да згрижи 84 деца без родители и родителска грижа, односно по 7 во секое семејство. Секоја куќа, односно секое семејство има по една СОС мајка, која директно се грижи за децата, меѓусебе живеат како браќа и сестри и се создава однос како вистинско семејство во нивната куќа.

Работниот однос на сите вработени е уреден со Законите на Р. Македонија. Средствата за целокупната работа (плата, материјални трошоци, одржување, семејни буџети за децата) на СОС Детското село Скопје се обезбедуваат од меѓународната хуманитарна организација SOS Kinderdorf International Австрија, преку програма за спонзорство на оваа организација. Локални донации се добиваат само во храна, материјални добра и средства за хигиена.

Моменталната состојба на децата кои се сместени ги поместуваме во табелите подолу, а податоците се однесуваат на тековната 2011/2012 година.

*Табела 4 – Податоци за децата според возраста*

| Реден број | Возраст | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | до 6 год. | 5 |
| 2 | 7-10 год. | 26 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | 11-14 год. | 31 |
| 4 | 15-18 год. | 7 |
| 5 | Над 18 год. | / |
| | Вкупно | 69 |

Од табелата погоре можеме да забележиме дека најголем број од децата што се сместени во СОС Детско село, се на возраст од 11-14 години, а зад нив многу не заостануваат ниту децата на возраст од 7-10 години. Во моментов најмалку деца има од најмалата возраст, односно оние кои се до 6 годишна возраст, тоа се децата кои одат во предучилишно образование и во првите одделенија на основното училиште, а оние 7 деца од 15-18 годишна возраст, чекаат да се ослободи место во младинска заедница, за да продолжат да живеат таму.

*Табела 5 – Податоци за деца според пол*

| Реден број | Пол | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Машки | 27 |
| 2 | Женски | 42 |
| | Вкупно | 69 |

*Табела 6 – Податоци за здравствената состојба*

| Реден број | Здравствена состојба на децата | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | здрави | 69 |
| 2 | со посебни потреби | / |
| | Вкупно | 69 |

Од вкупно 69 деца колку што има во моментов во СОС Детско село, можеме да забележиме дека женскиот пол е застапен многу повеќе отколку машкиот, односно 42 од вкупниот број се девојчиња. Момчињата ги има во многу помал број, само 27 од нив се од машки пол. Деца со некои посериозни посебни потреби моментално во селото нема.

*Табела 7 – Податоци за децата според националност*

| Реден број | Националност | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Македонска | 50 |
| 2 | Албанска | 2 |
| 3 | Турска | / |
| 4 | Ромска | 13 |
| 5 | Бошњачка | 4 |
| 6 | друга | / |
| | Вкупно | 69 |

Дека во селото не постои дискриминација на децата врз основа на ниедна категорија, па ниту во однос на националноста, покажува и фактот што овде се застапени деца од различна националност. Од вкупниот број на деца кои се згрижени, најголем број се од македонска националност, вкупно 50, од албанска 2 деца, 13 деца се од ромска националност и 4 од нив припаѓаат на бошњачка националност.

*Табела 8 – Податоци за вклученост на децата во воспитно- образовниот систем во учебната 20011/12*

| Реден број | Одделение/клас | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | предучилишно обр. | 3 |
| 2 | I одд. | 2 |
| 3 | II одд. | 3 |
| 4 | III одд. | 5 |
| 5 | IV одд. | 8 |
| 6 | V одд. | 6 |
| 7 | VI одд. | 15 |
| 8 | VII одд. | 11 |
| 9 | VIII одд. | 9 |
| 10 | I клас | 5 |
| 11 | II клас | 2 |
| 12 | III клас | / |
| 13 | IV клас | / |
| | Вкупно | 69 |

Извор: СОС Детско село-Скопје

Ако констатиравме дека најмногу се застапени децата на возраст од 11-14 години, тогаш сосема логично е најголемиот дел од нив да бидат вклучени во

шесто, седмо и осмо одделение, односно 15, 11 и 9 деца, соодветно. Со значително помала застапеност се децата од предучилишна возраст и второ одделение (3 деца), како и оние во прво одделение (2 деца). Останатите се распоредени најразлично, односно 5 деца во трето одделение, 8 деца во четврто и 6 деца во петто одделение.

### 5.1.2. Одговорности на СОС Детското Село

Одговорностите на СОС Детското село се поделени на неколку нивоа и тоа:

1. Соработници за детско-младинска грижа
2. Соработници за поддршка
3. Директор на селото
4. Помошни комисии во селото
5. Национално здружение

**Соработниците за детско-младинската грижа** живеат со децата и младинците доверени на нивна грижа и се одговорни за водење на нивниот индивидуален развој. Тука спаѓаат СОС мајката и младинскиот лидер (лидер за младинска грижа).

*СОС мајката* е лидер на секое СОС семејство и е одговорна за грижата и развојот на секое дете доверено на нејзина грижа. Таа му одговара на директорот на селото. Тој неа ја помага и заедно работат во дух на отвореност и доверба. СОС мајките работат заедно, помагајќи си една на друга. Тие избираат една СОС мајка како нивна претставничка во рамките на организацијата. Како клучни одговорности меѓу останатите се споменуваат: создава дом, обезбедува добросостојба за децата преку родителството, извршува домашни задолженија, ги насочува децата кон преземање одговорности и сл.

*Младинскиот лидер* е одговорен за поддршката на развојот на младинците и нивно насочување кон независен живот. Тој му одговара на директорот на селото, освен ако немаат назначено сеопшт координатор за младинските програми. Вообичаено живее во или блиску до младинскиот дом. Негови клучни одговорности се: водење на личниот развој на младинците, создавање можности за

контакти со семејството и околината, го води образовниот развој на младинците и сл.

Улогата на **соработниците за поддршка** е да ги зајакнат СОС семејствата. Тие ги поддржуваат СОС мајките така што им помагаат кога им е потребно и им нудат развојни можности за нивните деца. Делуваат како позитивни примери за децата и покрај тоа што немаат целокупна одговорност за грижата и развојот на децата. Тука спаѓаат СОС тетките и СОС семејните помошнички, соработници за развој на децата и администрација и технички персонал.

*СОС тетките и СОС семејните помошнички* нудат различни видови на поддршка на СОС мајките во рамките на договореното. СОС тетките живеат во селото, додека семејните помошнички живеат надвор од селото.

*Соработниците за развој на децата* се одговорни за обезбедување можности и програми кои ја помагаат секоја СОС мајка во промовирањето на развојот на нејзините деца. Меѓу соработниците за развој на децата спаѓаат едукатори, психолози и социјални работници.

*Административните соработници* се одговорни за одржување на едноставен административен систем во селото. Целта на овој систем е да се изгради финансиска одговорност во рамките на секое СОС семејство. Тука спаѓаат администратор, сметководител и секретар. *Техничкиот персонал* се грижи за одржувањето на објектите во селото, возилата и земјиштето. Тука спаѓаат хаусмајстор, возач, градинар и хигиеничар.

**Директорот на селото** е одговорен за севкупниот развој на децата во рамките на СОС семејствата и директно ја помага секоја СОС мајка. Тој е одговорен за ефективно раководство на селото вклучувајќи ги и финасиите и кадровата политика. Тој му одговара на националниот директор и е комплетно поддржуван од страна на националната канцеларија во поглед на развој на планови и активности кои водат кон напредок на селото.

**Помошни комисии** во селото се селската комисија и комисијата за прием на децата. *Селската комисија* ги вклучува претставничката на СОС мајките, младинскиот лидер или нивниот координатор, постар соработник за развој на децата и постар административен соработник. Се состанува еднаш месечно за да ги

координира и дискутира по разни прашања во селото, а го помагаат директорот при раководните и координативните активности.

*Комисијата за прием на деца* се грижи за приемот на децата и настојува секогаш предност во приемот да имаат оние деца чии што потреби најдобро можат да се задоволат во рамки на СОС семејството. Оваа комисија ја раководи директорот на селото, а вклучува и соработници за развој на децата и во идеални услови, надлежниот социјален работник. Некогаш се консултира и претставничката на СОС мајките.

**Националното здружение** вклучува национален директор и управен одбор.

*Националниот директор* делува како извршен директор на националното здружение и како директен претпоставен на сите директори на селата, споделува информации за националните планови и приоритети со директорот на селото, води сметка за обезбедување на специјалистички услуги и административна помош на селото и сл.

*Управниот одбор,* пак води долгорочно планирање на националното здружение, поставува јасни насоки за развој на активностите во СОС Детското село, разгледува и одобрува годишни буџети и сл. (SOS Kinderdorf International, 2004, 15-18)

## 5.1.3. Прием на деца и избор на семејство според потребите на децата

*„Толку многу зависи од вистинскиот состав на СОС семејството....децата вообичаено можат да бидат сместени во СОС семејство кое најдобро ги задоволува нивните потреби. “*

Херман Гмајнер

За прием во СОС Детското село се земаат предвид само оние деца чии што потреби најдобро ги задоволува СОС семејството. Пред да стане член на СОС семејството, едно дете подложно е на внимателна проценка.

Според *Правилата за приемот на децата во СОС Детските села* на Националната канцеларија, општите критериуми за прием се:

1. долгорочна потреба за семејна грижа;

2. не постари од 10 години;

3. деца за кои завршила постапката за посвојување и не се посвоени;

4. психофизички здрави деца или деца со лесна попреченост кои самостојно можат да ги задоволуваат своите потреби и немаат потреба од посебна грижа.

Исклучок од општите критериуми за прием се прави само во случај на прием на браќа и/или сестри, но не постари од 12 години, по разгледување на секој случај поединечно. При исти/други критериуми, при приемот приоритет се дава на децата без родители, браќа и/или сестри.

Децата во СОС Детските села се примаат по препорака и барање за прием од страна на Ј.У. Меѓуопштински центри за социјална заштита и нивните Организациони единици во Р. Македонија, според локацијата на престој на детето.

Се признава фактот дека секое дете кое доаѓа во ново СОС семејство е со сопствена лична историја, позадина и чувство на идентитет. Оттука, соработката со биолошкото семејство постојано се поттикнува, за транзицијата во новиот дом да помине што е можно побезболно и да се обезбеди основа за континуирани семејни врски.

Процесот за прием го раководи комисијата за прием на децата. Оваа комисија проценува дали СОС семејството е најдобра згрижувачка можност за детето, во консултација со СОС мајките оценува кое СОС семејство е најсоодветно, води сметка да се добијат сите потребни документи и да се исполнат сите правни барања. Комисијата соработува со владините органи за социјална заштита, а соодветниот социјален работник од тие тела може да биде вклучен во комисијата како консултант.

Молбите се разгледуваат според јасни критериуми за прием. Само на оние деца на кои што им е потребен нов дом во постојана семејна околина се земаат предвид за прием. Предност притоа добиваат сирачиња и напуштени деца без роднини на кои би им овозможиле долгорочна семејна грижа.

Комисијата за прием на деца работи во партнерство со органите на социјалната заштита, водејќи сметка секој случај детално да се истражи и сите правни побарувања за прием да бидат исполнети.

Биолошкото семејство се признава како партнер во грижата на детето. Тоа е известено за СОС семејниот модел за грижа и се поканува да ги запознае идните СОС мајка и семејство на детето. Со нив се вршат консултации во текот на целиот процес на прием на детето. На ваков начин се утврдува дека сите потребни информации за детето се добиени, но и се создава основа за продолжување на семејните врски додека детето е во селото.

Семејството кое ќе соодветствува најмногу на потребите на детето внимателно се одбира. Притоа акцентот се става на индивидуалните потреби на детето, како и на тоа детето да одговара на потребите на другите деца од семејството. СОС мајката има целосна слика за детето во однос на неговото минато и потреби, за да може да потврди дали е подготвена или не да се грижи за тоа дете. Со ова се води сметка да се задржи природната семејна структура, со момчиња и девојчиња на различна возраст, а биолошките браќа и сестри остануваат заедно во исто семејство. Децата се сместуваат во она семејство каде најдобро можат да растат во согласност со нивната култура и религија.

## 5.1.4. Улогата на СОС мајката

*„...ние мораме да ја направиме професијата мајка во СОС Детско село привлечна во интелектуален и духовен поглед. На овој начин мораме да создадеме ново, модерно женско занимање како оние на негователка или социјален работник.“*

Херман Гмајнер

Во срцето на СОС семејниот модел на детска грижа е трајната и стабилна врска меѓу СОС мајките и децата кои и се доверени на грижа. Со споделување на нејзиниот живот и чувствата со нив, СОС мајката гради грижливо семејство во кое може да се лекуваат емоционалните рани и да се изгради доверба. Истовремено, СОС мајката е професионалец во грижата за децата, глава на СОС семејството и грижлив родител на секое од нејзините деца.

Организацијата на СОС Детските села е посветена на изградба на професијата на СОС мајка во секоја земја. Неопходни се темелен изборен процес, високи стандарди на обука и постојана поддршка. Со овие чекори на СОС мајката и се овозможува да се развива, да ги проширува сопствените способности и квалификации и да го исполни својот потенцијал.

СОС мајката се стреми кон создавање на пријатна семејна атмосфера во која децата ќе имаат можност да го исполнат својот потенцијал. Го прифаќа секое дете како единствено и се грижи за неговите индивидуални потреби со почит и разбирање. Како лидер на нејзиното семејство, таа е одговорна за делувањата и одлуките поврзани со нејзините деца. Таа презема улога на родител, а сите останати имаат интеракција со нејзините деца само со нејзино знаење и одобрување. Своите деца ги води кон независност и автономија, а бара стручни совети од другите селски работници, доколку има потреба од тоа.

✓ **Процес на селекција и регрутација на СОС мајката**

Процесот на селекција со кој се овозможува вработување на вистински СОС мајки е многу важен чекор во одржувањето на СОС семејството. Секоја кандидатка се интервјуира најмалку два пати и внимателно се испитува за да се востанови дали поседува карактер, квалификации и потенцијал за да стане дел од професијата СОС мајка. Овој процес на регрутација го води директорот на селото со поддршка на претставничката на СОС мајките и/или друг соработник од или вон селото кој има искуство во селекција на СОС мајки.

СОС мајките добиваат обука во текот на целиот тек на нивната кариера. Нововработените СОС мајки добиваат почетна двегодишна обука за да станат професионални квалификувани СОС мајки. Во текот на овие две години таа се нарекува СОС мајка приправник. Нејзината обука се состои од најмалку 3 месеци теоретска обука по детска грижа, како и период од 21 месец практична работа на лице место. За секоја СОС мајка е задолжителна најмалку двоседмична обука на секои 2 години. Освен тоа, во селото се организира интерна обука во траење од најмалку една седмица годишно.

Секоја СОС мајка добива насоки од директорот на селото. Директорот на селото спроведува проценка на работната изведба со СОС мајките секоја година, која се проследува на секои 6 месеци за да се утврдат достапните потребни обуки и соодветната поддршка. Притоа дава редовна повратна информација и поддршка на СОС мајките преку неформални дискусии еднаш месечно.

На секоја СОС мајка приправник и се доделува искусна СОС мајка како нејзин ментор, од која добива насоки и поддршка. По истекот на двегодишиот период на обука, СОС мајката приправник станува професионално квалификувана СОС мајка.

Најмалку еднаш на секои две години, СОС мајките, СОС тетките и/или СОС семејните помошнички избираат нивна претставничка. Таа делува како нивен гласноговорник и е рамноправен член на селската комисија. Ја промовира професијата СОС мајка и дава предлози, по претходна консултација со останатите СОС мајки, во врска со понатамошниот развој.

Се применува темелен процес на селекција и регрутација. Ова значи дека:

1. Секое национално здружение поставува критериуми за селекција и регрутација водејќи сметка за локалната ситуација во земјата;

2. Соодветните кандидатки за занимањето СОС мајка вообичаено се на возраст од 25-40 години и имаат најмалку 8-10 години училишно образование. Потенцијалната СОС мајка достигнала стадиум во нејзиниот живот кога може да преземе јасна обврска да подигне најмалку една генерација на деца во СОС семејство;

3. Кандидатките се жени кои се немажени, разведени или вдовици кои немаат малолетни деца зависни од нив;

4. Тие поседуваат длабоко всадено чувство на грижа и почит кон деца кои не се нивни и на кои им се потребни дом и семејство;

5. Нивното ментално и физичко здравје е во добра состојба, тие се отворени, толерантни кон различни култури, топли и вредни личности.

6. Имаат практични вештини во детска грижа и домаќинство;

7. Формално работно искуство не е задолжително, но е пожелно.

### 5.1.5. СОС тетка и СОС семејна помошничка

СОС тетката и СОС семејната помошничка се исто така, професионалци во грижата за децата. Тие добиваат специјализирана обука која ги подготвува за привремената грижа за децата од различни семејства и раководење со домаќинство кое не е нивно. Тие му одговараат на раководниот соработник за детска грижа.

СОС тетката живее во селото. Кога СОС мајката е на одмор таа се сели во СОС семејниот дом и обезбедува привремена грижа за децата. Исто така таа и помага на СОС мајката за време на тешки работни периоди преку помош во детскиот развој или домашните обврски. Како и СОС мајката, таа нема брачни обврски и нема малолетни деца зависни од неа.

СОС семејната помошничка ги извршува истите функции како и СОС тетката. Разликата е што таа живее во својот дом, може да биде мажена и да има свое семејство. Но, таа се преселува во СОС семејниот дом кога СОС мајката е на одмор.

СОС тетката има право на бенефициите кои што важат за СОС мајката во поглед на здравствената грижа, домување и пензија. Ова не важи и за СОС семејната помошничка, бидејќи таа има долготрајна сигурност во рамките на нејзиното семејство и заедница.

СОС тетките и СОС семејните помошнички работат со две до три различни СОС семејства и можат да ротираат низ селото. Тие поради тоа мора да имаат флексибилни работни навики и способност брзо да се прилагодуваат на различни домаќинства и деца. Тие присуствуваат на повеќето компоненти од програмите за обука на СОС мајките, истовремено добивајќи и специјализирани обуки потребни за привремена грижа за децата. Доколку се ослободи место за СОС мајка, СОС тетките и СОС семејните помошнички можат да конкурираат.

### 5.1.6. Соработници за развој на децата

Соработниците за развој на децата се одговорни за обезбедување можности и програми кои ја помагаат секоја СОС мајка во промовирањето на развојот на нејзините деца. Како нивни клучни одговорности се истакнуваат следниве:

1. Соработуваат со СОС мајките на полето на планирање на развојот и ги приоретизираат ресурсите за да се применат тие планови;

2. Водат сметка СОС семејствата да ја добијат потребната помош, како на пр. лекарства, образовни и програми за посебни потреби;

3. Го помагаат процесот на прием на деца преку собирање информации за историјата и сегашноста на детето, преку преземање на правни формалности и преку работа со биолошкото семејство на детето.

Во групата на соработници за развој спаѓаат главно членовите на стручниот тим на СОС Детското село, односно постар соработник за развој на деца (педагог), педагошки соработник, психолог и социјален работник. Во продолжение ги разгледуваме целите на нивните работни места, т.е. описот на задачите и одговорностите кај секој од нив поединечно. (SOS Kinderdorf International, 2006, 19)

- **Постар соработник за развој на деца (педагог)**

Постариот соработник за развој на децата/педагогот во СОС Детското село-Скопје е одговорен за обезбедување на можности и релевантни програми кои ја помагаат секоја СОС мајка во промовирање на развојот на нејзините деца, извршува работни задачи насочени кон поддршка на децата преку индивидуална и групна работа со деца со цел надминување на ризик и надминување на проблеми.

Таа/тој како постар соработник за развој на децата ги координира СОС теткитe/семејните помошнички, го помага одговорниот соработник за грижа за млади и членовите на психо-педагошкиот тим, така што им обезбедува услуги и развојни можности. Негови главни задачи и одговорности се:

1. почитување, промовирање и спроведување на Конвенцијата за правата на детето на ОН;

2. соработува со СОС мајките на полето на планирање на развојот на детето;

3. организира и лично учествува во поддршката на деца и младинци (работи групно и индивидуално) во совладување на училишен материјал преку техники на учење, организира активности кои се насочени за подготовка на децата во прво одделение во ОУ и средно училиште според програмата за трансфер на деца од Детско село (ДС) во Младинска заедница (МЗ);

4. работи индивидуално со децата и младинците кои имаат развојни проблеми и тешкотии во социјалното однесување, дава поддршка на деца и младинци кои имаат потешкотии во училиште преку индивидуална и групна работа со нив;

5. во зависност од индивидуалните интереси и специфичните способности ги насочува децата кон одредени слободни активности, ги организира истите во рамките на СОС Детското село и во заедницата, контактира и ја организира соработката со културно-уметнички, спортски и други клубови и организации и сл;

6. соработува со СОС семејствата со цел јакнење на семејната припадност, донесување одлуки, развивање на комуникацијата во семејството, развивање на одговорност за сопственото однесување во семејството;

7. најмалку еднаш неделно ги посетува семејствата (за кои тој е советник) и ги поддржува семејствата преку советување, едукативна поддршка и индивидуална поддршка во надминување на проблем ситуации, врши следење и има увид во остварување на целите на згрижување и исполнителноста на стандардите за заштита на детето во СОС семејството;

8. планира дневни, неделни и месечни активности, известува за реализацијата на истите, а еднаш во месецот доставува извештај во писмена форма за работата до директорот на селото;

9. подготвува и реализира едукативни работилници за потребите на вработените во селото;

10. стручно се усовршува, што значи следи стручна литература законски прописи, учествува на разни семинари и стручни предавања и сл;

Ова се само дел од главните задачи и одговорности на педагогот во СОС Детското село. Освен нив, педагогот има и некои специфични задолженија како

што се: организација и водење на Детскиот парламент, организација и реализација на креативни работилници за деца, организација и реализација на процена на работна изведба со СОС тетките/семејните помошнички и др. по барање на директорот, како и изработка на план за индивидуалното развојно планирање на ниво на Детското село, договара формални состаноци и евалуација на индивидуалниот развоен план на децата во селото, сите активности ги ажурира во табела на ниво на селото, а тие се достапни за секој член од стручниот тим.

❖ **Педагошки соработник**

По функција овој член на стручниот тим е подреден на постариот соработник за грижа на децата/педагогот. Она што е карактеристично за педагошкиот соработник, што може да се забележи во описот на главните задачи и одговорности е големата сличност со задачите и одговорностите на неговиот надреден-педагогот. Ова значи дека педагошкиот соработник е одговорен за обезбедување на можности и релевантни програми кои ја помагаат секоја СОС мајка во промовирање на равојот на нејзините деца, извршува работни задачи кои се насочени кон поддршка на децата, организира и учествува во давање на поддршка на децата во совладување на училишен материјал, ги организира слободните активности на децата и соработува со сите организации, установи и поединци од областа на образование, култура и спорт. Дава поддршка на детето и СОС мајката за подготовка на детето за реинтеграција или осамостојување, одржува контакти со Центрите за социјална работа и биолошките родители и роднини на детето, води соодветна документација, планови, извештаи и сл.

Со оглед на тоа што повеќето задачи и одговорности се идентични како и кај постариот соработник за развој-педагогот, за да не се повторуваме, во продолжение ги истакнуваме само неговите специфични задолженија, а тоа се следниве: организира и реализира креативни работнилници за децата, ја имплементира програмата за трансфер на деца од ДС во МЗ во делот за кој тој е одговорен, организира групни активности и ги ангажира со потребните надворешни соработници, ја следи реализацијата на програмата за трансфер на деца од ДС во МЗ и организира вонучилишни активности за деца од СОС семејствата.

### ❖ Психолог

Психологот како соработник за грижа на децата во СОС Детското село-Скопје е одговорен за обезбедување на можности и релевантни програми кои ја помагаат секоја СОС мајка во промовирање на развојот на нејзините деца, извршува работни задачи насочени кон психолошко советување на децата, индивидуално и групно, психодијагностика на децата, поддршка на детето и СОС мајката за подготовка на детето за реинтеграција или осамостојување, води соодветна документација, планови и извештаи. Помеѓу останатите, како главни задачи и одговорности, се истакнуваат следниве:

1. спроведува психодијагностика – психолошко тестирање на децата со психолошки мерни инструменти и техники, изготвува психолошки наод и мислење и дава препораки насочени кон психолошки развој на детето;

2. индивидуално психолошко советување и групно психолошко советување на деца преку едукативни работилници за надминување на психолошки проблеми;

3. соработува по потреба со СОС мајките и старателите на децата со цел усогласување на ставови кон единствено делување;

4. ги поддржува семејствата преку психо-социјална поддршка и др.

Негови специфични задолженија се: поддршка на директорот на селото во обезбедување на соодветна и квалитетна примена на плановите за развој на децата во СОС Детското село и нивно континуирано следење, поддршка на директорот на селото во обезбедување на развој на младинските програми и нивна континуирана поврзаност со активности во рамките на СОС Детското село-Скопје, дава поддршка на директорот на селото во процесот на регрутација и селекција на кадар, поддршка на организацијата на супервизија на советникот за семејна грижа, поддршка на советникот за семејна грижа во организација и реализација на почетни и тековни тренинзи за кандидатите и вработените во селото и сл.

### ❖ Социјален работник

Социјалниот работник како соработник за развој на децата во СОС Детското село-Скопје, извршува задачи насочени кон поддршка на децата преку соработка со СОС мајката која е одговорна за грижата и развојот на децата, дава свои наоди и

мислења релевантни за донесување на планови на услуги и мерки за заштита на децата и младите, врши следење и увид во остварување на поддршката на детето.

Одговорен е за собирање на податоци релевантни за процедурата на сместување на деца во СОС семејство, законски пропишана документација, евиденција и контакти, соработува со Центрите за социјална работа и другите установи и организации, за следење и организација на контактите со биолошките родители и роднини на децата и младинците.

Помеѓу останатите негови задачи и одговорности се следниве:

1. контактирање и посетување на децата за кои СОС Детското село има добиено барање за прием;

2. отвора досие за новодојдено дете преку обезбедување на правилна регистрација на децата, како и достапност на целосната документација во Детското село во согласност со прописите, води пропишана евиденција и документација за сите деца сместени во СОС семејствата;

3. координирање на контактите и соработка со Центрите за социјална работа-СОС Детско село-СОС мајка;

4. реализира посети на биолошки родители и сродници од каде што потекнува детето на ниво на селото;

5. контакти со социјални и здравствени институтции во правец на остварување на нови социјални и здравствени права на детето и многу други задачи и одговорности.

Негово специфично задолжение е да дава поддршка во имплементацијата на програмата за трансфер на деца од ДС во МЗ на педагошкиот соработник, потоа во организацијата на групни активности и во ангажирањето на потребните надворешни соработници.

# ВТОР ДЕЛ

## *Методологија на истражувањето*

# 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување ќе биде работата на педагогот во алтернативната заштита на деца без родители и родителска грижа, а особено ќе се задржиме на неговата работа во СОС Детското село во Македонија.

Вака дефиниран предметот на истражување ќе опфати неколку аспекти, пред се ставовите и мислењата на педагогот за сопствената работа, потоа мислењата на мајките кои работат со децата за работата на педагогот и конечно, размислувањата на децата за тоа како работи педагогот со нив.

# 2. Дефинирање на поимите

За да се објасни предметот на истражувањето, дефинирани се основните поими кои се од суштинско значење за него, односно: *педагог, деца без родители* и *родителска грижа, алтернативна заштита* и *СОС Детското село*. Овие поими беа разгледани и во теоретскиот дел, што ни овозможува расветлување и подобро согледување на нашиот проблем, односно која е улогата на педагогот во алтеративната заштита на децата без родители и родителска грижа.

Низ литературата може да се сретнат најразлични дефиниции за терминот **педагог.** Всушност и неговото значење со текот на времето се менува. Педагог во најшироко значење претставува личност која се занимава со воспитание. Овој термин има свој корен во старогрчките зборови „paidagogos“ – што значи оној кој води дете ( pais, paidos- дете, ago- водам). Така, во античка Грција се нарекувале оние робови кои децата на робовладетелите ги воделе во училиште и се занимавале со децата дома. Во древен Рим педагози ги нарекуваат учените Грци, обично воените заробеници кои биле учители на синовите на богатите Римјани.

Со текот на времето називот педагог се проширува на сите оние кои се занимаваат со воспитание на децата: учители, родители и др. Со развојот и афирмирањето на педагогијата како наука доаѓа до систематско проучување на воспитанието. Со тоа содржината на поимот педагог се проширува. Педагози се нарекуваат и оние поединци кои го проучуваат процесот на воспитание и воспитните прашања воопшто.

Денес го употребуваме терминот педагог во пошироко и потесно значење. Во поширока смисла под поимот педагог ги сфаќаме сите просветни работници: учители, воспитувачи, наставници и професори кои се занимаваат со воспитание и образование.

Во потесна смисла, педагог е лице кое претежно теориски се занимава со проучување на педагошките проблеми со цел унапредување на праксата и теоријата на воспитанието. За разлика од педагогот во поширока смисла, овие се нарекуваат и стручни педагози, затоа што редовно се високо квалификувани стручњаци кои студирале педагогија на факултет или на високо-педагошка школа. (Енциклопедиски речник педагогије, 1963, 648-649)

**Децата без родители и родителска грижа** се деца кои се наоѓаат во состојба на ризик и се во опасност да бидат отфрлени од нивното природно семејно опкружување, а со тоа да ја изгубат заштитата и грижата од своето биолошко семејство. Станува збор главно за деца кои припаѓаат на семејства во кои недостига родителско знаење и вештини, стабилен извор на средства како и ефикасно раководење со истите, потоа семејства во кои недостигаат основните елементи за нормален раст и развој на децата. Согласно одредбите од Законот за семејство, деца без родители и родителска грижа се оние деца чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и деца чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски должности. (Закон за семејство, бр.80/92)

Според прирачникот за алтернативна заштита, деца без родители и родителска грижа се сите оние на кои им недостасува грижата од барем еден родител, од било кои причини и под било кои околности. Децата без родителска

грижа кои што се надвор од својата земја или родното место на живеење, или пак се жртви на вонредни ситуации, можат да се одредат како:

а) „без придружба" - ако не се згрижени од некој роднина или некое друго возрасно лице кое според законот или обичајот е одговорен да го направи тоа;

б) „разделени" – ако се разделени од претходниот правен или вообичаен старател, но кои што сепак можат да бидат следени и згрижени од страна на друг роднина.

Како семејства на кои им се помага бидејќи не се во можност да ги одгледуваат своите деца се наведуваат следниве: многудетни и еднородителски семејства, семејства корисници на социјална парична помош во намален износ, семејства чиј член на семејство е на издржување на казна затвор, семејства со член со ментален или физички хендикеп, малолетен родител со дете и сл. (Guidelines for the alternative care of children, 2009, 10)

Што се однесува до **алтернативната заштита**, за неа зборувавме опширно и во теоретскиот дел, тука на кратко би можеле да спомeнеме дека алтернативната заштита се јавува во две основни форми и тоа:

1. *Неформална грижа:* секој приватен аранжман предвиден во семејна средина, при што детето е згрижено на одредено или неодредено време од роднини или пријатели (како еден вид на роднинска грижа) или од страна на други луѓе во нивни индивидуални објекти, на иницијатива на детето, неговите родители или друга личност без овој аранжман се одредени од страна на административните или судските власти или некое друго акредитирано тело.

2. *Формална грижа:* секој вид на грижа предвиден во семејна средина која ќе биде одредена од страна на компетентно административно тело или судската власт и секој вид на грижа предвиден во некои сместувачки капацитети, вклучувајќи ги и приватните објекти, без разлика дали е тоа како резултат на административна или судска мерка.

Со оглед на тоа што на **СОС Детското село**, како можеби најраспространета алтернативна форма на згрижување, опширно се задржавме во теоретскиот дел, тука накратко ќе спомeнеме само дека станува збор за независна, невладина, социјална институција за социјален развој. Првото СОС

Детско село го основал Херман Гмајнер во 1949 година, во Имст, Австрија. Денес во 439 села низ целиот свет се згрижени над 43 000 деца.

Работата во СОС Детското село се заснова на четири основни принципи од концептот за СОС Детските села, а тоа значи семеен приод во долгорочната грижа за деца без родители и родителско старателство. Овде, децата кои ги загубиле своите родители и родителската грижа, наоѓаат топол дом и љубов, растејќи во хармонична семејна средина. (www.sos-childrensvillages.org)

## 3 . Цел и карактер на истражувањето

**Целта** на ова истражување е да ја проучиме работата на педагогот, како стручен соработник во еден поинаков вид на организација за згрижување на децата без родители и родителска грижа, каква што е СОС Детското село во Скопје, како и да се запознаеме со најпознатите алтернативни форми на социјална заштита, а особено со работата на СОС Детското село во светски рамки.

Што се однесува до **карактерот** на истражувањето, можеме да зборуваме за *современо* истражување бидејќи се проучуваат актуелни проблеми на педагошката теорија и пракса. Со оглед на тоа дека до податоците доаѓаме по пат на непосредно искуство, набљудување, се работи за *емпириско* истражување. Со помош на дескриптивниот метод ги запознаваме појавите онакви какви што се и колкави се, т.е. ја утврдуваме фактичката состојба на појавата, онаква каква што е, без притоа да ги објаснуваме причинско-последичните односи, а сето тоа го прави ова истражување *дескриптивно*. И конечно, можеме да зборуваме за *квалитативно* истражување, кое ќе се одвива во природна средина, а истражуваните појави ќе се гледаат низ очите на испитаниците.

## 4. Задачи на истражувањето

Целта на ова истражување се конкретизира низ следниве задачи:

1. Да се проучи програмата по која работи педагогот;
2. Да се испитаат ставовите и мислењата на педагогот за педагошката работа што ја остварува согласно индивидуалните потреби на децата;
3. Да се испита каков вид едукативна помош им дава педагогот на децата кои имаат проблеми во учењето (слаб успех, едукативно запуштени деца);
4. Да се испитаат мислењата на СОС мајките за тоа дали и на кој начин педагогот работи со оние деца на кои им е потребна едукативна помош;
5. Да се утврдат мислењата на СОС мајките за улогата на педагогот и за поддршката која ја добиваат од него во процесот на воспитание на децата;
6. Да се утврдат мислењата на децата за тоа како педагогот работи со нив кога имаат потреба од помош за во училиште;
7. Да се истражи учеството на педагогот во организацијата на слободното време на децата согласно нивните потреби и интереси;
8. Да се утврдат мислењата на децата како педагогот учествува во структуирањето на нивното слободно време;
9. Да се утврди дали и на кој начин педагогот оставарува контакти и соработка со училиштата и други надворешни соработници во врска со вклучувањето на децата во воннаставни активности;

## 5. Варијабли на истражувањето

**Независна варијабла** во ова истражување претставуваат испитуваните страни со кои работи педагогот-СОС мајките и децата кои се згрижени во СОС Детското село. Овие две независни варијабли се јавуваат во неколку категории и тоа:

- Образование
- Пол
- Возраст
- Националност

**Зависна варијабла** претставува работата на педагогот, изразена преку најразлични активности на педагогот за реализација на сопствените цели, а во функција на подобар живот на децата во оваа организација.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражување

Предметот на истражување, поставената цел и задачите ги детерминираат методите, техниките и инструментите што ќе се користат во ова истражување.

Ќе се користи ***дескриптивниот метод*** низ следниве модели:

*Дескриптивно-интерпретативен приод*, кој овозможува интерпретација на податоците добиени преку техниките на ова истражување, како и нивно толкување.

*Дескриптивно-аналитички приод*, кој ќе ни овозможи да дојдеме до одредени сознанија за теоретските и практичните поставки на нашиот предмет на истражување. За таа цел е направен увид во целокупната документација која е во функција на предметот на истражување, пред се во програмата по која работи

педагогот како и педагошката евиденција на сите стручни соработници во СОС Детското село, од која добиваме податоци за начинот на нивната работа;

Што се однесува до ***техниките*** кои ќе бидат користени, тоа се следниве:

*Интервју* – ова е истражувачка техника преку која добиваме информации за ставовите на педагогот за педагошката работа што ја реализира со децата, за контактите што ги остваруваат со училиштата и другите надворешни соработници, за едукативната помош што ја даваат на децата на кои им е потребна, за советничката улога и за организацијата на слободното време на децата. Исто така преку интервјуто ќе се добијат податоци за тоа како размислуваат и децата во однос на сите прашања кои се однесуваат на нив, како и податоци од СОС мајките за тоа какви совети добиваат од педагозите, каква соработка имаат со нив и колку тие совети и насоки што ги добиваат од педагозите им помагаат за правилно воспитание на децата со кои работат. Притоа е важно да нагласиме дека ќе се користи структурирано интервју, а добиените податоци ќе се бележат непосредно, во текот на самиот разговор, во протокол за интервју.

*Систематско набљудување* – преку оваа истражувачка техника треба да се добијат податоци за реализацијата на едукативната помош која ја добиваат децата од страна на педагозите.

*Анализа на содржина* – со помош на оваа техника ќе се анализира педагошката документација која е во функција на нашиот предмет на истражување.

Примената на овие техники ќе се врши со следниве ***инструменти на истражување:***

*Протокол на интервју* – се работи за структурирано интервју, со прашања од отворен тип. Прашањата се однесуваат на ставовите на педагогот, мајките и децата за работата на педагогот. Всушност се работи за три протоколи, за секоја испитувана страна поединечно. Покрај општите податоци кои се

однесуваат на возраст, образование, националност, пол и работно искуство, протоколот содржи и неколку групи на прашања.

Протоколот на интервју за педагогот содржи прашања кои се однесуваат на неговата работа со СОС мајките и децата. Поточно, која е неговата улога при пружање на едукативната помош на децата, воспитанието на децата, организацијата на слободното време, како и вклучувањето на децата во воннаставните активности. Протоколите на интервју со СОС мајките и децата содржат прашања кои се однесуваат на нивните размислувања за тоа како работи педагогот со нив во однос на сите погоре споменати активности.

*Протокол за систематско набљудување* – во кој треба да бележиме податоци за одредена активност на педагогот. Тоа значи дека покрај општите податоци кои се однесуваат на место, време, простор во кој ќе се изведува планираната активност, ќе се бележи и како работи педагогот, кои методи, форми и содржини ги користи во сопствената работа, каков е интересот, мотивацијата и повратната информација од децата со кои се работи, каков е односот и комуникацијата меѓу двете вклучени страни во активноста која се набљудува, но и интерперсоналните односи, комуникацијата помеѓу децата.

## 7. Примерок на истражување

Популацијата на истражување ги опфаќа децата кои се згрижени во СОС Детското село Скопје, СОС мајките и педагогот како стручен соработник.

*Примерокот на деца* ќе биде пропорционален стратификуван, при што ќе бидат вклучени деца различни по возраст, пол и националност. Тоа значи дека ќе бидат застапени 30 деца вкупно и тоа 1 дете на возраст до 6 години, 13 деца на возраст од 7-10 години и 16 деца на возраст од 11-14 години. Во однос на полот ќе имаме 12 машки и 18 женски деца, а во однос на националноста ќе бидат вклучени 20 деца од македонска националност, по две деца од албанска и бошњачка и шест деца од ромска националност.

*Примерокот на мајки* ќе го сочинуваат сите мајки кои што работат во СОС Детското село, а тоа значи дека ќе бидат вклучени 12 мајки во истражувањето.

*Примерокот на педагози* ќе го сочинуваат двајцата педагози кои работат во СОС Детското село-Скопје.

# ТРЕТ ДЕЛ

## *Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето*

Природата на нашето истражување овозможи дескриптивно-интерпретативен приод во обработката на резултатите добиени со истражувањето. Ова значи дека добиените резултати ќе ги интерпретираме согласно протоколите за интервју со секоја страна поединечно и според протоколот за систематско набљудување. Заклучните согледувања ќе следуваат по завршувањето на анализата на последниот протокол, како сублимат на целокупната анализа и интерпретација која кореспондира на поставените задачи.

Истражувањето беше спроведено во СОС Детското село во Скопје. Однапред договорените интервјуа се реалзираа во времетраење од три дена, со тоа што се работеше цел ден, односно по 8 работни часа. Интервјуата со педагозите беа спроведени во нивната заедничка канцеларија, со СОС мајките разговаравме во нивните куќи, а со дел од децата кои се згрижени интервјуто го реализиравме во отстапената канцеларија на педагозите, а со останатите во т.н. теткинска соба (соба во која живеат, престојуваат СОС тетките, кога ќе имаат потреба). Како што веќе напоменавме, беа реализирани интервјуа со сите три засегнати страни, односно со двајцата педагози, сите СОС мајки, како и 30 деца, избрани врз основа на формулата за избор на пропорционален стратификуван примерок, што значи дека се водеше сметка бројот на деца од различни категории (возраст, пол и националност) кои што ќе бидат вклучени во примерокот за истражување да биде во ист соодност како нивниот број во вкупниот број на деца кои се згрижени во селото. Согласно со ова, во нашиот примерок беа вклучени едно дете на возраст до 6 години, 13 деца на возраст од 7-10 години и 16 деца на возраст од 11-15 години. Во однос на полот беа застапени 18 девојчиња и 12 момчиња, а во однос на националноста ги добивме следниве бројки: 20 деца од македонска националност, 5 деца од ромска националност, 3 од бошњачка и 2 деца од албанска националност.

Прашалниците за интервјуто се состоеја од неколку категории на прашања, а сето тоа беше во функција на задачите со кои ја операционализиравме нашата првична цел. Па така, имавме прашања кои се однесуваат на достапноста на педагогот за работа, потоа прашања за соработката што ја остварува со мајките, соработката со децата, неговото учество во надминувањето на училишните

проблеми на децата, како и на проблемите на децата надвор од училиштето, неговата улога во организацијата на слободното време, но и неговата улога во вклучувањето на децата во воннаставните активности. Овие прашања беа поставувани на сите испитаници, СОС мајките, педагозите и децата, за да можеме да добиеме поверодостојни резултати за улогата на педагогот во СОС Детско село.

Што се однесува до систематското набљудување, истото се реалзираше во времетраење од 45 минути, при што набљудувавме активност - укажување помош при пишување домашна задача. Тоа беше во функција на поставената задача, да се испита каков вид едукативна помош се овозможува од страна на педагогот, на децата кои заостануваат или имаат потешкотии во нивната едукација. Притоа го анализиравме целокупниот процес на заедничко работење, не занемарувајќи го просторот во кои се реализира активноста, методите, формите, средствата што ќе се користат, па се до нивниот меѓусебен однос, начинот на нивната комуникација и постапките на педагогот и детето.

Во анализата на протоколите нема да се користат имиња и презимиња на децата, согласно претходно направениот договор за заштита на нивниот идентитет. Истото се однесува и на СОС мајките, како и на педагозите.

## *1. Анализа на податоците од протоколот за интервју на педагозите*

Во нашето истражување, беа опфатени двајцата педагози кои работат во СОС Детско село. Тие се дел од стручниот тим на селото, заедно со психологот и социјалниот работник. И двајцата се јавуваат во улога на советници на куќа.

Двајцата се со приближни години на старост и со приближно исто работно искуство во СОС Детско село. Едниот на возраст од 30, а другиот на возраст од 35 години, работат 4, односно 5 години на ова работно место. Вусшност ако детално го анализираме описот на нивните работни места, ќе забележиме дека едниот е назначен за постар соработник за развој на децата или педагог, а другиот е педагошки соработник. Прво е со завршени студии на филозофскиот факултет, поточно институт за педагогија, додека вториот со завршени студии на педагошкиот факултет, предучилишна насока. Вториот педагог, освен завршените студии има и 2.5 години специјализација на Монтесори педагогијата.

Имаат поминато доста работни обуки. Дел од нив се организирани од страна на СОС Детското село, а дел од нив од страна на други институции и организации. Од многуте обуки кои ги имаат поминато, ќе спомeнеме само некои: обуки за комуникациски вештини, менаџирање на стрес, менаџирање на време, работа со деца со пречки во развојот, работа со талентирани деца, работа со маргинализирани групи (деца бегалци, деца во социјален ризик, деца во криза), описменување на деца, едниот од нив преку UNICEF учествува во проект „Образование за мир“, при што спроведува обуки во Топанско поле и Шуто Оризари, обука за изучување на методите на Еми Пиклер за деца до 3 годишна возраст, застапување, лобирање и лидерство, и сл.

Во протоколот за интервју со педагозите имаше неколку групи на прашања. Прво разговаравме за нивниот делокруг на работа, што се е нивна одговорност и подрачјата во кои делуваат, понатаму за нивната достапност за СОС мајките и децата, каков вид соработка остваруваат со нив и конечно со какви потешкотии се

соочуваат во таа работа. Дали и како го организираат слободното време на децата како и каква е нивната улога во вклучувањето на децата во воннаставни активности исто така беше предмет на нашиот разговор. На крајот од интервјуто требаше да направат самопроценка на сопствената работа, колку сметаат дека се успешни, какви потешкотии имаат во реализацијата на својата педагошка дејност, но и што е она што би го смениле за да ја унапредат сопствената работа.

## 1.1. Подрачја на работа на педагозите

При анализата на интервјуто што го реализиравме со педагозите, можеме да заклучиме дека имаат доста голем делокруг на работа. Дел од нивните работни подрачја се поклопуваат, но имаат и специфични обврски и задолженија, кои што се карактеристични за секој од нив поединечно.

И двајцата се јавуваат како членови на стручниот тим на селото, членови на комисијата за прием на деца, учествуваат во поддршката на СОС семејствата, во организација на едукативната поддршка на децата, одговорни се за следењето на индивидуалниот развој на децата преку изготвување, следење и евалуација на индивидуалните развојни планови и се јавуваат во улога на советници на куќа, што значи и двајцата се задолжени за 4 куќи во селото. За СОС семејствата за кои тие се советници, водат листи за следење на децата-евиденција и документација за советување, индивидуална поддршка за надминување на проблем ситуации, води евиденција за психолошката поддршка на деца (за кои тие се советници), врши известување до Центрите за социјална работа за детето од СОС семејствата (по барање на старателите кога има важно известување и на секои шест месеци) и редовно ги ажурира во персоналното досие на детето. Соработуваат со стручниот тим во училиштата и предучилишните установи, работат индивидуално со децата и младинците кои имаат развојни проблеми и тешкотии во социјалното однесување, даваат поддршка на деца и младинци кои имаат проблеми во училиште преку индивидуална и групна работа со нив. Во зависност од индивидуалните интереси и специфичните способности ги насочуваат децата на одредени слободни активности, ги организираат истите во рамки на СОС Детско село и во заедницата,

контактираат и ја организираат соработката со културно-уметнички, спортски и други клубови и организации, организираат и реализираат културни програми и рекреативни содржини во СОС Детското село.

Но, сепак и двајцата имаат некои специфични задолженија. Така, едниот од нив се јавува во улога на одговорен на тим и СОС тетки и семејни помошнички, а е задолжен и за имплементирање на програмите за развој на деца. Исто така се јавува во улога на одговорно лице за индивидуалните развојни планирања, а го организира и води Детскиот парламент, организира и реализира едукативни работилници за потребите на вработените во селото. Изготвува план на секои 3 месеци за индивидуално развојно планирање на ниво на Детско село и договара формални состаноци.

Другиот пак, е задолжен за организација и реализација на креативни работилници за децата, ја имплементира програмата за трансфер на деца од детско село во младинска заедница во делот за кој тој е одговорен, организира групни активности и ги ангажира потребните надворешни соработници, ја следи програмата за трансфер на деца од детско село во младинска заедница. Трансферот трае две години, започнува кога децата се седмо одделение, па се до крајот на основното образование. Оваа програма вклучува обуки, работилници за стекнување на различни вештини од секојдневниот живот, почнувајќи од личната хигиена, апарати за домаќинство, располагање со пари, основите на сообраќајот, запознавање со ризиците во еден голем град, прва помош и заштита, противпожарна заштита, сида и сексуално преносливи болести и разни други работилници.

Сепак, не можеме да зборуваме за некоја строга поделба на нивните работни обврски. Тие функционираат како тим и успешно се надополнуваат. Затоа и СОС мајките и децата со кои тие непосредно соработуваат, знаат често да кажат: *„Кога го нема едниот педагог, го бараме другиот.* “

## 1.2. Педагошка дејност согласно индивидуалните потреби на децата

Првата област на која ќе се задржиме е педагошката работа што ја реализираат педагозите согласно индивидуалните потреби на децата. Ова не е случајно, бидејќи и самите педагози како прво подрачје на работа ја истакнуваат токму педагошката дејност, а и во описот на нивните работни места истата е наведена меѓу првите надлежности и работни обврски.

Логично прашање, откако и двајцата ќе потврдат дека реализираат педагошка дејност согласно индивидуалните потреби на децата, е како, односно на кој начин ги утврдуваат истите. Главно велат, преку информации од советниците на СОС семејствата, од лична и педагошка евалуација и од информации од наставниците, СОС мајките и СОС тетките/семејните помошнички. За информацијата што ја добиваат од страна на СОС мајките, кои најнепосредно ги следат децата, како и за начинот на кој воопшто добиваат информации за индивидуалните потреби, едниот од педагозите вели:

*„Кога се примаат децата во СОС Детско село, периодот на адаптација трае 6 месеци. За тоа време СОС мајката изготвува статус кво состојба во која ги опишува неговите навики, достигнувања, начинот на кој траела адаптацијата, степенот на емотивна врска која се промовира да се создаде, се вршат разговори со самите деца со цел подобро запознавање, се добиваат информации од училиште, од наставникот кој го опишува детето.“*

Педагозите исто така при секојдневната работа со децата, утврдуваат кои содржини детето ги совладало, кои не, каде има потешкотии и сл.

Педагошката работа педагозите ја реализираат директно преку директна поддршка и индиректно преку организирање на волонтери и членови од тимот. Тоа може да биде индивидуално и групно зависно од потребите и можностите на децата, како и од капацитетите за работа во група. Некогаш, велат педагозите, се работи и во парови, ако тоа го наметнува моменталната потреба. Се изработува листа на деца кои имаат потреба од едукативна поддршка. Таа листа се изработува

во соработка со СОС мајките, членовите на стручниот тим, се даваат препораки за тоа кои деца треба да бидат вклучени во едукативната поддршка. Потоа се изготвува неделен план на активности и работата се реализира. Моментално во селото се ангажирани двајца волонтери-едукатори, едниот дипломиран педагог, другиот професор по предучилишно воспитание. Нивните обврски се поделени, односно педагогот работи со деца од прво до осмо одделение, а професорот по предучилишно воспитание со младинците. Тие секој ден се достапни за децата со потешкотии во учењето, работат од 10-14h. Работат под менторство на педагозите.

Во однос на прашањето дали имаат некакви потешкотии во реализацијата на педагошката дејност, велат дека поголеми потешкотии нема, освен што на некои деца им треба повеќе време да совладаат некои содржини, па велат дека некогаш тоа оди полесно, некогаш потешко. Некогаш децата се помалку мотивирани за училишни обврски што пак, бара дополнителен ангажман кај детето и кај СОС семејството. Но, велат дека нема работа поврзана со децата во која нема резултати:

*„Да видите едно дете како напредува е голем успех за самото дете прво. Да поттикнете и да мотивирате едно дете навистина треба да вложите многу труд, магија за да детето стекне работни навики, да се труди и да го вложи својот максимум, а ако се случи тоа, резултатите се видливи. Мене тоа најмногу ме исполнува, бидејќи фидбекот од децата е голем.“* – раскажува еден од педагозите.

## 1.3. Соработка на педагогот со СОС мајките

Работата на педагозите е директно поврзана со две страни и тоа: СОС мајките и децата. За почеток ќе ја разгледаме соработката што тие ја остваруваат со СОС мајките.

Педагозите истакнуваат дека секогаш, без исклучок, се достапни за СОС мајките. Првично велат, се слушаат телефонски, а потоа и остваруваат средба, доколку има потреба за тоа. Задолжително еднаш до двапати неделно ги посетуваат СОС семејствата, разговараат со СОС мајката за тоа како течат индивидуалните

планови на децата. Едниот од нив, за нивната достапност за СОС мајките го вели следново:

*„ Можат да не најдат во било кое време, има дежурни членови од стручниот тим по работното време, телефонски достапни за било какви прашања, грижи, итни ситуации, тие стојат на располагање.“*

Со СОС мајките велат дека остваруваат најразлични форми на соработка. Најчесто тоа се советодавни разговори преку кои што разменуваат информации и искуства, ги разгледуваат проблемите, кои се и како можат да се надминат, решат. Се одржуваат и состаноци, кои можат да бидат индивидуални и групни, во зависност од конректната ситуација. Обично мајките се тие кои ги бараат педагозите кога некое од нивните деца се соочува со потешкотии во учењето, проблеми во воспитанието и сл. Може тоа да биде и во ситуација кога некое дете не ги завршува своите обврски на време, разочараност на мајките кога децата се во пубертет, кога манифестираат отпор кон авторитет, кога одбиваат насоки, совети, кога пркосат, кога некое дете има намален успех на училиште или пак, има конфликт што не можат да го разрешат.

Но, не мора секогаш некој проблем да биде повод за средба на СОС мајките и педагозите. Понекогаш некоја убава причина може да биде повод за средба, на пр. кога некое дете постигнува забележителен успех, се состануваат, го храбрат детето, го пофалуваат за успехот и на тој начин го стимулираат повеќе да работи во иднина.

Со СОС мајките остваруваат средби речиси секојдневно. Најмалку еднаш до двапати во неделата се гледаат со оние мајки од куќите за кои тие се советници, а со другите остваруваат средби често, обично кога им пренесуваат информации од училиште, кога остваруваат средби со стручниот тим на училиштето, па педагогот им ги пренесува заклучоците, насоките кои се дадени од педагошката служба, податоци за тоа колку се редовни/нередовни децата во училиште, како ги извршуваат училишните обврски, но даваат и свои насоки за тоа како да се работи, на што да се посвети повеќе внимание во работата со децата и сл.

Средбите со СОС мајките, веќе рековме, најчесто се на иницијатива на самите мајки. Но, некогаш можат да бидат и на иницијатива на педагогот, во

зависност од специфичната и конкретната ситуација, па и на некој негов колега од стручниот тим на селото, кој забележал нешто, што тие не го забележале кај одредено дете. Во ситуација кога се работи за проблем кој не е во доменот на работа на педагогот, тие бараат помош од нивните колеги кои се стручни за тој проблем (психолог, социјален работник или директор).

Педагозите на СОС мајките им пружаат најчесто советодавна поддршка, се водат разговори со нив, се даваат насоки и понатаму тие насоки се следат, како и во која мера се спроведуваат и остваруваат. Исто така, на мајките им се нудат алтернативни начини на поддршка за мотивирање за поквалитетна грижа на децата, за намалување на вознемирувачки чувства и за интервенции доколку се јави потреба од тоа.

Најчесто велат, разговараат со СОС мајките, честопати работат со децата доколку е тоа потребно, доколку и треба помош на мајката/тетката (на пр. мајката не знае да реши одредена задача или некој предмет не и оди и го праќа детето кај педагозите, иако тоа дете не е за едукативна поддршка), односно доколку има нешто што мајката не може да го објасни, тогаш се вклучува педагогот.

Во однос на прашањето дали се соочуваат со одредени проблеми и потешкотии педагозите велат дека СОС мајките вообичаено ги прифаќаат советите и насоките, но може да се случи понекогаш да се јави разлика во мислење. Во таква ситуација се трудат да најдат решение кое ќе одговара и на двете страни:

*„Често сме ставени во ситуација да влеземе во семејство каде не се согласуваат мајка и дете, доколку имам различно мислење со СОС мајката, тогаш барам мислење од мој колега кој пообјективно ќе настапи, ќе ме поддржи или не.“*

## 1.4. Соработка на педагогот со децата

Од разговорот со педагозите можеме да заклучиме дека тие секогаш се достапни не само за СОС мајките, туку и за децата кои се згрижени во детското село. Велат дека децата секогаш имаат приоритет. Еден од педагозите на прашањето за нивната достапност за децата вели:

*„Апсолутно. Приоритет даваме на децата и на нивните потреби. Доколку сум позафатен во моментот, може да одложам нешто за половина час, за еден час, ако се работи за проект, или им требаат некои материјали од интернет. Но, сепак тоа мора да се реализира, моите лични убедувања се дека мора да се помогне на секое дете кое има потреба од тоа.“*

Велат дека средби со децата остваруваат секој ден. Колку време ќе работат, зависи пак од активноста на која работат и од потребите на децата.

*„Секој ден работам со децата. Нема ден да не работам нешто со нив, времетраењето зависи од проблемот, може да работам и саат време и повеќе (доколку имам), доколку немам, се обраќам на волонтерите, им давам насоки, се консултираме околу некои прашања и го следам тоа.“* – вели еден од педагозите.

Нивните средби со децата најчесто се остваруваат на иницијатива на децата, но некогаш тоа може да биде и на иницијатива на СОС мајката или пак на некој колега од стручниот тим.

Од формите на соработка што ги реализираат со децата педагозите во прв ред ги наведуваат непосредната комуникација на ниво на возраст, советодавни разговори, едукативна поддршка, вмрежување на ресурси и релевантни институции за поддршка, организација на работилници и сл.

За децата секако најзначајна е едукативната помош што ја добиваат од педагозите. Едукативната помош може да биде индивидуална и групна. Во зависност од потребата, педагозите работат индивидуално со одредено дете, но се формираат и групи од деца кои се на приближно иста возраст и одделение, а кои имаат слични или различни училишни проблеми. Некогаш групните едукативни работилници ги реализираат самите педагози, а некогаш ангажираат и волонтери, кои работат под нивно менторство. Темите за работилници се одбираат на состанок на стручниот тим, се дискутира дали таа работилница треба да се одржи или не. Иницијативата за работилниците може да ја даде и некој член на стручниот тим, работилниците во програмите за трансфер се јасно содржани во самите програми. Педагозите учествуваат во оние работилници кои се одржуваат на теми од нивната област, на пр. методи, форми, принципи и начини на учење.

Постојано, велат педагозите, се организираат креативни работилници на кои децата изработуваат некои изработки, пр. предмети од глина, стакло, ги бојат, на тој начин ги развиваат нивните уметнички способности. Улогата на педагозите е да ги организираат работилниците, да се договорат со волонтерите кои ги реализираат, да им обезбедат простор и материјали за работа, да ги известат децата за времето и местото на одржување на работилницата, како и да ги надгледуваат во работата. По потреба, доколку волонтерот (тоа е проф. по ликовна уметност) е спречен да го направи тоа, работилниците ги реализираат и самите педагози.

Се организираат и едукативни работилници на различни теми кои ги засегаат децата: другарство, поведение во училиште, заштита на правата на децата, како да се справат децата во ситуации во кои нивните права се загрозени, типови на злоупотреба и сл. Работилниците се реализираат според систематска програма која се изработува по препорака на советникот за програми засновани на семејна грижа, кој се наоѓа во националната канцеларија, а ги надгледува и мониторира тие работилници.

## 1.5. Училишните проблеми на децата и улогата на педагогот

Децата во СОС Детско село се соочуваат со најразлични проблеми и потешкотии во извршувањето на училишните обврски. Вообичаени проблеми според педагозите, се слаб училишен успех и поведение, најчесто се јавуваат проблеми по математика, тука обично станува збор за совладување на таблицата, множење, одземање, собирање и одземање со премин, ослободување од загради, дропки, квадратни корени, читањето на почетокот од нивното образование, пишувањето, читањето и прераскажувањето на лектири и други содржини, потоа проблеми со изучувањето на англискиот јазик, непримерно однесување, потешкотии во совладувањето на училишниот материјал, промени во однесувањето, проблем со дисциплината и адаптацијата во училиштето, непочитување на училишните правила и сл.

За утврдување на училишните проблеми на децата, педагозите остваруваат соработка со целиот стручен тим на селото, на училиштето, како и соработка со

СОС мајките кои ги чуваат децата. Обично член на стручната служба од училиштето, некој наставник или директорот на училиштето се јавува до педагозите од селото, се одржуваат итни состаноци на кои се известуваат за евентуално настанатиот проблем.

За решавање на настанатиот училишен проблем кај децата, педагозите велат дека се изготвува акционен план за поддршка во кој се вклучуваат сите релевантни ресурси. Соработката со сите засегнати страни, според нив е неопходна. Вообичаено наставниците се јавуваат кај СОС мајките, а членовите на педагошката служба се јавуваат кај еден од педагозите, но тогаш проблемот се крева на едно повисоко ниво. Тогаш педагозите заедно со советникот на куќата од каде што е детето, одат во училиште од каде што добиваат директни информации од наставничката, училишниот педагог, психолог, по што се враќаат во селото каде одржуваат состанок. На состанокот се одлучува како ќе се постапува понатаму во врска со конкретниот проблем. Имено, се изготвува акционен план кој има временска рамка, конкретни мерки за поддршка на тоа дете, тој план понатаму се спроведува, регулира и менторира.

Некогаш мајките ги утврдуваат проблемите кај децата или добиваат информации од наставниците за успехот и поведението на децата, па доаѓаат и се консултираат со педагозите како да постапат. За било какви сугестии или прашања кои СОС мајките ги добиваат од наставниците се консултираат со педагозите или со советникот на куќата, па се даваат насоки, се разговара со детето и најчесто, велат педагозите, се успешни во решавањето на тие проблеми.

Има ситуации кога се врши посилна и зајакната контрола:

*„ Има деца кои се комплетно самостојни во извршувањето на своите задачи, но некогаш знаат да затајат. Тогаш се прави увид во таа состојба и се практикува засилена контрола.“* - вели еден од педагозите.

Во однос на едукативната помош што ја реализираат педагозите, велат дека може да биде во индивидуална и групна форма, обично однапред договорена, а некогаш и инцидентна. Важно е да се истакне дека педагозите им стојат на располагање во секое време на децата за нивните едукативни потреби.

Најнапред се трудат да ги поттикнат децата да работат самостојно и да дојдат до оној момент кога ќе можат да проценат самите што не знаат, потоа да се обидат самите да го совладаат тоа, па доколку не можат, тогаш се вклучуваат педагозите. Во продолжение го поместуваме искуството на еден од педагозите за тоа како работи со дете кое се соочува со потешкотии по математика:

*„ Ако детето има нејасна задача, се трудам прво да ги научи дефинициите од таа лекција, формулите, па потоа разговараме за тоа што не е јасно. Важно е да се работи систематски, да не се прескокнуваат дефиниции, за да не се објаснува сувопарно задачата, бидејќи така нема ефект. Децата сами го диктираат темпото на усвојување на знаењата, бидејќи на тој начин навистина ќе научат нешто. “*

Педагогот при укажувањето на едукативна поддршка се јавува во улога на подучувач, бидејќи според нив тогаш има најголема придобивка за децата, бидејќи ако тие им ја завршуваат задачата или некој друг, децата се пасивизираат.

Така, кога има нејасна лекција или дел од лекцијата по одреден предмет, нешто што им е премногу имагинарно, педагозите се обидуваат тоа да го упростат, за да можат децата да го совладаат. Педагозите исто така, велат дека нејаснотиите кај децата произлегуваат од недоволно учење и нецелосно совладување на материјалот. Некогаш соработката со педагозите во врска со едукативната помош е на иницијатива на СОС мајките кои ќе забележат дека одредено дете се соочува со одредени потешкотии, но тоа може да биде и на иницијатива и на самото дете, кое доаѓа лично кај педагогот и кажува што не му е јасно.

Во училиште најголеми проблеми со материјалот децата имаат по предметите математика, англиски јазик, како и физика и хемија за учениците кои прв пат се сретнуваат со тие предмети (седмо одделение).

Кога станува збор за едукативната помош, кај педагозите не постои строга поделба во однос на предметите по кои работат со децата. Едниот од нив, бидејќи е постар соработник за развој на деца има поинакви задолженија, па поретко се вклучува директно во едукативната поддршка, но затоа пак организира активности поврзани со едукативната помош, воспоставува контакти со волонтери, ја организира нивната работа и сл.

Во однос на групната едукативна помош, секоја година е различна нејзината организација. До минатата година таа била организирана и реализирана од страна на педагозите. За да се реализира групната едукативна работилница се формира група од 35 деца, од различна возраст и одделение. Секое од децата прашува што не му е јасно, а педагогот доаѓа кај секое дете поединечно и објаснува.

Од оваа година, групните едукативни работилници само се организираат од страна на педагозите. Нив ги реализираат едукаторите. Педагозите освен што ги организираат, тие ги известуваат и децата за термините. Но, можат да присуствуваат и деца кои не се на списокот, односно деца кои не се повикани. Всушност, се поттикнуваат и охрабруваат да дојдат да работат сите деца.

Индивидуалната едукативна помош и понатаму е обврска и должност на педагозите.

Во однос на проблемите и потешкотиите на педагозите во овој сегмент од нивната работа, велат дека главно се соочуваат со проблеми од воспитна природа, дека има деца кои потешко го совладуваат материјалот, па тогаш и темпото на работа е побавно, а во таква ситуација се консултира и стручниот тим од училиштето и институции кои се надлежни во таа работа.

## 1.6. Проблемите на учениците надвор од училиштето и улогата на педагогот

Кога станува збор за проблемите што учениците ги имаат надвор од училиштето, педагозите велат дека тоа се вообичаени проблеми кои ги имаат сите деца, обично проблеми кога во нивниот развој имаат потреба да се споредуваат, идентификуваат и натпреваруваат со своите врсници. Тоа се проблеми кои се јавуваат, најчесто кога ќе настапи периодот на пубертет, па се јавуваат конфликти со врсници, желба да се остави свој белег, печат на работите, несогласувања со другите деца, фрустрации кај девојчињата, незадоволство кај девојчињата од начинот на кој реагираат момчињата на нив, проблеми со одржување на хигиената, недостиг на почит кон врсници и возрасни, непочитување на куќниот ред и правила и сл.

За утврдување на овие настанати проблеми, педагозите истакнуваат дека немаат поголеми потешкотии. Напротив, истакнуваат дека тие проблеми се доста евидентни и тоа е многу лесно да се утврди. Информациите многу често доаѓаат и од самата околина во која детето опстојува.

Но, она што е значајно во нивната работа е фактот дека секогаш се трудат да работат постепено, чекор по чекор. Еве што вели еден од педагозите во врска со ова:

*„Советниците од куќите и мајките дебатираат на тие теми, разговараат и најчесто се трудиме да работиме во едно време - еден проблем. На пр. кога некое дете има проблем на училиште со учењето и во извршувањето на хигиената или недостиг на почит кон врсници, најпрво се работи на оној проблем што е најалармантен, па потоа се оди на друг, на трет, што значи се работи постепено.“*

За да се надминат овие проблеми се изготвува акционен план заедно со релевантните страни, се следи и реферира истиот. Советникот на куќата одржува состаноци со СОС мајките (еднаш до два пати неделно), им дава насоки на мајките без разлика дали има или нема потреба, се разговара, се даваат чекори, јасно се кажуваат очекувањата од децата, без да се лажат и децата јасно ги кажуваат нивните очекувања од педагогот и мајката.

Педагозите велат, дека првиот чекор во решавањето на проблемите од воспитна природа е да се сложат сите заедно дека имаат проблем, а понатаму се договараат како ќе се реши проблемот. Секое семејство има свој куќен ред кој што е подготвен од СОС мајката и децата, па во ситуација кога истиот не се почитува, интервенира прво мајката, а потоа и педагогот, најчесто советодавно, преку разговор.

*„Ако се утврди дека некое дете е премногу нервозно или луто, прво ќе се обидат да го смират за да може да се дејствува во насока на подобро однесување, се разговара, преговара и сл. Понекогаш тоа може да се одложи, да се помести за некој час или за наредниот ден, доколку се утврди дека во дадениот момент е невозможно да се дејствува од било кои причини.“* – вели еден од педагозите за начинот на кој учествуваат во решавањето на конкретен проблем.

Во однос на потешкотиите со кои се соочуваат во решавањето на проблемите на децата надвор од училиштето, освен отпорот на децата, кој се јавува како најчест проблем, велат дека некогаш не е доволна само една интервенција. Понекогаш има потреба од поголем ангажман од нивна страна, дека некогаш повеќе пати треба да се оди и да се работи на еден ист проблем, што значи дека можеби не го пронашле вистинското решение за тој проблем, можеби треба да се бара поинаков пристап и начин, можеби мајката има некои други информации, па тоа и не е првично утврдениот проблем, туку друг проблем на кој треба да се работи. Според нив, секогаш треба да се работи на нови методи за да се постигне некоја цел.

Но, што кога одреден проблем не може да се реши?

Педагозите се согласуваат во фактот дека тоа навистина ретко се случува, а тогаш кога ќе се случи се разговара на состанок на стручниот тим, се елаборира проблемот, се одлучува што ќе се преземе понатаму, како ќе се пристапи, се вклучуваат и други надлежни лица од селото, директорот кој е најодговорен и дава упатства, како да се пристапи, да продолжи да се третира конкретниот проблем итн.

## 1.7. Слободното време на децата и улогата на педагогот

Една од можеби најголемите улоги на педагозите во СОС Детско село, е организацијата на слободното време на децата. Во слободното време децата се вклучени во различни активности, почнувајќи од спортските активности како тренинзи по карате, фудбал, кошарка, одбојка, па се до часови по модерни танци и балет, народни игри и ора, капуера, курсеви по странски јазици, ликовни работилници, курсеви по манекенство и сл.

Во индивидуалните развојни планови на децата се вклучени и активностите кои тие ги посетуваат во слободното време, во зависност од нивните желби, интереси и потенцијали. Педагозите велат дека за да едно дете посетува одреден спорт потребно е да има физички предиспозиции за конкретниот спорт, желба, понатаму да се направи договор со СОС мајката која го чува, таа потоа разговара и

се договара со советникот на куќата и кога сите заедно ќе се согласат дека детето ќе го тренира тој спорт, го поддржуваат во сето тоа и се обраќаат до педагогот. На сличен начин се договара учеството и во останатите активности во кои се вклучени децата во слободното време.

Улогата на педагогот во однос на слободните активности на децата е пред се организаторска. Откако ќе добие информација кое дете која активност сака да ја посетува, целокупната организација понатаму е на негова одговорност. Имено, најпрво се распрашува и разгледува најразлични опции за конкретната активност (спортски клубови, институции, културно-уметнички друштва и сл.), па откако ќе ја одбере најдобрата понуда, го зачленува детето. Детето понатаму, добива членска книшка од конкретниот клуб, организација или друштво. Педагогот пак, врши исплата на тренерите или инструкторите, во зависност од тоа за која активност станува збор, постојано се информира за тоа дете, како напредува, колку редовно оди, дали е активно на тренинзите и часовите, дали учествува на натпревари и други приредби, настани и манифестации, дали има потреба од опрема и сл. Тој е одговорен буквално за се поврзано со слободното време на децата, па затоа и доколку имаат некој проблем, одговорното лице од таа институција, организација и друштво го контактира токму педагогот, и го известуваат за евентуално настанатиот проблем со децата.

За утврдување на желбите и интересите на децата, педагозите велат дека тоа најчесто се случува преку разговори со СОС мајката која најдобро го знае и познава детето, а информации добиваат и од наставниците од училиштето во кое детето учи, советникот на куќата, но и преку непосредно следење на децата од нивна страна.

*„Проблеми обично се јавуваат кај помалите деца, бидејќи тие се уште се пронаоѓаат, па знаат да започнат еден спорт, па да се откажат, вусшност, се сакаат да пробаат. За да се намалат тие работи, секогаш ја консултираме мајката, што мисли таа, колку детето е мотивирано за да го тренира тој спорт. Има деца кои се силно мотивирани за да тренираат одреден спорт, па буквално јадат, пијат и тренираат. Но, има и такви кои се осипуваат, се откажуваат, вообичаено менуваат најмногу до два спорта, односно активности во текот на*

*годината и во една од нив сигурно ќе се пронајдат.“* – раскажува еден од педагозите.

Детето за да посетува две или повеќе активности, прво мора да ги убеди педагозите дека тоа нема да биде премногу за него, дека тоа нема да влијае на неговиот училишен успех, да се согласи и мајката за тоа, да го поддржи детето, а тоа понатаму вложува многу поголем напор од вообичаено. Педагозите тоа го набљудуваат внимателно, но сепак станува збор, велат тие, за паметни и талентирани деца, кои се навистина успешни во се што работат.

Дел од активностите се одржуваат во локалното училиште, а дел на други места низ Скопје. Кога станува збор за активности кои се одржуваат подалеку од селото, обично се зачленуваат поголемите деца, оние кои самостојно можат да одат и да се враќаат со јавниот превоз, додека помалите деца се вклучени во активности кои се одржуваат во селото. Кога станува збор за натпревар, тогаш некогаш мајките, а некогаш и педагозите ги носат децата таму, сето тоа зависи од договорот кој претходно ќе се направи.

Потешкотии во овој дел од нивната работа, за педагозите се јавуваат тогаш кога некое дете ќе сака да се откаже од активноста во која членува, или ако тренираат одреден спорт, губат интерес за тренирање, или не се редовни на тренинзи. Тогаш педагогот добива информации од одговорното лице, па следат разговори со сите три засегнати страни, педагогот, СОС мајката и детето и се прават планови што понатму ќе се прави по тоа прашање.

## 1.8. Воннаставните активности на децата и улогата на педагогот

Педагозите велат дека децата во СОС Детско село се вклучени во разновидни воннаставни активности, како хорска секција, мандолинска, дополнителна настава по предметите математика, физика, хемија, англиски јазик, историја, но и додатна настава по оние предмети по кои децата манифестираат особен интерес: билошка, еколошка секција, литературна и сл.

Она што е важно да се напомене овде е дека организацијата на овие воннаставни активности, во прв ред зависи од училиштето. Имено, учениците се

вклучуваат по сопствена желба и согласно интересот за одредена област, предмет, а во дополнителна настава децата се вклучуваат по иницијатива на наставниците. Од страна на детското село, се користат сите ресурси што училиштето им ги нуди.

Помеѓу педагозите и училиштето се остварува соработка, главно преку состаноци со членовите на стручниот тим од училиштето, а педагозите се грижат пред се за редовноста. Еве што вели еден од педагозите за неговата улога во организацијата на воннаставните активности на децата:

*„Улогата на педагогот тука не е многу голема, треба само да им ги понуди, да ги информира децата, доколку тие не се информирани во училиштето. Разговарам со конкретниот наставник, во зависност од активноста, контактираме телефонски и лично, разговараме за опциите и групите што постојат и што можат да им се понудат на децата, што треба ние да направиме, што треба да купиме (мандолина, трзалици, жици или било кој друг материјал што им е потребен) и сл.“*

Педагозите секогаш се трудат да им помогнат на децата и да ги поддржат ако имаат некоја потешкотија или проблем. Доколку одредено дете не може да совлада некоја активност, а педагогот исто така не е во можност да му помогне, или едноставно тоа не е во рамки на неговата професија и знаења, тогаш педагозите бараат некој друг што може да му помогне на детето. Тоа може да биде некој од селото (мајка, тетка, некој вработен од СОС Детско село), но може да биде и некој надворешен соработник. На пр. ако некое дете има потреба од некаква стручна помош, таа се обезбедува, се контактира, на пример со МБУЦ „Илија Николовски-Луј“.

Освен вообичаените потешкотии како давање отпор кон дополнителната настава од страна на децата, педагозите велат дека некои други, поголеми потешкотии во однос на оваа област немаат.

## 1.9. Самопроценка на сопствената работа и евентуални промени заради нејзино унапредување

Веројатно е многу неблагодарно да се зборува за самиот себе, да се направи некој вид на самопроценка, па затоа и педагозите, кои беа вклучени во нашето истражување, ги ставивме пред тешка задача, пред се, да се оценат самите себеси, да зборуваат за нивната успешност во работата, како и што е она што би го промениле, за да ја унапредат истата.

Велат дека работата, не само на педагогот, туку и на СОС мајките кои работат во селото, воопшто не е лесна, а сепак е доста значајна. Децата стекнуваат знаења и вештини кои ќе им користат во животот. Педагозите заеднички со останатите колеги работат на поттикнување и мотивирање на децата да го вложуваат својот максимум во сите обврски и предизвици. Сметаат дека се успешни во тоа што го работат. Едниот од нив, вели дека успешно ги организира и следи колегите и волонтерите кои работат со децата, внимава на исполнување на акционите планови и програмите за поддршка, и конечно се смета себеси за одговорна и трудољубива личност. Еве што вели другиот педагог:

*„Мислам дека сум успешен во тоа што го работам, понекогаш сигурно правам грешки, но тоа е минорно во однос на тоа колку се вложувам и колку допринесувам децата да бидат мотивирани, да веруваат во себе, да се трудат најмногу што можат и да бидат успешни во тоа што го прават, да ги извршуваат своите обврски, да работат темелно и да бидат точни во тоа што го прават, редовни, педантни и конечно задоволни и горди на самите себе. Само така ќе успееме во нашата цел, а тоа е да бидат допринесувачки граѓани на нашето општество.“*

И двајцата велат дека најголем непријател им е времето. Се соочуваат со недостиг на време за да се завршат сите обврски. Други некои поголеми потешкотии речиси и да немаат.

*„Можеби понекогаш имам преголеми очекувања од себеси и од децата, па тоа знае да ми биде некогаш притисок. Можеби понекогаш имам премали очекувања од нив, некогаш можам да направам погрешна проценка за работите. Но, оваа работа не можеш да ја знаеш 100%, тука учиш секој ден нешто ново, и погрешно размислува оној кој мисли дека знае се за оваа работа.“* – раскажува еден од педагозите за својата работа.

Велат дека дури и не чувствуваат дека работат, тоа се случува само кога ги извршуваат своите административни обврски, кога пишуваат извештаи, известувања за некои деца и сл. Но, од децата секогаш добиваат позитивен фидбек. Често одат заедно на летувања и зимувања, се познаваат доста добро меѓу себе, имаат изградено добар однос и си веруваат едни на други.

Педагозите сметаат дека организацијата на многуте активности е на задоволително ниво, без поголеми аномалии кои би барале сериозна промена. Велат дека не би промениле нешто што е од суштинско значење, а ако треба нешто да менуваат кога би имале можност, тоа веројатно би биле некои ситни детали, мали финеси околу работата, но основата не би ја менувале. Едниот од нив вели:

*„Би си дал повеќе време за работа со децата, за да има подобри ефекти. Ресурси и можности има, најголем противник ни е времето. Се случува некогаш да не можам да завршам се, да се разочарам од нешто, но во глобала сметам дека својата работа ја извршувам добро, свесно, чесно и одговорно.“*

## *2. Анализа на податоците од протоколот за интервју на СОС мајките*

Во ова истражување беа вклучени вкупно единаесет СОС мајки, од предвидените дванаесет. Една СОС мајка не беше вклучена во истражувањето, бидејќи се уште е во тек нејзината обука и таа требаше да започне со работа една недела по завршувањето на нашето интервју.

Во селото моментално работат единаесет СОС мајки, на различна возраст, со различно образование и од различна националност. Најмладата од нив има само 33 години, а веќе 7 години работи како СОС мајка, додека најстарата има 58

години, а во селото работи 3 години. Во улога на СОС мајки се јавуваат жени со различно работно искуство, почнувајќи од 2 години, па се до оние кои работат како мајки речиси од самиот почеток на работа на СОС Детското село, односно 8.5 години.

Речиси сите се со средно образование (гимназиско, економско, техничко, дактилографско), а една од нив има завршено виша педагошка академија.

Пред да започнат со работа како СОС мајки, тие следат обука во времетраење од три месеци, во која е вклучен теоретски дел и 21 ден практична работа во куќите во кои што ќе работат. Во оваа обука се вклучени експерти од најразлични области и тоа: педагози, психолози, психијатри, педијатри, медицински сестри, бидејќи како што велат, овде можат да бидат згрижени деца од 0-15 години.

Освен почетната обука, без која што ниедна мајка не може да биде влучена во работен однос во селото, мајките постојано се дел од најразлични работилници и обуки, на теми кои некогаш се наметнати од супервизори, а некогаш ги иницираат и тие самите доколку сметаат дека им е потребно во процесот на воспитание на децата. Главно, станува збор за теми кои се поврзани со работата со децата за кои се грижат, а тоа можат да бидат следниве: комуникациски вештини, ментално здравје, хигиена, здрава исхрана, толеранција на нацоналност и веросиповед, справување со проблематични деца, справување со пубертетлии, со деца со посебни потреби, трауми, справување со стрес, со конфликти, со деца под терапија, деца кои едукативно заостануваат, агресивни деца, деца кои имаат пречки во учењето, методи со кои треба да работат, права и обврски на децата, и слично. Но, имаат и работилници и обуки на теми кои се однесуваат и на нив самите, на пр. последно нешто што беше работено, беше предавање на тема климакс и менопауза.

Во однос на обуките една од СОС мајките ќе каже: *„Темите се избираат главно според нашите моментални барања од селото, ние ги наметнуваме тие теми, зависно од потребите на децата.“*

Во протоколот за интервју на СОС мајките, освен општите прашања за нивната возраст, образование, работно искуство во СОС Детското село, како и поминатите работни обуки, беа вклучени неколку групи на прашања. Почнувајќи

со прашања за достапноста на педагогот, преку проблемите на децата во училиште, во слободното време и работата на педагогот во однос на тие проблеми, па се до вклученоста на децата во воннаставните активности и улогата на педагогот во тоа, како и што е она што им недостасува на мајките во заедничката работа со него и што е она што тие би го промениле. Одиме по ред со анализа на податоците од секоја група на прашања, поединечно.

## 2.1. Достапност на педагогот за соработка

Од вкупно единаесет интервјуирани СОС мајки, сите беа едногласни дека педагогот им е достапен секогаш. Колку тој им е достапен најдобро го потврдува размислувањето на една од СОС мајките: *„Секогаш ми е достапен, во секое време, за било што да ми треба, дали за мене или за децата, секогаш е тука и тогаш кога ние сме под стрес-тој е тука за нас. “*

Истакнуваат дека имаат супер однос со нив, пријателски, дека тој секогаш наоѓа време за нив, без разлика за што им се обраќаат, дека педагозите се секогаш коректни кон нив. На прашањето каков однос имаат со педагозите, мајките велат:

*„ Позитивен, пријателски, секогаш ми помагаат, фини се и комуникативни, имаме супер соработка.“*

*„Секогаш се присутни, секогаш можеш да направиш муабет со нив, да побараш совет, помош, поддршка од 8-16 часот, додека се овде, а после 16 часот можеме да ги бараме во било кое време на службениот телефон. “*

*„Со педагозите имам ОК однос-директна сум и секогаш го кажувам во кратки црти, она што го мислам. Директно им се обраќам за проблемот, ќе ме сослушаат, што ми е најбитно, ќе ми кажат нивно мислење, совет и насока како стручни лица.“*

Педагогот и СОС мајките соработуваат многу често и во врска со различни прашања, поврзани секако, со децата и работата со нив. Во селото членовите на стручниот тим се јавуваат во улога на советници на одреден број куќи и она што беше забележително после разговорот со сите мајки, е дека педагогот најчесто

остварува средби и тесна соработка со куќите за кои што тој е советник. Во овие куќи, мајките и децата го доживуваат како дел од семејството, бидејќи тој е во тек буквално со се што се случува во конкретната куќа, од училишни проблеми на децата до проблеми поврзани со домаќинството. Еве што велат СОС мајките за педагогот кој што се јавува во улога на советник на куќа:

*„Тој ми е советник на куќа и почесто се гледаме, разговараме за училишни проблеми, обврски, материјали за децата од интернет, тој им помага едукативно на децата кои имаат проблеми и потешкотии во учењето, советува и помага за некој проблем или дете, но и нас, како ние полесно да го надминеме проблемот кој што го имаме. “*

*„Бидејќи ми е советник на куќа, со него остварувам соработка за се, за социјални проблеми, проблеми во училиште, во куќа....Тој ми е прва рака, прва помош.“*

*„Педагогот ми беше советник на куќа, па и затоа имаме поблиска соработка за проблемите во куќата, за успехот на децата во училиште, однесувањето, но тој се наоѓа тука и кога ние лично сме под стрес- да не теши и да ни се најде. “*

Со педагогот велат дека остваруваат средби по потреба, може тоа да биде на иницијатива на мајките, но и на иницијатива на педагогот, во зависност од нивните моментални проблеми и потешкотии или потребата на педагогот да разговара со нив. Тоа може да биде еднаш до два пати неделно, но и секој ден, доколку за тоа се јави потреба. Една СОС мајка, истакнува дека со педагогот соработуваат во зависност од потребата, почесто на иницијатива на педагогот, но вели, знам дека и јас можам да го побарам кога сакам. Друга СОС мајка вели:

*„За секоја ситница тој е тука, може тоа да биде секојдневно, ако не се видиме, тогаш задолжително се слушаме.“*

*„Се гледаме по потреба, го чувствувам како член од семејството, па и да го сретнам во некој друга куќа, може да му поставам блиц-прашање. Тој е супер човек, има смисла за хумор. Со него најчесто остварувам неформални средби-добивам информација каде и да го сретнам.“*- вели една СОС мајка.

Некои од нив го бараат педагогот тогаш кога не можат да се носат со проблемот со кој се соочуваат. Секоја од нив се труди најпрво сама да го реши проблемот во куќата, па доколку не може, тогаш се обраќа за помош до педагогот. Соработуваат најчесто за проблемите и потешкотиите на децата во училиште, за нивните потреби, како и за вклученоста на децата во слободните и воннаставните активности.

Дека педагогот е навистина ангажиран околу проблемите со кои се соочуваат СОС семејствата се согласуваат сите мајки. Имајќи го во предвид ова, некои од нив се трудат да го бараат што е можно помалку, иако знаат дека секогаш можат да му се обратат.

*„Се трудам да го викам што е можно помалку, нема потреба да го викам ако јас можам да се справам со некоја ситуација, па во последно време многу ретко се случува да му се обратам. Може да се случи да дојде во куќата и да разговара со мене или со децата, но не мора да значи дека има проблем.* "

Педагогот често прави обиколка на куќите, па затоа тој поминува и без да се јави потреба за тоа, едноставно ќе види каква е ситуацијата во куќата, дали треба нешто или не.

Во однос на прашањето за што најчесто соработуваат со педагогот, може да се заклучи дека нивната најчеста соработка е во однос на потешкотиите и проблемите на децата во училиште. Педагогот е секогаш тука кога некое дете има потешкотии во учењето, кога треба да се побара нешто што им треба на децата за во училиште од интернет, да се објасни нејасен материјал, задача, да се напише домашна работа и слично. Она што е најбитно е дека добиваат целосна едукативна поддршка како мајките, така и децата. Тоа го потврдуваат и зборовите на една СОС мајка која вели:

*„Умее да ја процени ситуацијата, и ако смета дека тој му треба на детето го зема детето кај него во канцеларија да работи едукативно со него, работи на проекти со поголемите деца, махер е за тоа, со деца на иста возраст сосема различно знае да работи, точно знае што треба да им понуди. Секогаш им е на располагање на децата кога им треба интернет, помош при некоја покомплицирана задача....јас се трудам сама да работам со децата, доколку не*

*можам или пак педагогот сам процени дека тој лично треба да работи со тоа дете, самиот вели: Нека дојде кај мене!"*

Бидејќи најчесто со мајките соработуваат околу училишните проблеми на децата, се случува често тој самиот да помине да провери дали децата работат, дали пишуваат домашна и сл. Велат дека секогаш наидуваат на добар прием кога ќе им треба едукативна помош на децата кои ги чуваат.

Освен за училишни проблеми и потешкотии, соработуваат и тогаш кога некоја од СОС мајките се соочува со проблеми во однос на воспитанието на децата, проблематично однесување на некое од децата, како и за сите тековни проблеми кај децата кои се во пубертет.

„*Соработуваме обично кога имам проблеми, ми дава совети, ми кажува како да постапувам во работата со децата со кои имам проблеми. Се јавувам и доаѓаат за секунда.* "- вели една СОС мајка.

Соработката помеѓу педагозите и СОС мајките најчесто се остварува преку разговор. Советодавната работа е најчеста форма на соработка помеѓу овие две страни. Обично станува збор за директен разговор, поточно најпрвин разговор помеѓу педагогот и мајката, па потоа соочување на сите три засегнати страни - детето кое се соочува со одреден проблем, СОС мајката која го чува и педагогот. Отворено се разговара за проблемот и се даваат насоки кои треба да се следат.

## 2.2. Училишни проблеми на децата и улогата на педагогот

Од разговорите со СОС мајките може да се заклучи дека децата во СОС Детското село ги имаат вообичаените потешкотии и проблеми како и сите други деца кои живеат со своите биолошки семејства. Обично тоа се проблеми како, недоволно учење, бегање од часови, кампањско учење пред тест или повторување, заостанување со материјалот, недисциплина во класот, потешкотии во совладување на материјалот, не сакаат да пишуваат домашна работа, намален интерес за работа по одредени предмети и сл.

Главен проблем кај децата, истакнуваат мајките, претставуваат предметите математика и англиски јазик, во што се согласуваат и педагозите. Кај поголемите деца, оние кои одат во погорните одделенија од основното училиште, се јавуваат проблеми и по хемија и физика, бидејќи тука за првпат се сретнуваат со овие предмети. Но, ова се проблеми кои се јавуваат кај одредени деца. Има и такви кои немаат проблеми и потешкотии во училиште и во совладувањето на училишниот материјал, и тие соодветно одговараат на своите обврски таму. Една СОС мајка ќе каже:

*„ Тоа се вообичаени проблеми, не заостануваат со учењето, овде ги имаат сите услови да учат, со сила не можете да натерате никој да учи, сега за сега немам проблеми со моите деца.“*

Сепак, овде се сретнуваат деца со најразлично минато, деца со различни животни приказни и различни трауми зад себе. Тоа дополнително го отежнува и процесот на воспитание, но и процесот на учење. Во контекст на тоа е и изјавата на една СОС мајка, која вели:

*„Имам проблем со едно дете, кое не сака да оди на училиште и кое има потреба од индивидуален пристап во работата, само не може да работи, бара помош.“*

Во селото има и деца кои одбиваат да седат на часови, кои се хиперактивни, деца кои се темпераментни, но и исклучително паметни. Постојат и некои примери на деца кои одбиваат да пишуваат домашна, кои имаат проблем да седнат и да ја напишат домашната задача, но и пример за дете кое за целото време додека е тука упорно одбива да учи и да преземе одговорност за своите училишни обврски. Со него, истакнува СОС мајката која го чува, педагозите работат континуирано, разговараат, го советуваат, посочуваат и му помагаат.

Потешкотиите во совладувањето на училишниот материјал, можат да бидат различни, па има деца кои имаат помали потешкотии во разбирањето на материјалот, други кои потешко го сфаќаат, и трети кои воопшто не го разбирааат она што го учат.

Кога децата се соочуваат со било какви потешкотии поврзани со училиштето, најпрво се обраќаат за помош на СОС мајките кои ги чуваат. Секоја

мајка се труди да работи со детето, се разбира во границите на нејзините можности, и да му помогне да го надмине проблемот или потешкотијата. Доколку тие не се во можност да го направат тоа, тогаш се јавуваат кај педагозите, како стручни соработници, но и како одговорни лица за давање едукативна помош кај децата кои имаат потреба од истата. Во селото се ангажирани и двајца волонтери, кои работат секојдневно со децата, по најразлични предмети.

Во СОС Детско село, СОС мајките велат дека на децата им се обезбедува групна и индивидуална едукативна поддршка на децата, во зависност од потребата на самото дете. Има групни едукативни работилници кои се организирани од страна на педагогот, некогаш тие самите ги изведуваат, но може да биде само под негово менторство, а да ги реализираат волонтерите. За групните едукативни работилници постојат одредени денови, а децата се поделени во групи, обично според возраста и одделението кое го посетуваат. Тој распоред стои во секоја куќа поединечно, така што и мајките, но и децата имаат увид во тоа кога треба да се појават на групна едукативна работилница.

Индивидуалната едукативна помош, ја реализира главно педагогот. Таа може да биде на иницијатива на самото дете, на СОС мајката, но и на педагогот доколку тој самиот увиди дека има потреба да работи со одредено дете. Мајките се едногласни дека на педагогот можат да сметаат секогаш, особено кога станува збор за помош во училиште. Еве што вели една СОС мајка, кога се соочува со ситуација во која таа не може или едноставно не знае да му помогне на своето дете:

*„Се случи скоро да не знаев некои задачи, па го побарав педагогот да му ги објасни на детето, англиски исто така не знам, па често барам помош од него. Имам дете со пречки во развојот, педагогот со него работи исклучиво индивидуално. Така работам и јас со тоа дете. Доколку едниот од педагозите не е слободен, го барам другиот. Јас имам помал број на деца и немам некоја голема потреба од помош од страна на педагогот, но најчесто се договараме, го информирам, ме информира и сл.“*

*„Секогаш водам сметка за тоа дали е слободен и секогаш ги упатувам децата да го прашаат, но тој досега нема одбиено дете за помош. Некои деца немаат потреба од помош, но оние кои имаат за проект, за писмена, одат кај*

*него и добиваат помош веднаш, додека послабите ученици секој вторник, четврток и петок имаат можност за едукативна помош, од педагогот или од волонтер, индивидуално и групно.“* – вели друга СОС мајка.

Мајките велат дека педагогот им помага на децата во извршување на училишните обврски, односно дека учат и пишуваат заедно, педагогот им обезбедува материјали на учениците од интернет по било кој предмет, на било која тема. Еве што вели една од СОС макјките со најдолго работно искуство во СОС Детско село, во однос на помошта што децата ја добиваат од педагогот:

*„Педагогот им го објаснува она што не им е доволно јасно, им дава насоки на децата кои не знаат како да учат, на кој начин да учи, претежно се задржуваат на оние предмети со кои децата имаат потешкотии, но што е најважно, не им го пишува домашното, туку им објаснува да сфатат.“*

Сите СОС мајки се согласуваат со тоа дека помеѓу нив и педагогот постои соработка кога е во прашање помош на децата кои едукативно заостануваат или помош во училиште. Главно, станува збор за разговор помеѓу двете засегнати страни, се разменуваат информации, со договараат стратегии, се даваат насоки, совети кои треба да допринесат кон постигнување на поставената цел. Во продолжение ги поместуваме размислувањата на СОС мајките за соработката што ја остваруваат со педагогот:

*„Педагогот добива информација од нас кога нешто не му е јасно на детето, до каде е со успехот, кој предмет му оди послабо. Но, тој често оди и во училиштето во кое што учат децата, па оттаму директно добива информација за тоа, без наше барање, 2-3 пати неделно, лично се уверува во тоа за што ние го информираме. “*

*„Соработуваме многу често. Кога имам потреба му кажувам на што треба да обрне внимание. Може да се случи и тој мене да ми сугерира што да правам (на пр. Не работи подолго време со тоа дете, таа нема трпение подолго од 15 минути), се е договор, индивидуална проценка на секое дете, во калап не можеме да ги ставаме.“*

*„Мајката најдобро го познава своето дете и таа дава насоки, кое дете има потреба од групна, а кое од индивидуална едукативна помош, секое дете не може*

*да работи во група, обично јас давам насоки за тоа на кое дете му е потребна индивидуална едукативна помош.“*

*„Секако дека соработуваме. Кога нешто јас не можам да му објаснам на детето, го повикувам педагогот прво да ми објасни на мене, а потоа и на детето. Кога децата имаат некој проблем на училиште, оттаму се јавуваат прво кај педагогот, па тој ме известува мене, но има и куќи каде се обраќаат прво кај мајката, па таа се јавува кај педагогот. Тој често оди во училиште, некогаш одиме заедно, сето тоа зависи од каква природа е проблемот, за што се работи.“*

Мајките велат дека педагогот често разговара со нив, и тие го информираат за потешкотиите на детето. Поточно му кажуваат каде детето заостанува, и се прават договори понатаму, каде ќе се интервенира, што да се работи оваа недела, а што понатаму. Истакнуваат дека договор мора да постои помеѓу нив, за да се успее во работата со децата.

## 2.3. Проблемите на децата надвор од училиштето и улогата на педагогот

Кога зборуваме за животот на децата надвор од училиштето, децата од СОС Детско село, според мајките се соочуваат со различни проблеми. Може тоа да бидат проблеми од најразлична природа, некогаш тоа се вообичаени проблеми што ги носи и периодот на пубертет, но може тоа да бидат и проблеми кои имаат корени во минатото на децата. Веќе споменавме дека овде се сретнуваат деца кои потекнуваат од најразлични животни средини, согласно со тоа и проблемите кои се јавуваат бараат соодветен и специфичен третман.

Но, не мора да значи дека кај сите деца се јавуваат проблеми. Надвор од училиштето може да се случи тие и воопшто да не се соочуваат со потешкотии. Во продолжение ја пометуваме изјавата на мајката, во однос на прашањето за проблемите со кои се соочуваат децата надвор од училиштето:

*„Нема проблеми, децата од мојата куќа се дружат со децата кои се надвор од селото, до сега ниедно дете не ми се пожалило дека има проблеми.“*

Друга СОС мајка исто така ќе истакне дека е презадоволна од групата на деца со која работи:

*„Имам прекрасна група на деца и немам никакви проблеми надвор од училиштето. Јас сум од Велес и редовно за викендите ги носам во Велес. Моите деца немаат проблем во однос на дружење, соработка и комуникација со другите, отворени се, комуникативни и пристапни. Се јавуваат некои повремени проблеми, како и кај секое друго дете во пубертет."*

Проблемите со кои најчесто се соочуваат децата, веќе рековме можат да бидат најразлични, почнувајќи од оние типичните за секое дете во пубертет-конфликт со другарите, недостиг на толеранција, нетрпеливост (работите сакаат да ги решат во моментот), потрага по сопствен идентитет, желба убаво да се облекуваат, некои од нив не знаат да се дружат (постои поделба на улоги-подредени и главни), се упатуваат навреди, се лутат меѓусебно, поголема желба за излегување, па се до некои поспецифични, кои имаат и поинаква природа и посебен третман.

Според една од СОС мајките, се јавуваат често проблеми со **етикетирање**, таа смета дека луѓето од надвор чувствуваат доза на сожалување. Нејзиното мислење го дели и уште една мајка која во контекст на проблемот со етикетирање, вели:

*„Најмногу се плашев од етикетирање, па затоа освен на класниот и наставникот, никогаш не истакнував дека децата се од Детско село, од страв да не ги навредуваат, да ги нарекуваат домски деца, оставени деца, што искрено беше случај само со едно дете. Децата знаат понекогаш да бидат злобни и затоа долго време криев од каде се децата."*

Друга СОС мајка смета дека децата имаат проблем и со **адаптацијата**. Во зависност од тоа низ што се поминало, односно во зависност од тоа колку е истрауматизирано, толку потежок е процесот на адаптација и со тоа дете многу потешко се работи. Какво е нејзиното искуство во однос на процесот на адаптација на децата?

*„Пред 7 години имавме дете кое го земавме од „11ти Октомври". Кога дојде овде беше многу слабо и многу се приврза за мене, не излегуваше од дома, не*

*сакаше да игра со другите деца, не контактираше, не го помина она детското...Подоцна почна сето тоа да го прави, постепено.“*

Еден од проблемите на децата, надвор од училиштето, е и нивната **преголема желба за дружење и шетање**, а занемарување на нивните училишни обврски и задачи.

*„ Поголеми проблеми нема, малку поголема желба да шета, да се дружи со другари, па се доведував во ситуација да ги запознаам тие деца, бидејќи не може да се запоставуваат училишните обврски на сметка на шетањето. Тоа е понов проблем, се јавува во последните 20-тина дена и детето има казна-забрана за излегување надвор од селото, што значи строго од училиште да оди дома. Сега за сега ги почитува тие правила.“*- раскажува СОС мајката која се соочува со ваков проблем.

Најчест проблем е **конфликтот** на децата со други деца надвор од селото. Во такви ситуации, најпрво самите мајки се обидуваат да го решат проблемот. Еве како една од нив постапува со ваков проблем:

*„Доколку има конфликт со некое дете, јас веднаш разговарам со другата личност, го поканувам на гости, да дојде да поразговараме, му објаснувам дека постојат и други начини да се реши проблемот, не на тој начин. Им давам до знаење дека овие деца се под заштита, ги прашувам кај е проблемот и доколку имаат било каков проблем да дојдат да го решиме заеднички, не уличарски и со насилство.“*

Кога децата се соочуваат со сите горесоменати потешкотии и проблеми, најпрво се обраќаат кај мајката, и СОС мајките се трудат тие самите да им помогнат на децата да го надминат тој проблем. Тогаш кога тоа нема да можат да го направат самите, или едноставно не умеат, го бараат педагогот. Всушност секоја мајка има различно искуство во однос на ова прашање. Велат многу зависи од детето.

*„Имав случај на мое дете да му се закануваат дека ќе го тепаат, па се случуваше бегање од училиште. Тоа дете прво ми се обрати мене, но има и такви деца кои не сакаат својот проблем да го споделат со СОС мајката, па ќе кажат на другарка, ќе споделат меѓу себе. Во такви ситуации бараме помош од*

*стручниот тим, бидејќи тие имаат поголем авторитет кај децата, тие ги почитуваат нив.* "- вели една СОС мајка.

Друга СОС мајка пак, раскажува за тоа дека понекогаш децата уште од вратата кога ќе влезат го кажуваат проблемот, но не е секогаш така. Некогаш, вели таа, дознаваме предоцна, откако ќе се случи нешто и откако ќе ги соочиме со другите.

Мајките истакнуваат дека педагогот работи со децата тогаш кога тие не можат да се справат со нивниот проблем. Неговата помош е главно преку разговор, совети, посочување примери од реалноста, односно што се може да се случи доколку продолжат да прават така.

Со поединечни деца кои имаат поспецифични проблеми се работи поинаку. Еве какво е искуството на две СОС мајки во однос на помошта што ја добиваат од страна на педагогот:

*„Најчесто се работи преку игри, сложувалки, боенки, кога се работи за дете од помала возраст, а со поголемите тоа се главно советувања, заеднички прошетки со тие деца (на Водно на пример), преку гушкање, милување, зборување и најчесто индивидуално, насамо со конкретното дете. "*

*„Претежно ги советува децата, но има ситуации кога се применуваат и педагошки мерки (на пр. ќе се тепаат меѓусебно, па ќе им се скрати од џепарлакот). Сето тоа се прави во договор со мене, детето и педагогот. Педагошката мерка се изрекува во присуство на детето, за да знае точно за што е казнето."*

Помеѓу СОС мајките и педагозите постои соработка околу тековните проблеми на децата надвор од училиштето. Мајките знаат дека и тука можат да сметаат на неговата помош. Главно разговараат, се со цел проблемот да се елиминира, велат дека за секое-зошто, постои-затоа. Во надминувањето на проблемите од овој тип, главна улога има мајката, но педагогот многу помага со своите насоки, кажува како треба да се обидат да постапуваат со своите деца, а тие насоки се почитуваат и следат од страна на мајките. Еве ги искуствата на дел од мајките за соработката што ја остваруваат со педагогот:

*„Го известувам дека имам конкретен проблем со одредено дете и тој веднаш се вклучува во решавање на проблемот.“*

*„Често разговараме, разменуваме мислења за како и што треба да се направи, да се работи, какви да бидат казните, тие се сепак постручни од нас, па и затоа бараме мислење од нив, насоки. Луѓе сме и грешиме. Може јас ќе одлучам да дадам поголема казна, а тој ќе ми посочи дека тоа е престрого, дека казната треба да биде поблага. “*

*„Соработуваме главно преку разговор, зависно од детето и проблемот се поставуваат цели. На пр. доколку детето е поагресивно – тогаш задолжително се остварува контакт со училиштето – педагог, психолог, класен раководител, наставник. Многу е битна редовноста во информирањето, редовно следиме се што се случува во училиште со децата.“*

*„За секоја случка во куќата, јас него(педагогот) морам да го известам, да му кажам за што се работи, бидејќи ако тој проблем не се реши, тој подоцна може да ескалира во нешто друго. Некој проблем може да ми се чини дека е многу голем, а во суштина да не е така. После дискусија со него сфаќам дека непотребно кревам паника. Тој дава јасни насоки и упатства како да се постапува.“*

*„Барам совети, како треба да работам, што треба да направам за да допрам до детето.“*

На прашањето со какви проблеми се соочуваат СОС мајките во воспитанието на децата со кои работат, наидуваме на различни приказни. Една од мајките која е релативно кратко време во таа улога ќе го каже следново:

*„Бидејќи сум нова на ова работно место, дојдов на замена на колешка која замина на боледување, мене ми беше малку потешко да се вклопам. Децата беа навикнати на претходната мајка која работела со нив 5 години, па додека воспоставив контакт и однос со нив имавме проблеми. Но, сега се навикнуваме едни на други и се е во ред. “*

Има ситуации кога како резултат на преголемата слобода и ширина што им се дозволува на децата, а која што се злоупотребува, да се јави **непочитувањето** и **дрскоста** од нивна страна. Во таков случај, доколку е тоа проблем кој мајката не може сама да го надмине, се јавува на педагогот, тој доаѓа, разговара со детето и со

неа, и добиваат совети и насоки за понатамошна работа. Сите се согласуваат дека проблемите со децата се во тесна врска со нивната возраст. Кај поголемите деца се јавуваат проблеми кои се поврзани со пубертетот, проблеми во комуникација, не сакаат да слушнат негативен одговор, настапуваат од позиција „јас сакам“.

Има и такви СОС мајки кои немаат поголеми проблеми во воспитанието. Тоа го потврдува и изјавата на една од нив:

*„Бидејќи ова се деца кои јас ги имам примено од самиот почеток, јас ги имам воспитувано- некои поголеми воспитни проблеми немам.“*

Во надминувањето на проблемите во воспитанието на децата СОС мајките имаат голема поддршка и помош од страна на педагозите од селото. Најчесто тоа е советодавна форма на работа, преку како што веќе споменавме, размена на мислења, насоки и изнаоѓање решенија за конкретната ситуација и проблем. Начинот на кој педагогот ќе работи заедно со мајката зависи од природата на самиот проблем. Во ситуација кога има дете кое е малтретирано, физички, психички, дете со тешки трауми зад себе, тогаш се работи доста бавно, чекор по чекор, без разлика дали ќе се разговара или ќе се игра со тоа дете.

Педагогот им помага на СОС мајките преку разговори и едукативни програми, со децата одржува специјални часови за воспитанието и однесувањето на децата (вообичаено се работи со деца од IV одделение па нагоре), им се организираат работилници со одредени стручни лица, кои предаваат на различни теми кои ги засегаат младите: секс, киднапирање, сида, преносливи болести, трговија со луѓе, и сл. Додека со малите деца работи во рамки на семејството. На прашањето како педагогот им помага во воспитанието на дсцата, една СОС мајка вели:

*„Со совети, нема друг начин. Може да направи со мене муабет, па со детето, па да се соочиме сите три страни, да се донесе одлука во која насока ќе се движиме, што ќе правиме понатаму. И во 99% од случаите тие насоки се почитуваат, барем од наша страна. Нашите педагози се даваат максимално, тие постојано зборуваат со децата и се присутни, мислам дека се обидуваат да работат на секој можен начин.“*

Неретко се организираат и работилници и предавања за мајките, со теми кои се во функција на подобро воспитание на децата: работа со проблематични деца, справување со стрес, како да се надминат проблемите со кои се сретнуваат во секојдневната работа, бидејќи како што велат, некогаш и тие знаат да направат проблем, таму каде што не постои, па по разговорот со стручниот тим со кој работат (психијатар, психолог), преку разговор и совети ќе сфатат дека некои работи се нормални појави на одредена возраст.

*„Се организираат работилници и за нас мајките, темите ги бираме ние, имаме предавања, дискутираме, бараме помош, разменуваме мислења, тоа се теми кои се битни за нас, односно како да се справиме со деца во ризик, како да се однесуваме со нив, теми во врска со пубертет и сл.“* – раскажува една СОС мајка.

Овие работилници ги реализираат надворешни соработници, додека од страна на педагозите се организираат и реализираат работилници во кои СОС мајките се запознаваат со фазите на децата, проблемите поврзани со детскиот развој, пубертет и деца во предшколска возраст.

## 2.4. Слободното време на децата и улогата на педагогот

Од разговорите што ги направивме со СОС мајките, можеме да заклучиме дека децата од СОС Детско село се вклучени во широк спектар на активности во слободното време. Во која слободна активност ќе биде вклучено едно дете, зависи пред се од нивните желби, амбиции, можности и интереси, но и од можностите на СОС Детското село.

Кога ќе ги прашате мајките, што прават децата во слободното време, најпрво добивате информации од типот: гледаат ТВ, слушаат музика, седат на интернет, читаат книга, се подготвуваат за во училиште, учат. Кога ќе ги запрашате, дали децата се вклучени во некои активности во селото и надвор од него, тогаш добивате лепеза на слободни активности во кои учествуваат децата.

Она што можете да го забележите од разговорот со сите мајки, е дека децата во голем број тренираат кошарка, а оние помалите капуера. Капуерата е нешто

најново што се организира во селото, но е особено интересна за помалите деца. Станува збор за танци на латино-американска и португалска музика, за душевен одмор на децата.

Освен кошарка и капуера, како најпосетувани активности во слободното време, децата одат на разни курсеви по англиски јазик, по француски, часови за народни игри и ора, разни ликовни работилници, работилници за изработка на рачни творби, модерен балет, курсеви за манекенство, курс за фризер, карате, фудбал и стрелаштво. Мајките секогаш истакнуваат, дека која активност детето ќе ја посетува зависи пред се од неговата желба, таа секогаш се почитува.

Главната улога во организацијата на слободното време на децата, велат мајките, ја има педагогот. Тој ги организира не само оние активности кои се одвиваат во рамки на самото село, како што се капуера, ликовни работилници, работилници за изработка на рачни творби, туку целокупната организација и за активностите кои се реализираат надвор од селото, е во негови раце.

На кој начин педагогот го организира слободното време на децата?

На почетокот на годината, тој поминува во секоја куќа поединечно и разговара со сите деца, дали ќе продолжат со таа активност која што можеби ја посетувале лани или не, како и дали има некоја нова активност која сакаат да ја следат. Понатамошната организација, во смисла, остварување на контакти со одговорните лица од таа област, тренери, професори, инструктори по танци, следење на редовноста, постојано информирање за сите деца и исплаќање е исто така негова одговорност.

*„Децата се изјаснуваат кое каде сака да оди, а понатаму педагогот си презема обврска, ги запишува, контактира со одговорните лица, плаќа членарина, следи редовност, во тек е со се.“* – вели една СОС мајка.

*„Педагогот води евиденција, кои се на пр. кошаркари, колкав е нивниот број, како се однесуваат децата, добива повратна информација од тренерот, плаќањето е исто така негова работа. Организира различни работилници на одредени теми: комуникација, пубертет и ги води тие работилници.“* – раскажува друга СОС мајка.

Што се однесува до работилниците, лицата кои ги реализираат истите, се организирани од страна на педагогот. Но, не само тоа. Педагогот ги обезбедува нив со сите потребни материјали за работа. Вообичаено тоа се стручни лица од областа од која што се организира работилницата, на пр. дипломиран професор по ликовно, ја одржува ликовната работилница. Но, интересен е фактот дека работилницата за плетење ја реализира едно од децата кои се згрижени во селото. Имено, станува збор за талентирано 14 годишно момче, кое се занимава со плетење во слободното време, па му е дозволено тоа знаење да го пренесува и на другите заинтересирани деца за тоа. Еве што вели неговата СОС мајка:

*„На детето кое се занимава со плетење му одобрија да одржува работилници во повеќенаменската сала, во одредено време. Тој се јавува во улога на ментор на другите деца кои ги посетуваат неговите работилници. Во него стручните лица имаат доверба, тој е доста одговорен и затоа има клуч од салата каде ги реализира работилниците.“*

Во однос на другите работилници кои се реализираат со волонтери, еве што вели една СОС мајка:

*„Некогаш педагогот ги организира децата во сала, има волонтерки што доаѓаат и децата цртаат со нив, изработуваат ќупчиња, ги бојат, тие понатаму се продаваат или се подаруваат на донатори.“*

Една од СОС мајките истакнува дека може да се случи педагогот да ги носи децата на разни прошетки, пливање, во зависност од успехот на детето. Тоа значи дека се прават групи според нивниот успех и неколку дена пред реализација на таа активност децата се известуваат.

*„Всушност станува збор за еден вид стимулација на оние ученици кои се со одличен успех, па во одредени периоди тие се наградуваат за успехот и доброто поведение. Тие имаат приоритет кога ги носиме на базен.“*

Несомнено, и во организацијата на слободното време на децата постои голема соработка помеѓу СОС мајките и педагогот. На почетокот на секоја учебна година, од страна на СОС мајките се изработуваат индивидуални развојни планови за секое дете поединечно. Во овие развојни планови, меѓу другото, мора да бидат запишани и слободните активности кои децата сакаат да ги посетуваат. Пред да се

внесат, се договараат најпрвин СОС мајката и детето, а потоа се вклучува и педагогот. Вообичаено, истакнуваат мајките, желбите на децата се почитуваат, како и нивните потреби. Доколку детето има нереални желби, му се образложува заеднички дека тоа не е возможно. Многу ретко се случува на некое дете да не му се дозволи да посетува одредена активност, и тоа е обично кога го занемарува училиштето и обврските таму.

*„Децата во принцип се одговорни и одат редовно на сите активности. Доколку се јави проблем го известувам педагогот, но досега тоа е случај само со едно дете. Одеше на кошарка, но беше отпишано од таму со одлука на стручниот тим на селото, бидејќи наместо на кошарка, одеше на друго место, го злоупотребуваше времето кое требаше да го користи за тренирање кошарка. Дури нема потреба јас да им кажувам за децата, тие се толку често во куќата, толку добро го познаваат секое дете, а и децата се отворени, така што нема потреба од информација, децата директно се обраќаат кај нив, бидејќи знаат дека тоа е на нивна одговорност. Педагозите добро ги знаат нивните таленти и можности.“*- го раскажува своето искуство една СОС мајка.

Соработката помеѓу педагогот и СОС мајките најчесто се остварува преку разговор. Вообичаено разговараат и се договараат кои активности децата ќе ги следат. На пр. доколку некоја мајка забележи дека нејзиното дете е хиперактивно, му посочува на педагогот дека тоа дете мора да се занимава со одредена активност каде би можело да ја троши својата енергија. Еве што велат дел од СОС мајките за соработката со педагогот во однос на организацијата на слободното време на децата:

*„Насоки се дадени од страна на педагогот, тој надгледува се, контактираме често, тој не информира нас за се што се случува со децата, се договараме, но пред се ја почитуваме желбата на детето.“*

*„Јас како мајка го следам детето, во секое дете се крие некој талент, само треба да го откриеш, на пр. јас ќе забележам дека детето добро ми црта и тоа го пренесувам на педагогот, за да потоа детето се вклучи во ликовните работилници што се реализираат овде во селото.“*

Улогата на педагогот не завршува само со договор, организација и следење и информирање за успехот на детето и неговото поведение. Имено, кога се случува децата да треба да патуваат, клучна улога во организацијата има повторно педагогот. Во продолжение го поместуваме искуството на една СОС мајка:

*„Лани имав едно девојче кое требаше да оди во странство од играорна. Целокупната организација беше во рацете на педагогот, од плаќање за патувањето, обезбедување пасош, па се до буквално испраќање на девојчето до автобусот.“*

Кога имаат проблеми, заеднички работат да ги надминат истите. Во тој процес се вклучени и педагогот и СОС мајките. Еве што раскажува една од нив:

*„Соработуваме и се обидуваме да им укажеме на децата дека треба да бидат истрајни, бидејќи може да се случи да се купи целосна опрема за одреден спорт, па на сред сезона детето да се откаже, сакаат се да пробаат, бидејќи се во пубертет. Се трудиме да му објасниме на детето зошто треба да продолжи, дека има добар успех, дека добро започнало, има медали и сл. Но, договор мора да се постигне, со педагогот правиме стратегии што да се прави понатаму.“*

Најважно од се, се согласуваат СОС мајките, е дека имаат поддршка од страна на педагогот, знаат дека можат да му се обратат кога сакаат, да побараат помош од него, да се договорат кое дете каде ќе оди и сето тоа да биде во присуство на детето.

## 2.5. Вклученоста на децата во воннаставни активности и улогата на педагогот

Во однос на воннаставните активности во кои се вклучени децата, од разговорите со мајките, можеме да заклучиме дека најголем број од нив посетуваат дополнителна и додатна настава по оние предмети по кои заостануваат со учењето, односно имаат потешкотии, или се талентирани. Од другите воннаставни активности, исто така доста од нив се вклучени во училишниот хор, во кои одат дел по нивна желба, дел по иницијатива на наставникот по музичко образование.

Има мал број на деца кои членуваат и во мандолинскиот оркестар на училиштето. Се разбира, велат СОС мајките, учениците се вклучени и во некои училишни секции од оние области за кои се заинтересирани, а тоа се математичка секција, литературна и биолошка секција.

Во однос на прашањето дали педагогот има било каква улога во организацијата на воннаставните активности, наидуваме на различни размислувања. Има СОС мајки, кои воопшто не се запознаени со неговата улога во воннаставните активности на децата, и одговорија дека немаат таква информација.

*„Не знам, мислам дека тоа е само прашање на желбата на децата и на наставникот.“*- вели една СОС мајка во однос на улогата на педагогот во организацијата на воннаставните активности.

Има и такви кои што сметаат дека педагогот не е воопшто вклучен во воннаставните активности, дека тој само добива информација од СОС мајките во што ќе биде детето вклучено, но дека тука завршува неговото учество.

*„Педагогот нема никаква врска со организацијата на воннаставните активности, само го известуваме и тој знае кое дете што ќе посетува.“*

Речиси сите се согласни дека педагогот е во тек со тоа, кое дете што посетува на училиште, но сметаат дека педагогот нема некоја поголема улога во организацијата на воннаставните активности на децата. Всушност, велат мајките, сето тоа е организирано пред се, од наставниците. Педагогот само го следи нивното учество.

И покрај тоа, што улогата на педагогот за вклучувањето на децата во воннаставните активности, според мајките, е релативно мала, сспак и тука не изостанува нивната соработка и помошта од педагогот. Не станува збор само за разговор и заеднички договор помеѓу двете страни, туку педагогот им се наоѓа на СОС мајките и во набавката на материјали кои им се потребни на децата. Во продолжение посочуваме дел од нивните искуства во однос на соработката што ја оствариле со педагогот:

*„Секое дете има свој развоен план. Минатата година педагозите одлучија едно дете да се запише на секција по предметот по кој имаше слаба оценка, а тие сметаа дека може и треба да има поголема. Па затоа на нивен предлог, ја*

*сместивме таа секција во иднивидуалниот развоен план, секако во договор и со самото дете.“*

*„Само го известувам, па разговараме, на пр. ако некое дете посетува повеќе активности, ми посочува дека следната нова активност би било премногу за него. Но, вели- ако сметаш дека тоа дете може да одговори на сите негови обврски и задачи, тогаш нека оди. Треба да се внимава на успехот, има деца кои сакаат да одат на повеќе активности, а имаат послаб успех. Но, на една активност детето може и треба да оди.“*

*„Тој ми помага кога не можам да најдам технички средства. Скоро не можев да најдам трзалици за во мандолинска на едно дете во цела населба, му се јавив на педагогот, тој веднаш ми купи и ми ги донесе.“*

*„Прво се договараме во рамки на семејството, па јас го известувам педагогот, тој контактира со сите наставници од училиштето и го следи тоа, дали детето оди или не. Ме известува мене, доколку има некој проблем на училиште и се договараме што ќе работиме понатаму.“*

Без разлика што тоа се главно активности организирани од страна на училиштето, СОС мајките знаат дека педагогот учествува и во оваа област со неговите насоки, сугестии, критики и пофалби. Неспорен е фактот, велат тие, дека тој редовно оди во училиште од каде што добива информации за секое дете поединечно.

## 2.6. Поддршката на СОС мајките од страна педагогот

Кога знаете дека некој Ви стои на располагање постојано, како во текот на неговото работно време, така и по завршувањето на истото, тогаш веројатно сте посигурни во својата работа. Но, кога знаете дека од некого добивате секаков вид на поддршка, тогаш знаете дека можете се да направите и се изгледа толку лесно.

Да се ужива ваков статус, кај жените кои работат исклучително тешка и напорна работа, сигурно не е ни малку лесна работа. Во СОС Детското село буквално сите СОС мајки се задоволни од работата на педагогот, и не постои СОС мајка која ќе ви каже поинаку за нив. Добивате впечаток дека најсилната поддршка

тие ја добиваат токму од педагозите, а тоа е навистина така. Велат, од него добиваат секаква поддршка, за било што и да им затреба, но несомнено најмногу едукативна, морална и воспитна поддршка. Тие се тука не само за децата, за нивните потреби, туку и за потребите на самите СОС мајки. Им помагаат со разговор, со совети, ги разбираат нивните потреби, се обидуваат да им помогнат на секој можен начин, и тогаш кога станува збор за нивни приватни проблеми, бидејќи како што велат мајките, нивната работа е стресна. Знаат дека секогаш можат да сметаат на нивната поддршка.

Една СОС мајка вели, дека педагогот секогаш и укажува на грешките и тоа на најпогоден начин. Но сепак, вели таа, остава на неа самата да одлучи што ќе направи во иднина.

Велат дека функционираат како едно големо семејство, емотивно се врзани и нема меѓусебни замерки за работата, без разлика на годините.

Кога ќе ги запрашате дали би промениле нешто во нивниот меѓусебен однос, дел од нив велат да:

*„Можеби би требало тие да бидат повеќе заштитени, бидејќи навистина е напорна работата на педагозите, тие се исцрпени, јас сум одговорна за 7 деца, тие се одговорни за 70. Треба да се остави простор и време и за нив лично. Имаат милион обврски тука со нас, административни и обврски кои ги бара националната канцеларија. Така да, баш им е стресно!“*

*„Би сакала да поминувам повеќе време со него, да пиеме кафе заеднички, да има 24/7 работно време“* – раскажува низ смеа друга СОС мајка.

Генерално гледано, сите без исклучок се задоволни од работата на педагогот и поддршката што ја добиваат од него. Велат дека не би менувале ништо во нивниот меѓусебен однос, бидејќи имаат отворен контакт со нив и секогаш се достапни за разговор. Еве ги размислувањата на дел од СОС мајките во однос на ова прашање:

*„Не би менувала ништо, ми се допаѓа неговиот став и пристап кон куќата, семејството и кон мене, само да кажеме еден збор и тие се веќе на врата.“*

*„Не би променила ништо, бидејќи секогаш ми е на располагање и сите предлози, сугестии ги разгледуваме и се договараме заеднички. Секогаш знаеш дека има некој позади тебе, а тоа е многу битно!“*

*„Не би менувала ништо, знаете што значи некој да ви стои на лагер цело време, мислам дека го добиваме максималното од нив.“*

Повеќе од сигурно е дека СОС мајките уживаат голема и максимална поддршка од страна на педагогот. Веројатно секогаш, секоја работа може да се заврши подобро, но кога ќе разговарате со мајките за соработката што ја остваруваат со педагогот, добивате впечаток дека во нивниот меѓусебен однос и соработка со него е постигнат максимумот.

## *3. Анализа на податоците од протоколот за интервју на децата*

Во нашето истражување, беа опфатени вкупно 30 деца, различно застапени по три категории: пол, возраст и националност. За потребите на истражувањето, врз основа на формулата за пропорционален стратификуван примерок, беа избрани 1 дете на возраст од 6 години, 13 деца на возраст од 7-10 години и 16 деца на возраст од 11-15 години. Во однос на полот, имавме 18 женски и 12 машки деца, а во однос на националноста беа вклучени 20 деца од македонска националност, 5 деца од ромска, 3 деца од бошњачка и 2 деца од албанска националност.

Имавме вклучено деца кои посетуваат различни одделенија, почнувајќи од прво одделение, па се до осмо. Сите деца учат во локалното училиште, кое се наоѓа близу до СОС Детското село. Постојат разлики помеѓу децата во однос на тоа колку време се сместени во селото. Има такви кои се тука од самиот почеток на работа на СОС Детско село, односно 8.5 – 9 години, па со до деца кои се сместени од 1.5 до 7 години. Она што беше забележително по разговорот со секое дете, е фактот дека сите се чувствуваат убаво овде и покрај различните животни приказни кои стојат зад нив и товарот на сопственото минато што го носат со себе.

На почетокот се чувствуваше страв кај секое дете, беа збунети не знаејќи што ќе се случува, какви прашања ќе им се поставуваат, но откако педагогот ќе им

објаснеше за што всушност станува збор, стравот и тремата исчезнуваа. Следуваа минути во кои децата искрено зборуваа за своите искуства со педагозите во Детско село.

Одговараа на неколку групи на прашања. Прво за тоа колку им се достапни педагозите, со какви потешкотии се соочуваат на училиште и каква помош добиваат од педагозите во такви ситуации, какви проблеми имаат надвор од училиштето и улогата на педагозите во надминувањето на истите, што прават во слободното време и дали педагозите учествуваат во организацијата на слободните активности, за воннаставните активности и како педагогот учествува во тоа и конечно, дали и колку се задоволни од тоа каква соработка остваруваат со нив, но и што е она што би го промениле кога би имале можност во односот со педагозите.

## 3.1. Достапноста на педагогот за децата

Од сите 30 деца кои беа вклучени во нашето истражување, сите без исклучок, одговорија потврдно на прашањето дали педагогот им е достапен секогаш. Велат дека кога и да сакаат можат да се видат со нив и дека секогаш имаат добар прием од нивна страна.

Велат дека иницијативите за нивните заеднички средби се секогаш различни, во зависност од тоа кој има потреба за соработка, за помош. Има деца кои со педагогот се гледаат речиси секој ден, но има и такви кои ретко се гледаат, кои всушност немаат потреба да остваруваат средби. Велат, обично се гледаат кога им треба некој материјал од интернет, па се обраќаат до педагогот. Ова во принцип, се деца кои се посолидни во училиште и немаат некои потешкотии во совладувањето на училишниот материјал. Но, и покрај тоа што не соработуваат често, знаат дека секогаш можат да се обратат за помош, да ги побараат во било кое време.

*„Не ми помага ништо, со него не работам ништо, бидејќи не сум побарал помош од него, но знам дека можам да му се обратам ако имам потреба.“*

Оние деца кои остваруваат соработка често со него, најчесто тие го бараат педагогот, тоа може да биде за помош во училиште, пишување домашна задача,

помош во учење, помош при решавање некој проблем од поинаква природа, разговор во врска со активности во слободното време на децата и сл.

Кога ќе ги прашате децата какво мислење имаат за педагозите, односно како ги доживуваат, добивате серија на позитивни коментари, размислувања и искуства. Во продолжение приложуваме дел од исказите на децата за нивниот однос, односно нивното мислење за педагозите:

*„Ги почитувам, ги сакам, имам многу добро мислење за нив и сакам да бидам со нив.“*

*„Тие ми се блиски, можам да побарам помош во секое време, да споделам нешто со нив.“*

*„Имам позитивно мислење за нив, многу добри луѓе се, се најдобро можам да кажам за нив.“*

*„Никогаш не се случило да не одбијат, без разлика за што и да им се обратиме, многу ни помагаат кога имаме потешкотии.“*

*„Многу ги сакам, многу ги слушам.“*

*„Добри се, но и строги кога треба, на пр. кога мојата постапка не ми е во ред, кога не се однесувам добро кон нив, или кон учењето, инаку секогаш се позитивни.“*

Децата и педагогот најчесто ги поврзуваат училишните обврски и задачи, но и потешкотиите на децата во училиште. Обично тоа е помош во учењето, во пишувањето домашна задача, „симнување“ материјали од интернет, но со дел од децата го поврзуваат и некои други проблеми од воспитна природа, кога децата се соочуваат со потешкотии надвор од училиштето, со проблеми во нивниот секојдневен живот и сл. Еве го искуството на две од децата во однос на тоа за што најчесто остваруваат средби со педагогот, нивните искуства се во врска со проблеми од сосема различна природа:

*„Кога ми треба нешто од интернет, на пр. песни за есен, зима, одам директно во неговата канцеларија и му кажувам, тој тоа ми го завршува веднаш.“*

*„Кога имам некој проблем со другар, ако некој ме испровоцира и ќе се изнервирам, а не сакам да и кажам на мајката, тогаш му кажувам на педагогот и тој ми помага да го решам проблемот.“*

## 3.2. Училишните проблеми на децата и улогата на педагогот

Во училиштето децата се соочуваат со најразлични проблеми. После разговорот со секое од нив, можеше да се заклучи дека нивните проблеми се поврзани со предметите математика и англиски јазик, како и предметите хемија и физика за оние ученици од седмо одделение кога прв пат се соочуваат со нив.

Не се исклучени и учениците кои немаат проблеми на училиште, барем не некои поголеми кои не можат да ги решат сами. Најмалото од нив, после првите три месеци на училиште, ќе каже дека воопшто нема проблеми и потешкотии:

*„Многу ми е убаво на училиште, не ми е тешко воопшто. Се ми е јасно. Не ми е страв и од никого не барам помош.“*

Кај учениците се јавуваат проблеми и по некои други предмети, на пр. по техничко образование, по природни науки, општество, потешкотии поврзани со германски, албански јазик и сл. Најчесто тоа се потешкотии кои настануваат поради нејасност во материјалот, нејасни задачи во математиката, потешкотии во преводот и убаво изразување кога се работи за некој странски јазик. Интересно е да се спомене дека потешкотии во албанскиот јазик има дете од албанска националност. Еве како тоа го објаснува својот проблем:

*„Не можам да се изразам убаво, тешко ми е пишувањето, мешам македонски и албански букви. Тешка ми е граматиката. Знам дека треба да немам проблем со албанскиот, ама бидејќи живеам тука од 6 годишна возраст, се дружам претежно со Македонци, така што многу полесен ми е македонскиот отколку албанскиот јазик. Со македонскиот јазик немам никаков проблем.“*

Велат дека главно проблемите настануваат поради недоволно јасен материјал, некои ќе кажат дека наставникот не го разбираат, но има и такви кои се искрени, и се свесни дека проблемите во учењето настануваат поради нивна недоволна ангажираност. Еве што вели едно девојче од осмо одделение:

*„Потешкотии немам, освен што оваа година помалку учам, но тоа и не се потешкотии, туку тоа е резултат на моето неучење.“*

За жал има деца кои имаат проблеми со учењето, но причината за тоа е од многу поинаква природа. Станува збор за дете со намалена меморија. Вели дека му се јавува на педагогот и со него заеднички работат, читаат и учат прполека. Еве го нејзиното искуство:

*„Тешко ми оди на училиште. Сакам да учам, ама не можам, имам слаба меморија и трошам многу време на учење. Сите предмети ми одат потешко бидејќи имам проблеми со учењето.“*

На прашањето од кого бараат помош кога имаат училишни проблеми, добиваме различни одговори. Има деца кои бараат помош прво од СОС мајката, некои тоа го бараат од некое постаро дете од куќата во која живеат, трети работат со волонтери, но најголем дел од нив се обраќаат кај педагогот. Знаат дека кај него можат директно да се обратат, така што оние кои се послободни тоа го прават сами, а има и такви кои кажуваат на мајката, па таа се јавува кај педагогот, договара средба и го испраќа детето кај него.

Оние кои имаат потреба од помош, истакнуваат дека голема улога тука има педагогот. Имено со него работат индивидуално и групно, во зависност од тоа за што се работи и во зависност од потребите на секое дете. Оние кои имаат поголеми потешкотии работат индивидуално со него. Тоа може да биде помош при учењето, објаснување на дел од лекцијата, помош при пишување на домашни задачи, особено математика и англиски јазик, и веќе споменавме обезбедување на потребните материјали и информации од интернет. Во продолжение пренесуваме дел од нивните искуства за помошта од педагогот за нивните училишни проблеми:

*„Некогаш јас доаѓам тука во неговата канцеларија, со мој материјал, а кога тој има време, тој доаѓа кај нас дома и таму работиме, лекција, задача. Дома сме поконцентрирани и работиме. Нема врева и го решаваме тоа што ни треба.“*

*„Кога ми треба нешто од интернет, одам кај него и директно му се обраќам, тој ми бара тоа што ми треба и ми го печати. Кога имам нејасна задача, ми ја објаснува, па потоа јас се обидувам сам да ја решам.“*

*„Кога нешто не ми е јасно за да напишам домашна, јас му кажувам. Тој ќе ми го објасни тоа, па почнувам полека сама да работам, па ако имам пак нешто нејасно, повторно ќе ми го објасни и се така додека не ми се разјасни се.“*

*„Еднаш со педагогот работев на задачи по математика. Заедно пишувавме, прво ми објасни, не ми ги кажуваше задачите, односно точното решение, јас требаше да размислам и да го напишам сама, тој само ми објасни како треба да се решаваат.“*

*„Доколку не сфакам нешто, тој ќе се обиде на разни начини да ми го објасни, важно на крај морам да разберам.“*

*„Прво се обидуваме сами да го решиме проблемот и ако не можеме, тој ни дава помош, насоки, за да успееме сами да го решиме, но никогаш не ни ги решава тој, бидејќи така не ни помага, туку ни одмага.“*

Ова се искуства на децата кои работат индивидуално со педагогот. Но, велат дека не изостанува ниту групната форма на работа. Имено, често се организираат групни едукативни работилници, кои порано ги реализирал педагогот, а оваа година тоа го прави волонтер. На групните едукативни работилници одат различни групи на деца, најчесто групирани според возраст и одделение, а некогаш може тоа да биде мешана група, во кои децата ги поврзуваат слични или различни училишни проблеми.

*„Се формираат групи од ученици на кои не им е јасно нешто, по било кој предмет, па тој оди од едно дете на друго, објаснува, а ние си продолжуваме со работа.“* – раскажува едно од децата.

Генерално гледано, децата немаат забелешки на начинот на кој педагогот учествува во надминувањето на нивните училишни проблеми и потешкотии. Сите се задоволни од него, сметаат дека се е во ред од нивна страна и не би менувале ништо. Напротив, искрено се надеваат дека ќе продолжат со истиот начин на работа како и до сега. Еве што вели едно девојче за соработката со педагозите во однос на училишните проблеми:

*„Ми се допаѓа нивниот начин на работа и колку повеќе бараме од нив, толку повеќе се ангажираат и организираат околу нас. Се надеват дека тоа така и ќе продолжи.“*

## 3.3. Проблемите на децата надвор од училиште и улогата на педагогот

Од разговорот со децата за нивните потешкотии и евентуалните проблеми надвор од училиштето, дојдовме до заклучок дека некои поголеми проблеми и потешкотии тие немаат. Поголемиот дел од нив смета дека не се соочуваат со никакви проблеми.

Оние кои се изјаснија дека имаат некои проблеми, тоа беа најчесто проблеми поврзани со конфликти со другари и другарки, недоразбирања во рамките на куќата, односно семејството на детето, со брат или сестра, па дури и со СОС мајката која се грижи за нив. Останати проблеми, според децата нема.

Еве како едно девојче го објаснува проблемот кој го има со својата мајка:

*„Јас често реагирам, се расправам со неа, особено кога не се согласувам, се расправаме, кога кажува нешто што не е вистина. Но, потоа се смируваме, разговараме и ги решаваме проблемите.“*

Во однос на конфликтите со другарите имаме различни искуства:

*„Не сакаше да се тргне од влезот на продавницата, иако го замолив да го направи тоа, па морав насилно да го тргнам, бидејќи ми требаше нешто од продавницата, а се брзав. Ме предизвикува, па потоа бега, не знае да се бори до крај.“*

*„Имам конфликти со другите деца, често се караме. Тие како да немаат разбирање за мене, потешко ме разбираат, не сфаќаат што сакам јас, што сакам од нив. Некогаш имам конфликт и со мајката која инсистира да ја носам протезата за заби, а јас не можам.“*

*„Имам љубоморни другарки. Не ме разбираат дека сакам да се дружам со сите, тие реагираат кога се дружам со некој друг освен со нив.“*

Децата велат дека кога се соочуваат со вакви проблеми, најчесто, прво за помош се обраќаат до СОС мајката која што ги чува. Таа обично ги советува како треба да постапуваат и што треба да прават во иднина.

Но, не е исклучена можноста да се обратат и до педагогот. Кога децата имаат меѓусебни конфликти, педагогот се труди на секаков можен начин тоа да се

надмине. Особено кога станува збор за насилство помеѓу сестри и браќа. Еве што раскажува едно девојче за улогата на педагогот во ситуација на конфликт со нејзината сестра:

*„Педагогот се обидува да ја смири сестра ми, која е многу нервозна понекогаш. Тоа го прави така што и вели дека ќе ја носи на шетање, разговара со неа или пак и задава некои задолженија, на пр. да му помогне нему за нешто и сл.“*

Од него велат, добиваат главно совети, дека не треба да се тепаат меѓусебно, секогаш да им помагаат на другарите, бидејќи некогаш и другарот може да им помогне во нешто и сл. Вообичаено разговараат и дискутираат, одлучуваат дека не може со тепање да се постигне ништо, се донесуваат одлуки, што треба да прават во иднина и тој договор се следи и почитува. Најзначајниот совет кои децата го добиваат од педагогот во однос на конфликтите е дека со насилство не се решава ништо и секогаш да го одбегнуваат како начин на решавање на проблемите.

## 3.4. Слободното време на децата и улогата на педагогот

Децата од СОС Детско село раскажуваат дека се вклучени во најразновидни активности во слободното време. Изборот која активност ќе ја посетуваат е исклучиво нивен. Тоа зависи од нивната желба, интерес и секако од нивните способности. Велат дека при изборот имаат целосна поддршка како од СОС мајката која ги чува, така и од стручно-педагошкиот тим на селото, особено од педагогот, кој според нив ја има главната улога во организацијата на слободните активности.

Од разговорот со нив, лесно можеше да се заклучи дека буквално секое второ дете тренира кошарка, голем дел од девојчињата посетуваат часови по играорна, а помалите се вклучени во изучување на модерни танци на латино-американска и португалска музика, попознато како капуера. Дел од децата се вклучени и во ликовните работилници кои се организираат во рамки на селото. Од другите активности, можеби во помал број, но децата сепак се вклучени, се карате, фудбал, курсеви по англиски јазик, кусеви по манекенство и сл.

Велат дека организацијата на слободното време е одговорност на едниот од педагозите. Децата знаат дека кога сакаат да учествуваат во нешто, да посетуваат

определена активност во слободното време треба да се обратат кај него. Некогаш може да кажат на мајките, па тие да пренесат на педагогот, но знаат дека можат и сами да му пренесат.

*„Прво и кажувам на мајката, па таа му пренесува на педагогот, тие ќе размислат, дали сум добра во училиште (прво тоа го забележуваат), па после ако се е во ред, ако сум добра и во училиште и во однесувањето, ме пуштаат.“* – раскажува едно девојче за тоа како се прави план за посета на определена активност во слободното време.

На почетокот на годината се прават индивидуални развојни планови од страна на секоја СОС мајка во рамките на секое семејство. При изработката на плановите со децата се разговара, што сакаат да прават во слободното време, дали остануваат на истите активности од минатата година, дали сакаат нешто ново. Во овие разговори некогаш се вклучени и педагозите, особено доколку детето сака да се приклучи во некоја нова слободна активност или доколку сака да посетува повеќе од две активности. Во таква ситуација секогаш се вклучува педагогот, па се договараат сите три страни, педагогот, СОС мајката и детето.

*„Ги прашуваме педагозите дали може да одиме и ако ни дозволат одиме, а тие понатаму организираат се останато. Тие се договараат со одговорните лица.“* – раскажува едно девојче за улогата на педагогот во организација на слободните активности.

*„Го прашуваме педагогот дали може да се запишеме на таа активност и ако тој дозволи, одиме. Тој е главен!“* – вели друго девојче.

*„Го известуваме педагогот и тој ни кажува дали може да одиме или не, тој понатаму се договара со тренерот и не информира, што и како.“*

*„Педагогот го информираме. Еве вчера му кажав дека сакам да научам да свирам гитара, тој ми рече ќе се договориме. По неколку минути ми се јави и ми кажа дека ќе го праша Владо* (тоа е стручно лице кое работи во младинска заедница)*, за да се договориме понатаму што и како ќе биде.“*- раскажува едно момче од 14 години.

Велат дека од него не бараат само дозвола, туку и понатаму тој ја игра клучната улога. Имено, тој врши исплаќање на тренерите, инструкторите и

професорите, во зависност од тоа за која активност станува збор, но и нему му се јавуваат доколку има било каков проблем во редовноста или од некоја друга природа. Всушност, тој организира се што е поврзано со турнеите или натпреварите на децата.

*„Целокупната организација и плаќање околу турнејата беше во негови раце.“*- вели едно девојче за улогата на педагогот во организацијата на турнејата на која била како член на културно-уметничко друштво.

Децата велат дека често им се организираат работилници, пред се ликовни, на кои работат со волонтер, но за да посетуваат мора да се пријават прво кај педагогот. Тој ги известува за термини и ги формира групите. Постојат две групи, помала и поголема, во нив децата се поделени според возраста и одделението. Групите работат во различни термини.

Не изостануваат ниту работилниците на теми кои ги засегаат младите. Последно нешто што беше работено во селото беше работилница на тема: „Како го организираме слободното време?“. Еве што раскажува едно девојче за тоа што се работело на работилницата:

*„Споделувавме наши искуства за тоа како ние лично го органзираме нашиот ден, од сабајле до вечер. Потоа откако сите напишавме, секој поединечно го прочитавме напишаното, па заеднички дискутиравме, извлекувавме поуки, како е добро да правиме во иднина, како правилно треба да го организираме нашето време, прво да видиме што имаме за учење, пишување, а потоа да поминеме на другите слободни активности, слушање музика, шетање, читање. Секогаш треба прво да ги извршуваме оние активности поврзани со учењето.“*

Што се однесува до тоа каде се организираат слободните активности на децата, со секоја активност ситуацијата е различна. Имено, работилниците и часовите по капуера, се организираат во самото село. Тука доаѓаат волонтери и инструктори и ги одржуваат истите. Се останато се одржува надвор од селото, во најразлични институции, организации, објекти и сали на кулутрно-уметничките друштва и спортските клубови.

## 3.5. Воннаставните активности на децата и улогата на педагогот

Кога се работи за воннаставните активности на децата, можеме да кажеме дека тие се доста активни и во оваа област, па се вклучени главно во хорската секција, во дополнителна настава по математика и англиски најчесто, но и по некои други предмети како на пр. француски јазик, физика, хемија и др., додатна настава по одредени предмети по кои манифестираат особен интерес, како природни науки, историја, математика, физика, биологија и сл., мал дел од нив се членови на мандолинскиот оркестар при основното училиште каде што учат, но не изостануваат ниту биолошката, еколошката и литературната секција како дел од нивниот распоред за активности кои ги посетуваат по завршувањето на часовите.

Сите едногласно ќе се согласат дека сите овие активности ги посетуваат дел по нивна желба, дел по желба и иницијатива на наставниците, а некогаш и на СОС мајките. Кога ги запрашавме дали педагогот учествува во нивната организација, речиси сите одговорија негативно, а мал дел од нив немаа информација за тоа. Сметаат дека сето тоа е во организација на училиштето и наставниците по конретните предмети.

Но, децата истакнуваат дека и покрај тоа што педагогот нема улога во организацијата на воннаставните активности, сепак тој е во тек и знае за секое дете поединечно која активност ја посетува, дека педагогот го следи сето тоа, колку редовно детето тоа го прави, дали се активни и сл.

*„Одам на додатна настава по математика, физика и биологија. Тоа е во рамки на училиштето, педагогот знае за тоа, бидејќи тоа стои и во нашите развојни планови.“* – раскажува еден одличен ученик од осмо одделение.

*„Тоа го организираат наставниците, а педагогот само следи, секогаш се интересира, како сме поминале, дали сме мирни на часовите и сл.“* – истакнува еден ученик од седмо одделение кој посетува дополнителна настава по македонски и математика.

Да се работи со 70 деца, толку комплетно различни по многу категории, веројатно не е ни малку лесна работа. Особено е тешко да се одговори на нивните

барања и да се задоволат нивните потреби. Но, кога после разговорот со 30 деца се доаѓа до сознание дека ниедно од нив не би менувало ништо во нивниот меѓусебен однос, туку напротив би сакале да продолжи нивната соработка на ист начин и во иднина, тогаш лесно може да се заклучи дека педагозите навистина успешно ја извршуваат својата задача. Во продолжение приложуваме дел од размислувањата на децата за тоа дали се задоволни од својот однос и соработка со педагозите:

*„Не би менувала ништо, се е во ред, се ми се допаѓа."*

*„Премногу сум задоволна, за сега не ми недостига ништо, секогаш ни дава поддршка и потребни информации."*

*„Не би менувала ништо, зошто со нив ми е стварно супер."*

*„Се ми е убаво, многу ги почитувам, тие се супер. Не ми недостига ништо."*

*„Се ми е ок, би сакала така да продолжи."*

*„Не би сменила ништо, мене се ми е во ред, немам ништо што ми смета кај нив, немам никакви негативни критики, нашиот однос е позитивен."*

За крај можеме само да заклучиме дека да се ужива ваков статус кај децата на возраст од 6-14 години, сигурно е резултат на напорна работа. Вложено е многу енергија, време и труд за да се дојде до овој степен на соработка и однос. Најголема потврда за тоа се секако размислувањата на децата околу кои и со кои се работи и соработува.

## *4. Анализа на податоците од протоколот за систематско набљудување*

Покрај техниките анализа на содржина и интервју, во нашето истражување, како техника беше користено и систематското набљудување. Согласно една од поставените задачи, да се проучи каков вид едукативна помош обезбедува педагогот на децата кои имаат проблеми во учењето, тука пред се се мисли на децата кои имаат слаб успех, деца кои се едукативно запуштени, имавме можност да присуствуваме на реализацијата на активноста- помош при пишување домашна

задача по англиски јазик. Во продолжение даваме целосен опис на сите елементи од систематското набљудување, според нивниот редослед во самиот протокол на систематско набљудување.

***Активност:*** Она што го набљудувавме беше укажување на помош при пишување домашна задача по предметот англиски јазик од страна на педагогот на ученичка од второ одделение.

***Простор:*** Набљудуваната активност се реализираше во канцеларијата на педагогот од СОС Детско село. Всушност станува збор за современо уреден простор, кој го делат двајцата педагози од селото. Целата просторија изобилува со светли бои, што му дава особена свежина на просторот, а големите прозорци одлично ја осветлуваат целата канцеларија. Кога се престојува во канцеларијата, не се добива впечаток дека се седи во таков вид на простор. Имено, целокоупниот простор е прилагоден на потребите на педагозите за работа, не само административна, туку и за педагошка работа со децата. Освен двете бироа на кои се сместени компјутерите и педагошкиот материјал со кои тековно работат и неколкуте столови во најразлични бои, покрај ѕидот стои голем плакар во кои се чува педагошката документација и материјалите за работа. Ѕидовите изобилуваат со полици на кои се сместени најразлични изработки од децата. На плакарот се забележуваат залепени листови во кои децата упатуваат пофални зборови, посветуваат песни во кои им се заблагодаруваат на педагозите и ги изразуваат нивните убави мисли за нив. Канцеларијата на педагозите располага со топол и пријатен амбиент погоден за работа не само со нивните колеги, туку и за иднивидуална работа со децата.

***Време на работа:*** Секоја активност се одвива во времетраење кое зависи од потребата на децата за заедничко работење и се додека не се заврши работата. Оваа активност се одвиваше од 13.00h - 13.45h.

***Субјекти:*** Предмет на нашето набљудување беа двајца субјекти, бидејќи станува збор за индивидуална едукативна помош. Тоа значи дека субјекти кои ги набљудувавме беа педагогот, на возраст од 30 години и девојче на возраст од 9 години, ученичка во второ одделение.

***Материјали и средства за работа:*** При работата беа користени учебникот на ученичката по англиски јазик, молив и гума.

***Цел на набљудувањето:*** Целта на ова набљудување е да се испита како педагогот работи со децата на кои им е потребна помош во учењето. Во конкретниов случај имаме давање помош при пишување на домашна работа, нешто што е често предмет на нивна соработка.

***Задача на набљудувањето:*** Да се набљудува и забележи способноста на педагогот да укаже помош на децата при пишување на домашна задача.

По претходно направениот договор помеѓу педагогот и детето, заеднички да пишуваат домашна задача по англиски јазик, во точно договорениот термин, 13h детето пристигнува во канцеларијата на педагогот. Уште на самиот почеток можеше да се забележи еден пријателски однос помеѓу детето и педагогот. Откако се поздравија, поразговараа за некои вообичаени работи, педагогот го запраша девојчето како поминала претходниот ден на училиште, дали го научила тоа што требало, нешто што се договориле да научи по математика, а девојчето задоволно од успехот што го постигнала, одговори дека научила и дека добила пофалби од наставничката за тоа. Доби пофалби и охрабрување од страна на педагогот за нејзиниот успех, при што чувството на среќа беше забележително на нејзиното лице. После ова, тие беа подготвени, во интерес на времето на девојчето кое требаше да оди на училиште, да започнат со работата.

Педагогот започна со вообичаеното прашање, што има за домашна задача, при што девојчето го отвори учебникот и му ја покажа домашната задача. Педагогот ја чита првата задача, која се однесуваше на вежба во која учениците треба по даден пример да ги напишат зборовите кои недостигаат. Станува збор за прашални зборови, на почетокот на кратка реченица, а кои се однесуваат на личните заменки од еднина и множина. Педагогот објаснувањето за тоа што треба да се направи во вежбата го чита прво на англиски. Го прашува девојчето дали знае што значи тоа, што се бара во задачата. Девојчето вели дека не знае. Педагогот и го преведува тоа и и објаснува што треба да се направи конкретно.

Одат по ред. Педагогот го чита првиот пример. Го преведува и и го кажува одговорот на ученичката. Одат со вториот пример. Педагогот го чита и го преведува. Го прашува девојчето дали знае што значи и му помага со асоцијации заеднички да го најдат одговорот. Заеднички го наоѓаат точниот одговор, а на сличен начин работат и со останатите две задачи од првата вежба.

Откако ќе ја завршат првата вежба одат на втората. И тука работат на истиот принцип. Овде станувааше збор за поврзување на синоними. Педагогот прво чита на англиски јазик, па го преведува тоа, потоа бара од девојчето самостојно да се обиде да го направи тоа. Доколку не може, тогаш се вклучува и педагогот, со асоцијации, дополнителни прашања и сугестии да го наведе девојчето на вистинското решение. Ја завршуваат и втората вежба и откако ќе заклучат дека тоа е се што треба да се напише за домашна, се поздравуваат меѓусебно и девојчето си заминува од канцеларијата.

Она што го нагласи педагогот пред да започнат со работа е дека децата во СОС Детско село се соочуваат со големи проблеми и значителни потешкотии во совладувањето на англискиот јазик. Тоа можеше да се забележи и во текот на работењето на домашната задача од овој предмет. Девојчето имаше проблем кога требаше да одговори на поставените барања во задачата, не само во разбирањето, туку и во правилниот изговор.

Од формите на наставна работа се користеше само индивидуалната, а од методите беа застапени, методот на разговор и методот на работа на текст.

Но, она што беше забележително, е пријатната атмосферата за работа. Ова значи дека постоеше двонасочна и демократска комуникација и недирективен однос помеѓу педагогот и детето. Не се забележуваше поделба на улоги според некоја надреденост, туку напротив, беа застапени рамноправноста, охрабрувањето и водењето од страна на едукаторот.

Педагогот беше природен, љубезен и расположен во текот на целокупното работење. Поставуваше прашања, даваше упатства и пофалби, а ученичката беше слободна во однесувањето и изразувањето, слушаше внимателно, не се плашеше, туку напротив се трудеше да ја реши самостојно или со помош на педагогот задачата и покрај евидентните потешкотии со кои се соочуваше при работата.

Повеќе од очигледно е дека е воспоставена одлична комуникација на релација педагог-дете. Децата имаат искуство во работата со педагогот и тоа се забележува во нивниот близок и топол однос. Проблемот што го имаат децата, не само со англиски, туку и со математика не е спорен, но педагогот истакна дека се работи на тоа да се пронајде соодветен професор по англиски јазик кој ќе ги поучува децата, а истакнува дека до сега биле сменети најмалку пет професори, па затоа ќе каже дека навистина не знае каде е проблемот. Потешкотиите на децата и покрај работата со професори по англиски јазик и понатаму остануваат евидентни, но децата знаат дека помошта од педагогот е секогаш достапна.

# *Заклучни согледувања*

Да се направи проучување на работата на педагогот во алтернативната заштита, особено на неговата работа во СОС Детско село Македонија не ни малку едноставна задача. Воопшто не е спорен фактот дека тој, како и сите други стручни лица кои се вработени во СОС Детско село, работат според стандарди пропишани од Kinderdorf International. Но, начинот на кој тој ќе ја реализира работата, и покрај пишаните стандарди, секако во голема мера зависи од него.

Од она што имавме прилика да го забележиме преку проучувањето на педагошката документација, описите на неговото работно место, и не само тоа, преку истражувањето кое го спроведовме, дојдовме до заклучок дека неговата работа е доста комплексна и обемна и како таква, бара многу посветеност, време и труд.

Неговата улога во ваква организација е повеќе од значајна. Таа дотолку добива на тежина, ако се земе предвид фактот дека тој работи со посебна категорија на деца, односно со деца во ризик. Да се воспитува едно дете и да му се овозможи да ги запознае вистинските вредности во животот е исклучително тешка задача. Но, работата со деца кои растат во непотполно семејство или уште повеќе, деца на кои им е скратена можноста да растат во семејство воопшто, е посебна, специфична и бара многу трпение, волја и многу љубов.

Знаеме дека во процесот наречен идентификација, главни актери се родителите. Детето ги имитира, се идентификува со нив, заликува на своите родители, ако тие се позитивни и ги прифаќаат моралните и општествените вредности и ориентации, ќе ги прифатат и децата и обратно. Животот во семејството е нашата прва школа за емоционално образование, во тој интимен свет на блискост сознаваме што чувствуваме за себе и како другите реагираат на нашите чувства, како да ги изразуваме надежите и стравовите. Емоционалното образование не се пренесува само со родителските зборови или постапки кон детето, туку и со начините кои му помагаат на детето да ги совлада сопствените чувства и емоции кои родителите ги манифестираат. (Gleman, 1977, стр. 179)

Но, што кога тие отсуствуваат во животот на детето од било кои причини? Што кога моделите на идентификација се сосема други личности, а не нашите биолошки родители? Дали ние го бираме семејството во кое ќе се родиме или ќе живееме? И конечно, дали тие деца кои се напуштени или разделени од своите родители треба да бидат осудени во текот на целиот свој живот? Секако дека не.

Животот на децата во ризик сигурно има некој поинаков тек. Тука клучна улога имаат оние кои се грижат за нив, оние кои ќе се потрудат да ги поведат на вистинскиот пат, да им го покажат вистинскиот систем на вредности. Тоа се оние кои ќе ја преземат улогата на нивни старатели и родители. Во СОС Детското село тоа е, во прв ред СОС мајката која се грижи за нив. Но, нејзината работа без поддршката од стручниот тим, особено од педагогот, би била невозможна.

Кога ќе се помине одредено време во СОС Детското село, се добива впечаток дека сите заедно чинат едно големо семејство. Кога ќе се влезе, макар само во една од куќите, може да се забележи дека тие навистина функционираат така. Таму секако постојат правила, ред и дисциплина, но и една исклучително топла и пријатна атмосфера, не само за работа, туку и за живот воопшто. И покрај тоа што се ставени пред една навистина тешка работа, стручниот тим во соработка со СОС мајките, навистина успешно работат.

Нашиот предмет на интерес беше работата на педагогот. Имавме можност да се запознаеме одблиску со истата, не само со проучување на релевантните документи за неа, туку и со непосреден разговор со самите педагози, со СОС мајките и децата кои се згрижени во селото. Преку проучувањето на документацијата за неговата работа, дојдовме до сознанија дека неговата дејност, помеѓу останатото, е насочена и кон изготвување и реализација на четири значајни програми и тоа: програма за талентирани деца, за деца кои се во периодот на пубертет, програма за деца кои имаат проблеми со учењето и за деца кои имаат проблематично однесување.

*Програмата за талентирани деца* содржи седум главни точки според кои се раководат педагозите во сопствената работа. Прво, имаат за цел да ги детектираат талентираните деца и да се формираат работни групи. Групите се формираат од деца кои покажуваат посебен интерес и солидни резултати во

одредена област. На ваков начин се добива информација кои деца во која област ќе ги продлабочуваат веќе стекнатите знаења и понатаму се прави план и распоред за работа со групите. Притоа се формира и работна група која ќе биде одговорна за формирањето на групите и за следењето на нивната работа.

Откако ќе се формираат групите, понатаму се работи на мотивација на децата преку екскурзии, зимувања, летувања, награди во предмети, финансиски итн. Не изостанува ниту обезбедување на децата со соодветни спортски реквизити и дресови, со цел децата и во своето слободно време да можат да вежбаат, но и да бидат спремни и опремени доколку учествуваат на определени натпревари како екипа од СОС Детско село-Скопје. Се организира и менторство преку овозможување контакти со лица кои се успешни во својата професија, а нивната професија е поврзана со интересите на талентираните деца. Овие деца, исто така се поттикнуваат и им се овозможува учество на натпревари во областа во која тие манифестираат посебен интерес. Овде станува збор за овозможување на учество на децата на државни и меѓународни натпревари преку финансирање од страна на СОС Детското село или се бараат донации за учество на децата на натпреварите. За да се реализира сето ова во буџетот и програмата за глобално планирани активности под ставката за поддршка на талентирани деца се предвидуваат финансиски средства кои се потребни за набавка на спортски реквизити и опрема, музички инструменти, учебници и помагала, одржување на семинари, обуки, полагања на различни спортови, учество на натпревари, превоз, џепарлак за патувања во странство итн.

Се формира и рецитаторско-драмска група, која што еднаш неделно се собира, притоа се одбираат соодветни рецитали и текстови за рецитирање, со цел децата кои покажуваат посебен интерес во оваа област да се усовршуваат и да имаат спремни рецитали за потребите на приредбите кои се организираат во селото. Не може да се занемари ниту организацијата на креативни работилници, на кои што децата изработуваат предмети кои подоцна се користат за детската недела, 8-ми март и за некои други значајни денови и манифестации.

Во *програмата за деца кои се во периодот на пубертет* има поставено две главни цели и тоа: поддршка на СОС мајките да се справат со децата кои се во

пубертет и поддршка на децата кои се во пубертет. За да се поддржат СОС мајките да се справат со децата кои се во пубертет, еднаш годишно се одржуваат работилници на кои ќе се дадат насоки на СОС мајките, СОС тетките и семејните помошнички како успешно да го пребродат периодот на децата во пубертет. Предавањата на овие работилници се всушност на теми и области кои ги засегаат мајките, па така главни теми на кои се работи се: справување со детскиот инает кој често се јавува во тој период, промискуитет-градење на морал, непочитување на авторитети, структурирање на слободното време, физичка активност преку вклучување на работа во селото, поактивно вклучување во домот преку извршување на домашни обврски, како и активно вклучување на децата во спортски активности.

Во однос на поддршката на децата кои се наоѓаат во периодот на пубертет, се одржуваат работилници со стручни лица за темите кои се најчесто чувствителни за децата во овој период и тоа: променливо расположение, сексуални нагони, сексуално преносливи болести, незадоволство од својот физички изглед, намалена самодоверба итн.

Најголемо внимание секако се посветува на *децата кои имаат проблеми со учењето*. Во програмата за овие деца е предвидено промовирање на менторство меѓу децата, ангажирање на волонтери во сите СОС семејни куќи, индивидуална и групна едукативна поддршка од страна на педагозите во селото и работилници за СОС мајките, тетките и семејните помошнички, при што на тие работилници тие ќе можат да разменуваат искуства, ќе можат да се детектираат проблемите со кои СОС мајките се соочуваат при учењето со нивните деца, но и да се разгледаат начините и можностите за нивна поддршка. Последниов предлог вклучува и дополнителни состаноци помеѓу СОС мајките и педагозите на теми кои се поврзани со методите и техниките на учење, а се посочени од страна на СОС мајките.

Сите горенаведени предлози стојат и во програмата наменета *за децата со проблематично однесување.*

Од престојот во СОС Детското село, како и од истражувањето кое што го спроведовме, може да се заклучи дека поставените цели од сите програми успешно

се реализираат. Тоа го потврдуваат и самите педагози, но сепак најзначаен индикатор за тоа колку поставените цели се реализираат се индивидуалните развојни планови (ИРП) на децата. Имено, педагогот ја организира изработката и следењето на ИРП за СОС семејствата за кои тој е советник. Еднаш во месецот ја проверува реализацијата на активностите според ИРП, дава предлог за промена на планот пред стручниот тим, доколку има потреба, во писмена форма, а еднаш во три месеци го следи ИРП заедно со СОС мајката и детето. За оние семејства за кои тој не е советник, за тоа дали и како се реализираат ИРП, добива информации од неговите колеги, кои се јавуваат во улога на советници на конкретната куќа.

Преку интервјуто што го реализиравме со трите споменати страни, можевме да забележиме дека неговиот делокруг на работа е доста обемен.

Да започнеме со достапноста на педагогот која е и повеќе од евидентна. Тоа го потврдуваат и мајките и децата. Тој секогаш им стои на располагање и со него соработуваат доста често, а најчесто на иницијатива на оној кој има потреба од помош. Знаат дека можат да го најдат секогаш кога им треба нешто и дека тој секогаш одговара на нивните потреби. Тој е достапен не само во рамки на работното време, туку и по завршувањето на истото, особено ако се работи за некои итни ситуации.

Негова најзначајна работа е секако педагошката дејност што ја остварува согласно индивидуалните потреби на децата. Тоа го реализира во соработка пред се со СОС мајката, но и со сите надлежни лица во оваа област. Истата ја реализираат директно, преку нивно директно учество и поддршка, но и индиректно преку волонтери. Тоа може да биде индивидуална или групна работа, во зависност од потребата и можностите на децата. Работат доста често индивидуално со децата, но исто така организираат и работилници. Не може да се занемари и фактот дека остварува соработка со СОС мајките во однос на педагошката дејност со децата. Нивната помош е заемна, односно тие му помагаат не само во утврдување на индивидуалните потреби на децата, туку и тој нив им помага со самото тоа што ја презема, многу често улогата на едукатор, но и советодавно во однос на тоа што мајката треба да преземе во одреден случај.

Во однос на тоа каков вид едукативната помош им укажува педагогот на децата, може да се каже дека тоа најчесто е помош при учењето, помош во совладувањето на одредена содржина, материјал, објаснување нејасни задачи, пишување домашни задачи заеднички со децата, превод и толкување, доколку се работи за англиски јазик, и со оглед на тоа дека децата не располагаат со интернет во своите куќи, најчесто им помага на тој начин што им бара и печати работни материјали потребни за во училиште, по различни предмети.

Соработката помеѓу педагогот и СОС мајките, не само што е потребна, туку е и неопходна во еден ваков сложен процес на воспитание на децата без родители и родителска грижа. Од интервјуата кои ги реализиравме, можевме да забележиме дека СОС мајките и педагогот функционираат како најдобри пријатели. Кога ги запрашавме мајките што тие мислат за педагогот, им недостасуваа зборови со кои можат да го опишат нивниот меѓусебен однос. Тие воопшто не го доживуваат како надреден, туку како пријател на кој можат да му се јават и да го прашаат било што, во било кое време и на било кое место. Не мора тоа да биде некој состанок, туку може тоа да биде и во дворот на селото, не мора да биде нешто поврзано со работата околу децата, туку прашања кои се однесуваат на нив лично. Поддршката што тие ја добиваат од педагогот е огромна. Нивната соработка најчесто се реализира преку разговор, советодавно, но не се исклучени и работилниците кои ги реализираат со цел подобро запознавање на мајките со она што е надлежност на педагозите, односно со она за што тие се стручни. Мајките имаат голема поддршка од педагогот, најчесто советодавна, не само во однос на едукацијата на децата, туку и во однос на воспитанието на децата.

Децата се презадоволни од начинот на кој педагогот работи со нив во однос на училишните проблеми и потешкотии. Имаат близок и пријателски однос, што може да се забележи и со самото тоа што се чувствуваат слободни да му се јават сами и да се договорат со него кога може да работат заедно на било која проблематика во училиште. Помош добиваат веднаш. Децата се свесни дека педагогот им помага со тоа што бара од нив да го научат она што им е потребно за да решат одредена задача или да напишат домашно, и велат дека тој не им ги

решава задачите, туку тој ги поттикнува тие сами да ги решат, според нив тоа е вистинската помош, во спротивно не им помага.

Слободното време на децата е подрачје каде сигурно доаѓа до израз учеството на педагогот. Тој е задолжен за вклучување на децата во сите слободни активности, без разлика дали се реализраат во рамки на селото или надвор од него. Децата знаат дека кај него треба да се обратат ако им треба нешто, или да кажат на мајките, па тие да го известат педагогот. Но, запишувањето на децата, следењето на нивната редовност и учество, како и решавање на сите проблеми поврзани со слободното време на децата се негова одговорност.

Област во која педагогот можеби најмалку е вклучен се воннаставните активности. Тоа ќе го посочи и тој самиот, мајките ќе кажат дека тој знае кое дете каде учествува, односно дека го следи сето тоа, а децата сметаат дека тој нема никаква врска со тоа, дека тоа се активности органзирани и реалзирани од страна на училиштето. Во тоа нема многу да погрешат. Тоа навистина се активности организирани и реализирани од страна на училиштето, улогата на педагогот тука е мала, односно тој го следи тоа или евентуално ги информира децата доколку не се запознаени со тоа што се нуди во училиштето.

Педагогот остварува контакти со професионални лица однадвор за одредени области за кои тој не е компетентен. На пример, соработува со ликовен уметник за реализација на групната ликовна работилница, потоа со професор по англиски јазик за потребите на децата од овој предмет, со одредени музичари доколку децата сакаат да научат да свират одреден инструмент. Но, сето ова е во функција на слободните активности на децата. Во вклучувањето на децата во воннаставните активности тој некоја поголема улога нема.

Повеќе од јасно е дека педагогот не може и не треба да работи изолирано од останатите членови на стручниот тим. Впрочем неговата работа бара мултидисциплинарен пристап, а тоа пак ја наметнува потребата од соработка со неговите колеги во однос на многу прашања. Споменавме дека секој член од стручниот тим се јавува во улога на советник на куќи, така што педагогот за оние деца кои се сместени во куќи каде што тој не е советник, информации за тие деца, за таа куќа, па и за животот воопшто во таа куќа, добива од советниците на

конкретната куќа, односно од останатите стручни соработници. Самите педагози истакнуваат дека оваа работа не можат да ја знаат целосно, дека учат секој ден, но и дека доколку не умеат одреден проблем да го решат самостојно тогаш бараат помош од психологот и социјалниот работник, исто како што и самите педагози им стојат на располагање на своите колеги доколку тие имаат потреба од нивното стручно мислење или било каква друга помош за кои што тие се надлежни, компетентни и стручни. Нивната соработка е особено значајна кога се одлучува кои деца ќе бидат примени во селото, кога тимски се заклучува во однос на некое прашање кое бара подетална анализа и конечно, кога се реализираат плановите, услугите и мерките.

Без тенденции да ја оценуваме работата на педагогот, бидејќи во овој труд само ја проучуваме истата, не можеме да го занемариме заклучокот до кој дојдовме на крајот од истражувањето, а тоа е дека и покрај комплексноста на работата, тој доста успешно се снаоѓа и ја реалзира истата.

Резултатите од направената анализа на спроведеното истражување укажуваат на фактот дека за да се работи со деца, треба љубов, но да се работи успешно со деца во ризик, треба многу енергија, знаење, напор, стручност, посветеност и компетентност, но и многу време поминато, непосредно во работа со децата. Тоа кај педагогот во СОС Детско село, воопшто не е дискутабилно. Тоа го потврдуваат размислувањата на СОС мајките и на децата, а на тоа укажува и статусот што тој го ужива и кај СОС мајките и кај децата. Не постои СОС мајка, ниту дете во селото кое има негативни забелешки или критики на неговата работа. Нивната желба да поминуваат што е можно повеќе време со педагогот, како и фактот дека не би менувале ништо во нивниот меѓусебен однос е најголем индикатор за квалитетот на неговата работа.

Она што остава посебен впечаток е секако исклучително позитивната клима и позитивните односи кои што постојат како на релација педагог-деца, педагог-СОС мајки, така и помеѓу самите деца и меѓу СОС мајките. Претпоставуваме дека за ваквата општа клима допринесуваат не само достигнатото ниво на условите за сместување на децата, туку и поттикнувањето, преку разни формални и неформални облици, на духот на меѓусебното уважување и доверба, негувањето на

дијалогот и толеранцијата на сите нивоа и низ сите активности, уважување на принципот на најдобар интерес на детето и нивна партиципација. Педагозите се сметаат за доволно компетентни да се прилагодат на вкупната ситуација, а евентуалните потешкотии и препреки рационално ги согледуваат и наоѓаат конструктивни решенија. Понекогаш извршувањето на административните обврски (пишувањето годишни извештаи, листи за следење на секое дете, индивидуални дневници, месечни планови, разни статистики) ги оневозможува педагозите да поминуваат повеќе време со децата, односно да поминуваат повеќе време во непосредната работа со нив.

Но, и покрај сето ова, педагозите изјавуваат дека се задоволни од работата која ја извршуваат, и дека истата не би ја менувале за друга. Ова пак, упатува на фактот дека станува збор за посветени професионалци, а во прилог на тоа е и ставот за едукацијата. Имено, и покрај тоа што до сега педагозите поминале многу работни обуки и соодветна едукација во функција на работата која ја извршуваат и кои ги применуваат максимално во својата работа, тие и понатаму ја истакнуваат потребата за перманентно стручно усовршување во согласност со современите трендови и иновации во областа на социјалната заштита.

Она во што на крајот можеме да се согласиме е дека во иднина треба да се продолжи со праксата на континуирана едукација на целиот стручен тим, особено на педагозите во целта да се стекнуваат дополнителни знаења и вештини во согласност со потребите и структурата на децата и младите, да се унапредуваат условите за работа и живот на целокупниот персонал со зголемување на нивните заработувања и други стимулативни мерки, да се негува и понатаму клима на меѓусебна толеранција, како исклучителна вредност и остварен домет, да се поедностават административните обврски на педагозите за да се обезбеди повеќе време за непосредна работа со децата, но и да се поттикнува соработка со исти или слични институции заради размена на меѓусебните искуства и пракса.

# Прилози

## Протокол на интервју со педагогот

- Возраст_______________________________________________
- Образование_______________________________________________
- Работно искуство во СОС Детското село___________________________
- Поминати обуки_______________________________________________

1. Наведете кои се Вашите подрачја на работа!

_______________________________________________________________

2. Дали реализирате педагошка работа согласно индивидуалните потреби на децата?

_______________________________________________________________

3. Како ги идентификувате индивидуалните потреби на децата?

_______________________________________________________________

4. Како ја реализирате педагошката работа согласно индивидуалните потреби на децата?

_______________________________________________________________

5. Со какви потешкотии се соочувате во реализацијата на истата?

_______________________________________________________________

6. Дали сте секогаш достапни за СОС мајките?

_______________________________________________________________

7. Какви форми на соработка остварувате со СОС мајките?

_______________________________________________________________

8. Колку често остварувате средби со нив?

______________________________________________

9. На чија иницијатива се Вашите средби со мајките?

______________________________________________

10. Каков вид на поддршка добиваат мајките од Вас?

______________________________________________

11. Со какви проблеми и потешкотии се соочувате во работата со СОС мајките?

______________________________________________

12. Дали сте секогаш достапни за децата?

______________________________________________

13. Какви форми на соработка остварувате со нив?

______________________________________________

14. Колку често соработувате со децата?

______________________________________________

15. На чија иницијатива се Вашите средби со децата?

______________________________________________

16. Со какви проблеми се соочуваат децата на училиште?

______________________________________________

17. Како ги утврдувате нивните проблеми на училиште?

______________________________________________

18. Како работите со тие деца кои имаат училишни проблеми?

______________________________________________

19. Каков вид едукативна помош им давате на децата?

______________________________________________

20. Со какви потешкотии се соочувате во работата со децата кои имаат проблеми на училиште?

______________________________________________

21. Со какви проблеми се соочуваат децата надвор од училиште?

_______________________________________________

22. На кој начин ги утврдувате воспитните проблеми на децата?

_______________________________________________

23. Како работите со овие деца?

_______________________________________________

24. Во што се состои Вашата улога?

_______________________________________________

25. Со какви проблеми се соочувате во овој вид на работа?

_______________________________________________

26. Дали учествувате во организирањето на слободното време на децата?

_______________________________________________

27. Каква е Вашата улога во организирањето на слободното време на децата?

_______________________________________________

28. Како ги утврдувате нивните желби и интереси?

_______________________________________________

29. Со кои потешкотии се соочувате во организацијата на слободното време кај децата?

_______________________________________________

30. Во кои воннаставни активности се вклучени децата?

_______________________________________________

31. Каков вид соработка остварувате со училиштата заради вклучување на децата во воннаставни активности?

_______________________________________________

32. Со какви потешкотии се соочувате во овој дел од работата?

_______________________________________________

33. Направете самопроценка за позитивните ефекти од Вашата работа!

____________________________________________________________

34. Со кои потешкотии, генерално гледано, се соочувате во Вашата секојдневна работа?

____________________________________________________________

35. Доколку имате можност што би промениле и на кои други начини би ја организирале Вашата работа заради нејзино унапредување?

____________________________________________________________

## ***Протокол на интервју со СОС мајките***

- Возраст_______________________________________________
- Образование___________________________________________
- Работно искуство во СОС Детско село_____________________
- Поминати обуки_________________________________________

1. Дали педагогот Ви е достапен секогаш?

   ______________________________________________________

2. Како го оценувате Вашиот однос со педагогот?

   ______________________________________________________

3. Наведете ги формите на соработка што ги остварувате со педагогот!

   ______________________________________________________

4. Колку често остварувате средби со него?

   ______________________________________________________

5. На чија иницијатива се вашите средби?

   ______________________________________________________

6. Со какви проблеми најчесто се соочуваат децата на училиште?

   ______________________________________________________

7. Со кого работат децата кога имаат проблеми во учењето?

   ______________________________________________________

8. Каков вид едукативна помош добиваат децата од педагогот?

   ______________________________________________________

9. Дали педагогот соработува со Вас во однос на едукативната помош на децата?

   ______________________________________________________

10. На кој начин соработувате со педагогот во однос на едукативната помош?

    ______________________________________________________

11. Со какви проблеми се соочуваат децата надвор од училиштето?

____________________________________________________________

12. Кому се обраќаат за помош?

____________________________________________________________

13. Како работите со децата кои имаат воспитни проблеми?

____________________________________________________________

14. Дали педагогот работи со тие деца?

____________________________________________________________

15. Како работи педагогот со децата кои имаат било каков проблем што не е поврзан со училиштето?

____________________________________________________________

16. Дали остварувате соработка со педагогот во однос на воспитанието на децата?

____________________________________________________________

17. Наведете ги формите на соработка што ги остварувате со педагогот во однос на воспитанието на децата!

____________________________________________________________

18. Со какви потешкотии се соочувате во воспитанието на децата?

____________________________________________________________

19. На кој начин Ви помага педагогот во насока на подобро воспитание на децата?

____________________________________________________________

20. Што прават децата во слободното време?

____________________________________________________________

21. Што мислите, дали педагогот учествува во организацијата на слободното време?

____________________________________________________________

22. Како педагогот го организира слободното време на децата?

____________________________________________________________

23. Дали педагогот соработува со Вас во однос на организацијата на слободното време на децата?

24. На кој начин соработува педагогот со Вас во однос на организацијата на слободното време на децата?

25. Во кои воннаставни активности се вклучени децата?

26. Според Вас, дали педагогот има било каква улога во вклучувањето на децата во воннаставните активности?

27. Ако има, која е неговата улога во однос на ова прашање?

28. Дали педагогот соработува со Вас во однос на вклучувањето на децата во воннаставните активности?

29. На кој начин соработувате?

30. Каква вид поддршка добивате од педагогот?

31. Дали нешто Ви недостига во заедничката работа со педагогот?

32. Кога би имале можност, што би промениле во односот со педагогот?

## *Протокол на интервју со децата*

- Возраст________________________________________
- Одделение______________________________________
- Националност____________________________________
- Пол____________________________________________
- Колку време си сместен/а во СОС Детското село?________________

1. Дали педагогот ти е достапен секогаш, односно можеш ли да се видиш со него кога сакаш?

   ________________________________________________

2. Што мислиш за педагозите? Како ги доживуваш?

   ________________________________________________

3. Колку често се гледате со педагогот?

   ________________________________________________

4. Во кои ситуации ти помага педагогот?

   ________________________________________________

5. Дали ти го бараш педагогот или тој те бара тебе?

   ________________________________________________

6. Што најчесто работите заедно?

   ________________________________________________

7. Какви потешкотии имаш најчесто на училиште?

   ________________________________________________

8. Од кого бараш помош тогаш?

   ________________________________________________

9. Дали педагогот ти помага кога имаш било какви проблеми поврзани со учењето и училиштето?

   ________________________________________________

10. На кој начин ти помага?

______________________________________________________________

11. Како работите со педагогот?

______________________________________________________________

12. Што сакаш да биде поинаку кога работиш со педагогот на училишните проблеми ?

______________________________________________________________

13. Дали се соочуваш со потешкотии надвор од училиштето?

______________________________________________________________

14. Ако да, какви потешкотии имаш надвор од училиштето?

______________________________________________________________

15. Од кого бараш помош кога имаш било каков друг проблем кој не е поврзан со учењето?

______________________________________________________________

16. Дали педагогот ти помага тогаш?

______________________________________________________________

17. На кој начин ти помага?

______________________________________________________________

18. Што сакаш да биде поинаку кога работиш со педагогот во врска со проблемите надвор од училиштето?

______________________________________________________________

19. Што правиш вообичаено во слободното време?

______________________________________________________________

20. Кој ти го организира слободното време?

______________________________________________________________

21. Дали педагогот учествува во организацијата на слободното време?

______________________________________________________________

22. Како, што прави тој за да ви ги организира слободните активности?

______________________________________________

23. Што сакаш да биде поинаку кога се работи за слободното време и активностите во кои си вклучен/а?

______________________________________________

24. Освен на часови, дали посетуваш некоја друга активност, одиш во некоја секција на училиште?

______________________________________________

25. Дали педагогот учествува во тоа?

______________________________________________

26. Дали ти помага на некој начин?

______________________________________________

27. Ако да, на кој начин?

______________________________________________

28. Дали си задоволен/а од тоа како работите заеднички со педагогот?

______________________________________________

29. Што би сакал/а уште да работиш воопшто со педагогот?

______________________________________________

30. Што ти недостига во вашето заедничко работење?

______________________________________________

# *Протокол за систематско набљудување*

- Активност која ќе се набљудува__________________________________________
- Простор (детален опис) во кој ќе се изведува набљудуваната активност_______
- Време (кога и колку трае активноста што се набљудува)____________________

- **Начинот на кој педагогот ја организира работата**

✓ ***Форми на работа***

-фронтална

-индивидуална

-групна

-тандемска

✓ ***Методи на работа***

-метод на усно излагање

-метод на разговор

- метод на работа на текст

- метод на демонстрација

-метод на практична и лабораториска работа

✓ ***Материјали и средства за работа***

- **Интерперсонални односи во групата и комуникацијата меѓу субјектите**

➢ ***Комуникација***

-еднонасочна/двонасочна

-автократска/демократска

- ***Односот помеѓу педагогот и децата***

-директивен (моќ, доминација, притисок, критика, монолог)

-недирективен (рамноправност, соработка, водење, храбрење, признание)

- ***Односот помеѓу децата***

    - соработуваат/не соработуваат
    - пријателски расположени/непријателски расположени
    - рамноправни/доминантни
    - егоцентрични/емпатични
    - се почитуваат/не се почитуваат
    - комуницираат/не комуницираат

- **<u>Педагог</u>**

љубезен, весел, природен, расположен, смисла за хумор, охрабрува, поставува прашања, предава, дава упатства, критикува, започнува дискусија, ги прифаќа идеите и ставовите на децата, доминантен е во работата, дава пофалби, казнува

- **<u>Деца</u>**

- ✓ слободни во изразувањето
- ✓ даваат иницијатива
- ✓ слушаат внимателно
- ✓ даваат идеи
- ✓ расположени
- ✓ јасно ги изразуваат своите ставови
- ✓ поставуваат прашања
- ✓ покажуваат интерес
- ✓ мотивирани се за работа
- ✓ учествуваат во дискусија
- ✓ активни се
- ✓ се плашат
- ✓ збунети се
- ✓ молчат
- ✓ чувствуваат стравопочит

## *Користена литература:*


1. Ангелоска- Галевска Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро
2. Ангелоска – Галевска Н. (2003), *Методологија на педагошките истражувања* ( интерен материјал), Скопје
3. Alternative forms of care for children without parental care: prospects, challenges and opportunities in developing community based strategies in India- Overview of the debate on children without parental care and possible models of care
4. Bratanic, M. (1990), *Mikropedagogija (interakcisko-komunikaciski aspect odgoja)*, Zagreb: Skolska knjiga
5. Георгиевска В. (2006), *Национален концепт на СОС грижа за млади,* Скопје: Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија
6. Gleman, D. (1977), *Emocionalna intelegencija,* Geopoetika: Beograd
7. Група автори (1998) (редактор Петроска, Б.), *Социологија,* Скопје: НИП Студентски збор
8. EUROCHILD ,*Children in alternative care* , National Surveys-2nd Edition January 2010
9. *Енциклопедиски речник педагогије* (1963) Загреб: Матица Хрватска
10. *Institucionalna socijalna zastita i ljudska bezbednost*, (2009), Helsinshki odbor za ljudska prava u Srbija, Beograd
11. Котева-Мојсовска, Т. (2006), *Семејното воспитание и социјалното однесување на децата,* Скопје: Академски печат
12. Lekic, Dj. (1979), *Medodologija pedagoskog istrazivanja i stvaralastva*, Sarajevo: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
13. Medic, S. i dr. (1997), *Skola za roditelje*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju

14. Medic, S. (1998), *Koncepcije i model za brak, porodicu i roditeljstvo*, Zbornik: Istrazivanja u pedagogiji i andragogiji, Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta:Beograd
15. Mladenovic, M. (1973), *Drustvena zastita porodice i deca*, Beograd: IP Rad
16. Muzic, V. (1986), *Metodologija pedagoskog istrazivanja i stvaralastva,* Sarajevo: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
17. *Pedagoska enciklopedija I* (1989) (red. Potkonjak, N. i Simlesa, P.), Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
18. *Pedagoska enciklopedija II* (1989) (red. Potkonjak, N. i Simlesa, P.), Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
19. *Pedagoski leksikon* (1996) (ed. Pijanovic, P.) Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
20. Петровска, С. (2010), *Училишна педагогија и училишна организација*, Штип: Педагошки факултет
21. Pecnik, N. i dr. (1993), *Nenasilno resavanje sukoba*, Zagreb: Alinea
22. Ралева, М., Бошкова, М. (2001), *Растеме заедно- прирачник за подршка на психичкиот развој и превенција на злоупотребата на децата од предучилишна возраст*, Скопје
23. Rot, N. (1989), *Osnove socijalne psihologije*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
24. *Семејна педагогија,* (интерен материјал), Скопје
25. СОС Киндердорф Интернационал, (2004), *Прирачник за работа на СОС Детско село,* Скопје: Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија
26. SOS Children's villages, *Guidelines for the alternative care of children* (A United Nations Framework)
27. SOS Kinderdorf International, *Family-based child care –The vision end experience of SOS Children villages,* 2008
28. SOS-Kinderdorf International, (2008), *Every child has a right to a family*, SOS Children's Villages Organisation: Innsbruck, Austria

29. SOS Kinderdorf International, (2005), *How to quide our SOS children to autonomous and independent lives*, SOS Chlidren's Villages Organisation: Innsbruck, Austria

30. SOS Kinderdorf International, (2002*), Quality 4 Children Standards for out of home child care in Europe*, SOS Children's Villages Organisation: Innsbruck, Austria

31. Стефановски, С. (1995) „ Потреси во семејството и децата", *Семејството и воспитувањето на детето,* Скопје: Академски печат

32. Стручно-методолошки упатства и прирачници, (2007), ЈУ Завод за социјална дејност, Скопје: САК-СТИЛ

33. Трајковски, Д. (1998), *Семејството во системот на социјалната заштита во РМ*, Скопје: Менора

34. Trygged, S. (ed), *Moving away from residential care*: Stockholms universitet

35. Unite for children, (2006), *Alternative Care for children without primary caregivers in Tsunami-affected countries*, Unicef

36. Фром, Е. (2006), *Уметноста на љубовта*, Скопје: ТНИД Ѓурѓа

37. Закон за семејство (1992), Службен весник на РМ, бр.80/92

38. Закон за социјална заштита (1997) Службен весник на РМ, бр. 50/97

39. Zavirsek, D. (2004), "*Surviving Ethnicity and Disability – Minority Children in public care*"

40. Zvonarevic, M. (1985), *Socijalna psihologija*, Skolska knjiga: Zagreb

41. www.childrenslegalcentre.com

42. www.crin.org

43. www.dusama.on.neobee.net

44. www.dw-world.de

45. www.eurochild.org

46. www.helsinki.org.rs

47. www.iss-ssi.org.
48. www.nacac.org
49. www.portsmouth.gov.uk
50. www.sos-australia.com.au
51. www.sos-kinderdorf.at
52. www.sos-usa.org
53. www.soschildrensvillages.org.uk
54. www.sos-shildrensvillages.org
55. www.sos.org.mk
56. www.stat.gov.mk
57. www.undp.org.mk
58. www.vecer.com.mk